# -قاموس الكبائر -المجموعة الأولى

# (للحرمين والجمعية)

# Речник на големите гревови

## Речник на големите гревови

Научниот сектор при Здружението за презентација на исламската содржина на различни јазици

## Речник на големи гревови

Научниот сектор при Здружението за презентација на исламската содржина на различни јазици

Во името на Аллах, Семилосниот, Милостивиот

## Вовед

Благодарноста му припаѓа на Аллах, Кој ги упати Своите робови кон Неговиот прав пат, и направи богобојазливоста непробојна тврдина од Неговата болна казна. Аллаховиот благослов и мир нека се врз нашиот пратеник Мухамед, врз неговото семејство и сите негови другари асхаби. А потоа:

Навистина, меѓу највозвишените работи кои носат смиреност на срцето и спокој во душата е размислувањето за возвишените исламски учења и придржувањето кон Аллаховите наредби и чувањето од Неговите забрани, особено во поглед на големите гревови на кои Аллах предупредил во Неговата јасна Книга, и за кои предупредил Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во автентичниот

Сунет; поради нивната голема опасност и влијание врз поединецот и заедницата. Возвишениот Аллах вели:

﴿وَلِلَّهِ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلْأَرْضِ لِيَجْزِيَ ٱلَّذِينَ أَسَٰٓـُٔواْ بِمَا عَمِلُواْ وَيَجْزِيَ ٱلَّذِينَ أَحْسَنُواْ بِٱلْحُسْنَى 31 ٱلَّذِينَ يَجْتَنِبُونَ كَبَٰٓئِرَ ٱلْإِثْمِ وَٱلْفَوَٰحِشَ إِلَّا ٱللَّمَمَۚ إِنَّ رَبَّكَ وَٰسِعُ ٱلْمَغْفِرَةِ...﴾

„Аллахово е сè што е на небесата и на Земјата – за, според тоа што го правеле, да ги казни тие што прават зло, а со најубава награда да ги награди тие што прават добро,

тие што ги избегнуваат големите гревови и развратот, а на послушните Тој ќе им прости бидејќи Господарот твој, навистина, многу простува.“ (Ен Нецм, 31-32)

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«اجْتَنِبُوا السَّبْعَ المُوبِقَاتِ».

„Избегнувајте ги седумте гревови кои предизвикуваат пропаст.“[1]

Големите гревови ги опфаќаат сите тешки престапи - било кон Аллах, било кон Неговите робови. Праведниот Шеријат е објавен за да предупреди на нив и да ги разјасни нивните тешки последици и на овој и на идниот свет.

Аллаховата безгранична милост ја отворил вратата на покајанието за секој што се покајал и се вратил. Семоќниот вели:

[1] Го бележат Бухари, бр. (2766), и Муслим, бр. (89).

﴿وَإِنِّي لَغَفَّارٌ لِّمَن تَابَ وَءَامَنَ وَعَمِلَ صَٰلِحًا...﴾

„Јас сигурно ќе му простам на тој што ќе се покае и ќе поверува, и добри дела ќе прави....“ (Та Ха, 82)

Затоа, оваа книга е напишана за да ја разјасни суштината на големиот грев и неговите последици, потпирајќи се на текстовите од Куранот и Сунетот, воедно и да го појасни патот на покајанието и спасот од него.

Ова дело го подготви Научниот совет при Здружението за обработка на исламската содржина на различни јазици во соработка со Советодавното и мисионерското здружение во Рабва, водени од желбата да го распространат ова вредно знаење, притоа водејќи сметка за неговата соодветност за превод на јазици на оние што не зборуваат арапски, и од уверување за важноста на пренесувањето на пораката на исламот до сите луѓе.

Го молиме Возвишениот Аллах да го запише овој труд како едно од добрите дела, да биде на страната на добрите дела на вагата на Судниот ден и да го направи корисен за сите луѓе.

Аллаховиот благослов и мир нека бидат врз нашиот веровесник Мухамед.

## Вовед

Благодарноста му припаѓа на Аллах, Господарот на световите. Аллаховиот

благослов и мир нека се врз нашиот пратеник Мухамед, врз неговото семејство и сите негови другари, асхаби. А потоа велиме:

Изворот на сето зло во светот се гревовите. Тие се причина за секој срам, понижување, пропаст, губиток и уништување. Поради гревот, Адем и неговото потомство беа спуштени од Џенетот, поради непослушноста кон Аллах, народот на Нух беше уништен со потоп, поради гревовите и негирањето на пратениците на нивниот Господар, Аллах го испрати ветрот врз народот Ад и страшниот крик врз Семуд. Гревовите се причина за секоја неволја и извор на секоја несреќа. Ова се однесува на сите гревови, но последиците на големите гревови се уште поголеми.

## Дефиниција на голем и мал грев:

Големиот грев е секој грев за кој е наведена закана, проклетство или шеријатска казна со јасен текст од Аллаховата Книга или од Сунетот на Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем; или за кој е познато дека неговата штета е еднаква на штетата на оној грев за кој е спомната закана, проклетство или казна - или е дури и поголема; или, пак, грев што укажува на рамнодушност и небрижност на сторителот кон неговата вера.

Според тоа, мал грев е секој грев што не спаѓа во претходната дефиниција на голем грев. Тоа е грев за кој не е најавена казна, ниту е поврзан со шеријатска казна, проклетство или закана, и кој не укажува на рамнодушноста и небрижноста на сторителот кон верските прописи.

## Разликата помеѓу големите и малите гревови:

1. Големиот грев е оној со кој е поврзана закана, шеријатска казна, проклетство или слично; додека мал грев е оној со кој не е поврзано ништо од тоа.

2. Големиот грев укажува на потценување на шеријатските прописи од страна на сторителот, додека малиот грев не укажува на тоа.

3. За големите гревови е потребно покајание за да бидат искупени, додека малите гревови се искупуваат со покајание, со избегнување на големите гревови, со несреќите што го снаоѓаат човекот, или со добрите дела.

Возвишениот Аллах вели:

﴿إِن تَجۡتَنِبُواْ كَبَآئِرَ مَا تُنۡهَوۡنَ عَنۡهُ نُكَفِّرۡ عَنكُمۡ سَيِّـَٔاتِكُمۡ وَنُدۡخِلۡكُم مُّدۡخَلٗا كَرِيمٗا 31﴾

„Ако ги избегнувате големите гревови кои ви се забранети, Ние ќе ги покриеме вашите лоши дела и ќе ве воведеме во прекрасно место!“ (Ен Ниса, 31) Возвишениот исто така вели:

﴿وَأَقِمِ ٱلصَّلَوٰةَ طَرَفَيِ ٱلنَّهَارِ وَزُلَفًا مِّنَ ٱلَّيۡلِۚ إِنَّ ٱلۡحَسَنَٰتِ يُذۡهِبۡنَ ٱلسَّيِّـَٔاتِۚ ذَٰلِكَ ذِكۡرَىٰ لِلذَّٰكِرِينَ 114﴾

„И извршувај го намазот (молитвата) на почетокот и на крајот на денот, и во првите часови на ноќта! Добрите дела навистина ги поништуваат лошите. Тоа е поука за тие што сакаат поука.“ (Худ, 114)

Од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَا مِنْ مُصِيبَةٍ تُصِيبُ المُسْلِمَ إِلَّا كَفَّرَ اللهُ بِهَا عَنْهُ، حَتَّى الشَّوْكَةِ يُشَاكُهَا».

„Нема неволја која ќе го погоди муслиманот, дури и трнот со кој ќе се боцне, а Аллах со тоа да не му ги прости гревовите.“[1]

И од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«الصَّلَوَاتُ الخَمْسُ، وَالجُمُعَةُ إِلَى الجُمُعَةِ، وَرَمَضَانُ إِلَى رَمَضَانَ، مُكَفِّرَاتٌ مَا بَيْنَهُنَّ إِذَا اجْتُنِبَ الكَبَائِرُ».

„Петте дневни намази, од џума до следната џума и од рамазан до следниот рамазан, ги бришат гревовите што се направени меѓу нив, доколку се избегнуваат големите гревови.“[2]

[1] Го бележат Бухари, бр. (5649), и Муслим, бр. (2572).
[2] Го бележи Муслим, бр. (233).

## Верските и овоземните опасности и штети од големите гревови:

Правењето на големите гревови доведува до многубројни опасности и штети на овој и на оној свет, меѓу кои се:

- Големите гревови го изложуваат нивниот сторител на закана дека нема да влезе во Џенет. Од Џубејр бин Мут‘им, радијаллаху анху, се пренесува, дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ قَاطِعٌ».

„Нема да влезе во Џенет оној кој ги кине роднинските врски.“[1] Односно: оној кој ги прекинува роднинските врски.

Хузејфе, радијаллаху анху, рекол: Го слушнав Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ قَتَّاتٌ».

„Нема да влезе во џенет ‚катат'.“[2]. Катат е оној што пренесува туѓ говор со цел да предизвика раздор.

- Некои од нив се причина за казна во гробот. Ибн Абас, радијаллаху анхума, рекол:

مَرَّ النَّبِيُّ ﷺ بِقَبْرَيْنِ، فَقَالَ: «إِنَّهُمَا لَيُعَذَّبَانِ، وَمَا يُعَذَّبَانِ فِي كَبِيرٍ، أَمَّا أَحَدُهُمَا فَكَانَ لَا يَسْتَتِرُ مِنَ البَوْلِ، وَأَمَّا الآخَرُ فَكَانَ يَمْشِي بِالنَّمِيمَةِ».

[1] Го бележат Бухари, бр. (5984), и Муслим, бр. (2556).
[2] Го бележат Бухари, бр. (6056) и Муслим, бр. (105).

„Алаховиот Пратеник, алејхи селам, еднаш поминал покрај два гроба и рекол: ,Овие двајца се казнуваат, но не за нешто големо. Едниот се казнува затоа што не се чувал при уринирање, а другиот се казнува затоа што пренесувал туѓи зборови.'"[1]

- Тие се една од причините за една од најтешките казни на Ахирет. Аиша, радијаллаху анха, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«أَشَدُّ النَّاسِ عَذَابًا يَوْمَ القِيَامَةِ الَّذِينَ يُضَاهُونَ بِخَلْقِ اللهِ».

„Луѓето кои на Судниот ден ќе имаат најтешка казна се оние кои го имитираат создавањето на Аллах."[2] Имитираат: се обидуваат да наликуваат на Аллах, а се мисли на: тие што цртаат (вајаат) ликови на живи суштества.

- Тие се причина за проклетство од Аллах и Неговиот пратеник. Ибн Абас, радијаллаху анху, раскажува:

«لَعَنَ رَسُولُ اللهِ ﷺ المُتَشَبِّهِينَ مِنَ الرِّجَالِ بِالنِّسَاءِ، وَالمُتَشَبِّهَاتِ مِنَ النِّسَاءِ بِالرِّجَالِ».

„Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги проколнал мажите кои ги имитираат жените и жените кои ги имитираат мажите." 8][3]

[1] Го бележат Бухари, бр. (218), и Муслим, бр. (292).
[2] Го бележат Бухари, бр. (5954), и Муслим, бр. (2107).
[3] Го бележи Бухари, бр. (5885).

Исто така Абдулах бин Месуд, радијалаху анху, раскажува:

«لَعَنَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ آكِلَ الرِّبَا وَمُؤْكِلَهُ».

„Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го проколнал оној што дава камата и оној што зема“[1]

- Тие се една од причините за поништување и пропаѓање на делата. Бурејде, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ تَرَكَ صَلَاةَ الْعَصْرِ فَقَدْ حَبِطَ عَمَلُهُ».

„Кој ќе го пропушти икиндискиот намаз, делата веќе му пропаднаа.“[2]

- Тие водат до спрведување на шеријатските казни врз сторителот, доколку се работи за грев за кој е пропишана казна, како што Возвишениот Аллах вели:

﴿وَٱلسَّارِقُ وَٱلسَّارِقَةُ فَٱقْطَعُوٓاْ أَيْدِيَهُمَا جَزَآءَۢ بِمَا كَسَبَا نَكَٰلًا مِّنَ ٱللَّهِۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٌ 38﴾

„На крадецот и на крадачката отсечете им ги рацете нивни, тоа нека им биде казна за тоа што го сториле и опомена од Аллах! А Аллах е Силниот и Мудриот!“ (Ел Маиде, 38) Тој на друго место во Куранот, вели:

﴿ٱلزَّانِيَةُ وَٱلزَّانِي فَٱجْلِدُواْ كُلَّ وَٰحِدٖ مِّنْهُمَا مِاْئَةَ جَلْدَةٖ...﴾

---

[1] Го бележи Муслим, бр. (1597).
[2] Го бележи Бухари, бр. (553).

„Блудникот и блудничката искамшикувајте ги со сто удари, секој од нив.“ (Ен Нур, 2) Ајет:

﴿وَٱلَّذِينَ يَرۡمُونَ ٱلۡمُحۡصَنَٰتِ ثُمَّ لَمۡ يَأۡتُواْ بِأَرۡبَعَةِ شُهَدَآءَ فَٱجۡلِدُوهُمۡ ثَمَٰنِينَ جَلۡدَةٗ وَلَا تَقۡبَلُواْ لَهُمۡ شَهَٰدَةً أَبَدٗاۚ وَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡفَٰسِقُونَ 4﴾

„Тие што ќе обвинат чесни жени, а не го докажат тоа со четири сведоци, со осумдесет удари искамшикувајте ги и никогаш повеќе сведочењето нивно не примајте го; тоа се нечесни луѓе.“ (Ен Нур, 4)

- Тие се причина за исчезнување на благодатите и нивно менување, за што Возвишениот вели:

﴿ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ لَمۡ يَكُ مُغَيِّرٗا نِّعۡمَةً أَنۡعَمَهَا عَلَىٰ قَوۡمٍ حَتَّىٰ يُغَيِّرُواْ مَا بِأَنفُسِهِمۡ...﴾

„Тоа е затоа што Аллах нема да го лиши од благосостојба народот на кого Тој веќе им ја подарил, сè додека тој (народот) самиот не се промени.“ (Ел Енфал, 53)

Ес-Сади, рахимехуллах, рекол: „,Тоа' значи: казната со која Аллах ги погодил народите кои негирале и им ги одзел благодатите и уживањата, е поради нивните гревови и поради тоа што тие самите се промениле. Навистина, Аллах нема да ја промени благосостојбата што му ја подарил на некој народ, било да се тоа благодати на верата или на овој свет, туку Тој им ја остава и им ја зголемува доколку тие ја зголемат својата благодарност кон Него, ,сè додека тој (народот) самиот не се промени',

односно, додека не ја заменат послушноста со непослушност, негирајќи ги благодатите на Аллах и заменувајќи ги со неверување. Поради тоа, Тој им ги одзема и им ги менува, исто како што тие се промениле себеси. Во тоа е совршената мудрост, правда и добрина на Аллах кон Неговите робови, бидејќи Тој не ги казнува освен поради нивната сопствена неправда.“[1]

- Тие се причина за појавување на неред на Земјата; бидејќи нередот се појавува поради гревовите, а особено големите гревови. Возвишениот Аллах вели:

﴿ظَهَرَ ٱلۡفَسَادُ فِي ٱلۡبَرِّ وَٱلۡبَحۡرِ بِمَا كَسَبَتۡ أَيۡدِي ٱلنَّاسِ لِيُذِيقَهُم بَعۡضَ ٱلَّذِي عَمِلُواْ لَعَلَّهُمۡ يَرۡجِعُونَ 41﴾

„Поради тоа што луѓето го прават се појави метеж и на копното и на морето, за Тој да им даде да почувствуваат дел од казната поради тоа што го прават, за да се поправат.“ (Ер Рум, 41)

- Тие се една од причините за лишување од знаењето, бидејќи знаењето е светлина која Аллах ја става во срцето, а гревот ја гаси таа светлина, Кога во една прилика имамот еш-Шафи седнал пред Малик и му читал, бил воодушевен од неговата извонредна проникливост, блескавата интелигенција и

[1] Тефсир Ес-Сади, стр: 324.

совршеното разбирање, па рекол: „Навистина гледам дека Аллах спуштил светлина во твоето срце, па не ја гаси со темнината на гревот.“[1]

- Тие се една од причините што му ги отежнуваат работите на оној што ги врши. Кон што и да се насочи, ќе наиде на затворена врата или на тешкотија. Како што, на оној кој се плаши од Аллах, Аллах му ја олеснува работата - така и оној што ја запоставува богобојазливоста и прави големи гревови, Аллах му ја отежнува работата. Возвишениот вели:

﴿فَبِظُلۡمٖ مِّنَ ٱلَّذِينَ هَادُواْ حَرَّمۡنَا عَلَيۡهِمۡ طَيِّبَٰتٍ أُحِلَّتۡ لَهُمۡ وَبِصَدِّهِمۡ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ كَثِيرٗا 160 وَأَخۡذِهِمُ ٱلرِّبَوٰاْ وَقَدۡ نُهُواْ عَنۡهُ وَأَكۡلِهِمۡ أَمۡوَٰلَ ٱلنَّاسِ بِٱلۡبَٰطِلِۚ وَأَعۡتَدۡنَا لِلۡكَٰفِرِينَ مِنۡهُمۡ عَذَابًا أَلِيمٗا 161﴾

„И поради тешкото насилство на евреите, Ние некои убави јадења кои им беа дозволени им ги забранивме, и поради тоа што многумина од Аллаховиот пат одвраќаа.

И затоа што земаа камата, а им беше забранета, и затоа што туѓите имоти на недозволен начин ги трошеа. А за неверниците меѓу нив, Ние болна казна подготвивме!“ (Ен Ниса, 160-161).

- Тие предизвикуваат мрачнина во срцето на оној што го прави гревот, која тој ја чувствува исто како што ја чувствува темнината на ноќта.

---

[1] Види: Менакиб еш-Шафи‘иј на Ел-Бејхеки (1/104).

Така, темнината од гревот за неговото срце станува како физичката темнина за неговиот вид, бидејќи покорноста е светлина, а гревот е темнина. И колку е посилна темнината, толку повеќе се зголемува неговата збунетост, сè додека не западне во новотарии, заблуди и погубни работи, а тој не е ни свесен.

Така, Хузејфе раскажува: „Бевме кај Омер, кога тој рече: ‚Кој од вас го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за фитните (искушенијата)?‘ Некои од присутните рекоа: ‚Ние го слушнавме.‘ Тогаш Омер рече: ‚Можеби мислите на фитната што му се случува на човекот во неговото семејство и соседство?‘ Рекоа: ‚Да.‘ Тој рече: ‚Таквите фитни се бришат со намаз, пост и садака. Но, кој од вас го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како зборува за онаа голема фитна што ќе се рашири како морски бран?‘ Хузејфе рече: Сите молчеа, а јас реков: ‚Јас го слушнав.‘ Омер рече: ‚Аллах да те поживее, кажи!‘ Тогаш Хузејфе рече: ‚Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«تُعْرَضُ الفِتَنُ عَلَى القُلُوبِ كَالْحَصِيرِ عُودًا عُودًا، فَأَيُّ قَلْبٍ أُشْرِبَهَا، نُكِتَ فِيهِ نُكْتَةٌ سَوْدَاءُ، وَأَيُّ قَلْبٍ أَنْكَرَهَا، نُكِتَ فِيهِ نُكْتَةٌ بَيْضَاءُ، حَتَّى تَصِيرَ عَلَى قَلْبَيْنِ، عَلَى أَبْيَضَ مِثْلِ الصَّفَا فَلَا تَضُرُّهُ فِتْنَةٌ مَا دَامَتِ السَّمَاوَاتُ وَالْأَرْضُ، وَالآخَرُ أَسْوَدُ مُرْبَادًّا كَالْكُوزِ، مُجَخِّيًا لَا يَعْرِفُ مَعْرُوفًا، وَلَا يُنْكِرُ مُنْكَرًا، إِلَّا مَا أُشْرِبَ مِنْ هَوَاهُ».

„Фитните ќе бидат изложувани на срцата – една по една – како што се редат прачките на сламена рогозина. Срцето што ќе ги прифати, во него се втиснува црна точка; а срцето што ќе ги одбие, во него се втиснува бела точка – сè додека срцата не се поделат на два вида срца: на бело, сјајно како камен, па ниедна фитна не може да му наштети сè додека постојат небесата и земјата; и другото, црно затемнето, како превртен сад, не препознава добро, ниту се одвраќа од зло, освен она што му го наметнал неговиот нефс (его).‘“[1]

- Тие се причина за непријателство и омраза, и зајакнување на непријателот, како што Возвишениот вели:

﴿وَمِنَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ إِنَّا نَصَٰرَىٰٓ أَخَذۡنَا مِيثَٰقَهُمۡ فَنَسُواْ حَظّٗا مِّمَّا ذُكِّرُواْ بِهِۦ فَأَغۡرَيۡنَا بَيۡنَهُمُ ٱلۡعَدَاوَةَ وَٱلۡبَغۡضَآءَ إِلَىٰ يَوۡمِ ٱلۡقِيَٰمَةِۚ وَسَوۡفَ يُنَبِّئُهُمُ ٱللَّهُ بِمَا كَانُواْ يَصۡنَعُونَ 14﴾

„Ние заветот го прифативме и од тие што велат: ‚Ние сме христијани!' – но и тие, голем дел од тоа со што беа опоменувани го изоставија, затоа меѓу нив вметнавме непријателство и омраза сè до Судниот ден; а Аллах сигурно ќе ги извести за тоа што го правеа.“ (Ел Маиде, 14) Секогаш кога луѓето ќе остават дел од она што Аллах им го наредил и ќе го прават она што им го забранил, меѓу нив

[1] Сахих Муслим, бр. (144).

настанува непријателство и омраза и непријателите ги надвладуваат.[1]

- Тие се причина за корупција на општеството, бидејќи водат до ширење на покудени особини, како што е: лажењето, клеветењето, озборувањето, пренесувањето на туѓи зборови, измамата, залажувањето, горделивоста, вообразеноста, бесправното земање на имотот едни на други, уништување на животот и ширење на штета меѓу луѓето, како што е случај со магијата (сихрот) и слични дела. Исто така, водат и до ширење на неморални постапки, како што се: блудот, содомијата, феминизацијата кај мажите и меѓусебното имитирање на мажите и жените.[2]

## Ставот на следбениците на Сунетот во поглед на сторителот на голем грев и хадисите за предупредување и закана:

Според следбениците на Сунетот, сторителот на голем грев – кој е помал од ширкот и големото неверство – е верник со недостаток во иманот, чиј иман се намалил во зависност од гревот што го направил. Затоа, името на иманот не му се одзема во целост, ниту пак му се дава безрезервно. Тој е верник со недостаток во иманот, или верник поради неговиот иман, а

---

1 Види: Меџму‘ ел-фетава, 3/421.
2 Види: Ед-Да' вед-Дева од Ибн Кајим (1/132).

грешник поради неговиот голем грев. Неговата пресуда на Ахирет е дека тој е под Аллаховата волја: ако сака, ќе му прости и ќе го воведе во Џенет без претходна казна, а ако сака, ќе го казни според неговиот грев, потоа ќе го извади и ќе го воведе во Џенет со верниците. Може да се очисти од големиот грев на дуњалукот пред Ахирет, и тоа преку искрено покајание, или со извршување на шеријатската казна над него, или преку искушенијата и несреќите што му се случуваат, или со многу добри дела, по што ќе дојде на Судниот ден без да има казна за него.

Што се однесува до хадисите кои се пренесени за заканата кон сторителите на големи гревови, како што е хадисот на Ебу Хурејре, радијаллаху анху, во кој стои дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَزْنِي الزَّانِي حِينَ يَزْنِي وَهُوَ مُؤْمِنٌ، وَلَا يَشْرَبُ الخَمْرَ حِينَ يَشْرَبُ وَهُوَ مُؤْمِنٌ، وَلَا يَسْرِقُ حِينَ يَسْرِقُ وَهُوَ مُؤْمِنٌ».

„Човекот кој прави блуд, не е верник додека блудничи; човекот кој пие алкохол, не е верник додека пие; и човекот кој краде, не е верник додека краде.“[1] Значи, се мисли дека од него се отстранува својството на целосен иман, а му останува исламот, сè додека не го напушти тој грев и не се покае за него, па иманот повторно

[1] Го бележат Бухари, бр. (2475), и Муслим бр. (57).

ќе му се врати. Целосниот иман му е одземен само во моментот кога ги врши овие големи гревови, но му останува основата на иманот; бидејќи пренесени се и други хадиси во кои се ветува влегување во Џенетот за оној кој ќе умре без да Му припишува здруженик на Аллах, дури и ако извршил прељуба и дури и ако украл, како што е хадисот од Ебу Зер, радијаллаху анху, кој пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«أَتَانِي آتٍ مِنْ رَبِّي، فَبَشَّرَنِي أَنَّهُ مَنْ مَاتَ مِنْ أُمَّتِي لَا يُشْرِكُ بِاللَّهِ شَيْئًا دَخَلَ الجَنَّةَ»، قُلْتُ: وَإِنْ زَنَى وَإِنْ سَرَقَ؟ قَالَ: «وَإِنْ زَنَى وَإِنْ سَرَقَ».

„Ми дојде гласник од мојот Господар и ми донесе радосна вест дека секој од мојот умет кој ќе умре без да Му припишува здруженик на Аллах, ќе влезе во Џенетот.“ Прашав: „Па дури и ако направи блуд и ако украде?“ Тој одговори: „Дури и ако направи блуд и ако украде.“[1]

## Како да се справиме со големите гревови и како да ги лекуваме:

- Ширење на свеста меѓу заедницата за опасноста од гревовите, особено големите гревови, и дека тие се причина за спуштање на казните и несреќите врз целото општество, како што вели Севишниот:

1 Го бележат Бухари, бр. (1237), и Муслим, бр. (94).

﴿وَٱتَّقُواْ فِتۡنَةٗ لَّا تُصِيبَنَّ ٱلَّذِينَ ظَلَمُواْ مِنكُمۡ خَآصَّةٗۖ وَٱعۡلَمُوٓاْ أَنَّ ٱللَّهَ شَدِيدُ ٱلۡعِقَابِ 25﴾

„И чувајте се од искушенијата кои нема да ги погодат само тие меѓу вас кои правеа насилство, и знајте дека Аллах страшно казнува.“ (Ел Енфал, 25)

- Изучувањето на верското знаење ја одвраќа душата од гревовите; бидејќи оној кој ќе ги спознае казните кои се последица на тие гревови, ќе се воздржи од нивно правење.

- Исполнување на должноста за забранување на злото, преку забранување и одвраќање на грешниците од големите гревови; па така, Нуман бин Бешир, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَثَلُ القَائِمِ عَلَى حُدُودِ اللَّهِ وَالوَاقِعِ فِيهَا، كَمَثَلِ قَوْمٍ اسْتَهَمُوا عَلَى سَفِينَةٍ، فَأَصَابَ بَعْضُهُمْ أَعْلاَهَا وَبَعْضُهُمْ أَسْفَلَهَا، فَكَانَ الَّذِينَ فِي أَسْفَلِهَا إِذَا اسْتَقَوْا مِنَ المَاءِ مَرُّوا عَلَى مَنْ فَوْقَهُمْ، فَقَالُوا: لَوْ أَنَّا خَرَقْنَا فِي نَصِيبِنَا خَرْقًا وَلَمْ نُؤْذِ مَنْ فَوْقَنَا، فَإِنْ يَتْرُكُوهُمْ وَمَا أَرَادُوا هَلَكُوا جَمِيعًا، وَإِنْ أَخَذُوا عَلَى أَيْدِيهِمْ نَجَوْا، وَنَجَوْا جَمِيعًا».

„Примерот на оние што се придржуваат кон Аллаховите граници и оние што ги прекршуваат, е како примерот на народот кој извлече ждрепка за да се поделат каде ќе престојуваат при пловењето со бродот. На некои им се падна горниот дел од бродот, а на други долниот. Кога оние што беа долу сакаа вода, требаше да одат кај оние горе, па рекоа: ‚Кога би направиле отвор во нашиот дел, за да

не ги вознемируваме оние што се над нас.’ Ако ги остават да го направат тоа што го намислиле — сите ќе потонат; а ако ги спречат — сите ќе се спасат.“[1]

Неговите зборови: „Оној кој внимава и ги чува Аллаховите граници“ значи: оној кој се придржува до Аллаховите наредби, се воздржува од Неговите забрани, наредува добро и забранува зло. „Оној кој ги прекршува“ е оној кој го занемарува доброто, а го прави злото. „Извлече ждрепка“, односно извлекувале меѓу себе за секој да земе дел, т.е. удел. „А ако ги спречат “, односно ако ги одвратат од тоа да направат отвор во бродот.

- Правилното иманско воспитување во семејството и родителскиот надзор врз децата, особено во периодот на адолесценцијата, резултираат со создавање генерација на чесна младина, имански воспитана и морално изградена.

- Наоѓање на дозволена алтернатива за гревовите, бидејќи Аллах не забранил ништо, а да не дал во она што го дозволил доволна замена за она што го забранил. Така, на пример, блудот се лекува со рано стапување во брак на младите, а кражбата со создавање можности за вработување на поединците, додека

[1] Го бележи Бухари, бр. (2493).

озборувањето и повредувањето на честа на луѓето со исполнување на слободното време во покорност или во она што Аллах го дозволил. Исто е и со секој друг мал или голем грев.

- Искористување на енергијата на младите и нејзино насочување кон она што ќе му користи на уметот и во верските и овосветските работи - како што е изучувањето на шеријатското знаење, ширењето на исламската дава, како и изучувањето на теоретските и применетите науки што носат корист во работите на овој свет, како што се медицината, инженерството, трговијата и слично. Исто така и изучувањето на некои корисни занаети и вештини, како столарството, ковачкиот занает и друго, затоа што душата, ако не се занимава со добри дела, ќе се занимава со гревови.

- Муслиманот треба постојано да се грижи за својот иман, бидејќи иманот во срцето ветвее и слабее како што ветвее и облеката. Затоа треба постојано да го обновува преку зголемување на делата на покорност што го зајакнуваат иманот во срцето.

- Муслиманот треба да се оддалечува од сè што го повикува кон грев, особено во време на широка распространост на социјалните мрежи и интернет страниците што шират разврат, безбожништво и сè што Го разгневува Аллах. Затоа, муслиманот не треба сам да си ја отвора

врата кон злото, бидејќи оној што ќе ја отвори, тој и ќе влезе низ неа. Од Ен-Невас бин Семан, радијаллаху анху, се пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«ضَرَبَ اللَّهُ مَثَلًا صِرَاطًا مُسْتَقِيمًا، وَعَلَى جَنَبَتَيِ الصِّرَاطِ سُورَانِ، فِيهِمَا أَبْوَابٌ مُفَتَّحَةٌ، وَعَلَى الأَبْوَابِ سُتُورٌ مُرْخَاةٌ، وَعَلَى بَابِ الصِّرَاطِ دَاعٍ يَقُولُ: أَيُّهَا النَّاسُ، ادْخُلُوا الصِّرَاطَ جَمِيعًا، وَلَا تَتَعَرَّجُوا، وَدَاعٍ يَدْعُو مِنْ فَوْقِ الصِّرَاطِ، فَإِذَا أَرَادَ أَنْ يَفْتَحَ شَيْئًا مِنْ تِلْكَ الأَبْوَابِ، قَالَ: وَيْحَكَ لَا تَفْتَحْهُ، فَإِنَّكَ إِنْ تَفْتَحْهُ تَلِجْهُ (أَيْ: تَدْخُلْهُ)، وَالصِّرَاطُ: الْإِسْلَامُ، وَالسُّورَانِ: حُدُودُ اللَّهِ، وَالأَبْوَابُ الْمُفَتَّحَةُ: مَحَارِمُ اللَّهِ، وَذَلِكَ الدَّاعِي عَلَى رَأْسِ الصِّرَاطِ: كِتَابُ اللَّهِ، وَالدَّاعِي مِنْ فَوْقِ الصِّرَاطِ: وَاعِظُ اللَّهِ فِي قَلْبِ كُلِّ مُسْلِمٍ».

„Аллах даде пример за правиот пат. Од двете страни на патот има ѕидови со отворени врати, прекриени со завеси. На почетокот на патот стои повикувач кој вели: ‚Луѓе, тргнете по правиот пат и не скршнувајте.' Друг повикувач, кој се наоѓа над патот, кога некој сака да ја отвори некоја врата, го предупредува: ‚Внимавај, не ја отворај! Ако ја отвориш, ќе влезеш внатре.' Патот е исламот, ѕидовите се Аллаховите граници, а отворените врати се Аллаховите забрани. Повикувачот на почетокот на патот е Божјата книга, а повикувачот над патот е Аллаховиот советник во срцето на секој муслиман.“[1]

- Владетелите и оние што имаат власт над муслиманите се должни да ја чуваат верата,

[1] Го бележи Ахмед, бр. (17634).

преку повикување во доброто и одвраќање од злото и неговото отстранување, спроведување на казните и слично. Макил бин Јесар, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, алејхи селам, рекол:

«مَا مِنْ عَبْدٍ يَسْتَرْعِيهِ اللَّهُ رَعِيَّةً، يَمُوتُ يَوْمَ يَمُوتُ، وَهُوَ غَاشٌّ لِرَعِيَّتِهِ؛ إِلَّا حَرَّمَ اللَّهُ عَلَيْهِ الجَنَّةَ».

„Аллаховиот роб кому ќе се даде позиција меѓу луѓето и тој ги измами, кога ќе умре, Аллах ќе му го забрани (влезот во) Џенетот.“[1] Исто така тој, салаллаху алејхи ве селем, рекол:.

«مَنْ رَأَى مِنْكُمْ مُنْكَرًا فَلْيُغَيِّرْهُ بِيَدِهِ، فَإِنْ لَمْ يَسْتَطِعْ فَبِلِسَانِهِ، فَإِنْ لَمْ يَسْتَطِعْ فَبِقَلْبِهِ، وَذَلِكَ أَضْعَفُ الإِيمَانِ».

„Кој од вас ќе види зло, нека го промени со својата рака; ако не може, тогаш со својот јазик; ако не може, тогаш нека го осуди со своето срце, а тоа е најслабиот вид на иман.“[2] А овој степен им припаѓа на оние кои имаат моќ, власт или владеење.

И за крај, го молам Аллах да ги сочува нашите срца и органи во покорност кон Него, и да нè заштити од гревовите - јавните и скриените, големите и малите.

---

1 Хадисот го бележат Бухари, бр. (7150) и Муслим, бр. (142), а текстот е според Муслим.

2 Го бележи Муслим со број (49).

## Ширкот (да изедначиш некого/нешто со Аллах)

Ширкот е најтешкиот и најголемиот грев со кој некогаш Му се направила непослушност на Возвишениот Аллах. Тој е спротивен на верувањето во Аллах и на Неговото едноштво (тевхид). Возвишениот вели:

﴿...إِنَّ ٱلشِّرۡكَ لَظُلۡمٌ عَظِيمٞ 13﴾

„Ширкот (политеизмот) е, навистина, голема неправда.“ (Лукман, 13) Од Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол:

سَأَلْتُ النَّبِيَّ ﷺ: أَيُّ الذَّنْبِ أَعْظَمُ عِندَ اللَّهِ؟ قَالَ: «أَنْ تَجْعَلَ لِلهِ نِدًّا وَهُوَ خَلَقَكَ».

„Го прашав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем: ‚Кој е најголемиот грев кај Аллах?‘ Тој одговори: ‚Да му припишеш здруженик на Аллах (да изедначиш некого со Аллах), а Тој те создал. ‘“[1] Здруженик т.е партнер или истоветен Нему.

Суштината на ширкот е да сметаме некого за еднаков или рамноправен на Возвишениот Аллах во Неговиот рубубијет, ибадет, или во Неговите имиња и својства - и насочување на некое од правата што му припаѓаат само Нему или кој било вид ибадет кон некој друг освен Него. Секое верување, збор или дело за кое е

[1] Го бележат Бухари, бр. (4477), и Муслим, бр. (86).

потврдено дека е наредено од Законодавецот - неговото посветување единствено на Аллах претставува тевхид, иман и ихлас, а неговото насочување кон некој друг претставува ширк и куфр.

Во ширк спаѓа: упатување дова кон мртвите, барањето исполнување на потреби од нив, заветување за нив, барање помош од нив, како и правење сеџда на некој друг освен Аллах, принесување жртва за некој друг освен Аллах, и слично.

## Многубројни се доказите за забраната на ширкот и појаснувањето на неговата грдост и тежината на тој грев, меѓу нив се:

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَغۡفِرُ أَن يُشۡرَكَ بِهِۦ وَيَغۡفِرُ مَا دُونَ ذَٰلِكَ لِمَن يَشَآءُۚ وَمَن يُشۡرِكۡ بِٱللَّهِ فَقَدِ ٱفۡتَرَىٰٓ إِثۡمًا عَظِيمًا 48﴾

„Аллах нема да прости ако нешто Му се здружува, а ќе прости сѐ освен тоа кому Тој сака! А тој што на Аллах Му припишува здруженик, тој прави клевета и голем грев.“ (Ен Ниса, 48) Тој на друго место вели:

﴿...إِنَّهُۥ مَن يُشۡرِكۡ بِٱللَّهِ فَقَدۡ حَرَّمَ ٱللَّهُ عَلَيۡهِ ٱلۡجَنَّةَ وَمَأۡوَىٰهُ ٱلنَّارُۖ وَمَا لِلظَّٰلِمِينَ مِنۡ أَنصَارٖ 72﴾

„Кој на Аллах ќе Му припишува здруженик, Аллах ќе му го забрани влезот во Џенетот и неговото живеалиште ќе биде Џехенемот; а на

злосторниците нема никој да им помогне!“ (Ел Маиде, 72) Возвишениот исто така вели:

﴿وَلَقَدۡ أُوحِيَ إِلَيۡكَ وَإِلَى ٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِكَ لَئِنۡ أَشۡرَكۡتَ لَيَحۡبَطَنَّ عَمَلُكَ وَلَتَكُونَنَّ مِنَ ٱلۡخَٰسِرِينَ 65 بَلِ ٱللَّهَ فَٱعۡبُدۡ وَكُن مِّنَ ٱلشَّٰكِرِينَ 66﴾

„А тебе, и на тие пред тебе им било објавено: ‚Ако други на Аллах за рамни Му припишуваш, твоите дела сигурно ќе пропаднат, а ти изгубен ќе бидеш.'

Туку, само Аллах обожувај Го и биди благодарен!“ (Ез Зумер, 65 - 66)

Ебу Бекре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«أَلَا أُنَبِّئُكُمْ بِأَكْبَرِ الكَبَائِرِ؟» ثَلاَثًا، قَالُوا: بَلَى يَا رَسُولَ اللَّهِ، قَالَ: «الإِشْرَاكُ بِاللَّهِ، وَعُقُوقُ الوَالِدَيْنِ، وَقَتْلُ النَّفْسِ، وَشَهَادَةُ الزُّورِ».

„Дали сакате да ве известам за најголемите гревови?“ (трипати), рекоа: „Секако, о Аллахов пратенику.“ Рече: „Придружување друг/истоветен на Аллах (ширк), непослушност кон родителите, бесправното убиство и лажното сведоштво.“[1]

## Ширкот има многубројни опасни последици, од кои:

- Ширкот ги поништува сите добри дела. Возвишениот вели:

﴿...وَلَوۡ أَشۡرَكُواْ لَحَبِطَ عَنۡهُم مَّا كَانُواْ يَعۡمَلُونَ 88﴾

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (4477), и Муслим, бр. (86).

„А да Му припишуваа здруженик, сигурно ќе им пропаднеше тоа што го правеа.“ (Ел Енам, 88)

- Оној што ќе умре во состојба на ширк и не се покае од него, ќе престојува вечно во Огнот. Џабир, радијалаху анху, рекол:

أَتَى النَّبِيَّ ﷺ رَجُلٌ فَقَالَ: يَا رَسُولَ اللهِ، مَا المُوجِبَتَانِ؟ فَقَالَ: «مَنْ مَاتَ لَا يُشْرِكُ بِاللَّهِ شَيْئًا دَخَلَ الجَنَّةَ، وَمَنْ مَاتَ يُشْرِكُ بِاللَّهِ شَيْئًا دَخَلَ النَّارَ».

„Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го праша: ‚О, Аллахов пратенику, кои се двете работи во кои нема сомеж?’ Божјиот пратеник одговори: ‚Кој ќе умре без да Му припишува рамен на Аллах, ќе влезе во Џенетот. А кој ќе умре припишувајќи Му рамен на Аллах, ќе влезе во Огнот.‘“[1]

- Крвта и имотот на мушрикот не се неприкосновено заштитени. Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«أُمِرْتُ أَنْ أُقَاتِلَ النَّاسَ حَتَّى يَشْهَدُوا أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَيُقِيمُوا الصَّلَاةَ، وَيُؤْتُوا الزَّكَاةَ، فَإِذَا فَعَلُوا ذَلِكَ عَصَمُوا مِنِّي دِمَاءَهُمْ وَأَمْوَالَهُمْ إِلَّا بِحَقِّ الإِسْلَامِ، وَحِسَابُهُمْ عَلَى اللَّهِ».

„Наредено ми е да се борам против луѓето сè додека не посведочат дека нема друго божество освен Аллах и дека Мухамед е Аллаховиот пратеник, сè додека не извршуваат намаз и не

[1] Го бележи Муслим, бр..

даваат зекат. Ако направат така, тогаш им се заштитени и животите и имотите, освен доколку направат престап против прописите на исламот, а за останатото ќе бидат одговорни пред Аллах.“[1]

- Мушрикот не наоѓа помош ниту поддршка од Аллах во неволјите што го снаоѓаат на овој свет. Шејтаните го опкружуваат од сите страни и тој живее во немир, вознемиреност, постојан страв и постојана тага. Возвишениот Аллах вели:

﴿...وَمَن يُشۡرِكۡ بِٱللَّهِ فَكَأَنَّمَا خَرَّ مِنَ ٱلسَّمَآءِ فَتَخۡطَفُهُ ٱلطَّيۡرُ أَوۡ تَهۡوِي بِهِ ٱلرِّيحُ فِي مَكَانٖ سَحِيقٖ﴾

„А тој што ќе смета дека на Аллах Му има рамен, ќе биде како тој што паднал од небо и кого птиците го разграбале, или како тој што ветерот во далечен предел го однел.“ (Ел Хаџ, 31)

Ибн Са‘ди, Аллах нека му се смилува, во толкувањето на овој ајет вели: „...Исто е и со многубожецот: верувањето е како небото, заштитено и возвишено, а оној што ќе го напушти верувањето е како оној што паѓа од небото, изложен на несреќи и искушенија, па или ќе го грабнат птиците односно ќе го распарчаат. Така и многубожецот, кога ќе престане да се држи за верувањето, шејтаните

[1] Го бележат Бухари, бр. (25), и Муслим, бр. (22).

го напаѓаат од сите страни, го распарчуваат и му ги уништуваат и верата и овосветскиот живот.“[1]

- Мушрикот кога ќе умре, не се бања, не се завиткува во ќефини, ниту му се клања џеназе намаз и не се закопува во муслиманските гробишта.

## Начини на заштита од ширкот (многубоштвото):

Муслиманот се штити од запаѓање во ширк на следниов начин:

- Да го научи тевхидот и исправното акиде (верување) и да постапува според наученото. Возвишениот вели:

﴿فَٱعۡلَمۡ أَنَّهُۥ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا ٱللَّهُ...﴾

„Знај дека нема друг бог освен Аллах...“ (Мухамед, 19) Имамот Ибн Кајим, Аллах нека му се смилува, вели: „Возвишениот вели: ‚Знај дека нема друг бог освен Аллах...‘ Така, знаењето за едноштвото (тевхидот) на Возвишениот и уверувањето дека нема друг бог освен Него е цел само по себе, иако тоа само по себе не е доволно, бидејќи со него е неопходно и обожување само на Аллах, без да му придружуваме здруженик. Овие две работи се неопходни сами по себе: да се спознае

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр. 538.

Возвишениот Господар преку Неговите имиња, својства, дела и прописи, и да се обожува според нив и во согласност со нивното значење. Како што Неговото обожување е цел сама по себе, такво е и знаењето и спознавањето за Него. Исто така, знаењето е еден од највредните видови на ибадет.“[1]

- Да се избегнува малиот ширк, како што е лесното преправање (рија), заклетвата во нешто друго освен во Аллах, и изјави од типот: „Она што Аллах го сака и ти (го сакаш)“, „Ова е од Аллах и од тебе“, „Јас сум со Аллах и со тебе“, „Се потпирам на Аллах и на тебе“, и слично, бидејќи малиот ширк е пат што води кон големиот ширк.

- Да ги познава формите и видовите на многубоштвото кои се раширени меѓу луѓето, за да ги избегнува и да не падне во нив.

- Да Го моли Возвишениот Аллах да го зацврсти на тевхидот и да го сочува од ширкот. Возвишениот Аллах ни пренесува за Ибрахим, алејхи селам:

﴿وَإِذۡ قَالَ إِبۡرَٰهِيمُ رَبِّ ٱجۡعَلۡ هَٰذَا ٱلۡبَلَدَ ءَامِنٗا وَٱجۡنُبۡنِي وَبَنِيَّ أَن نَّعۡبُدَ ٱلۡأَصۡنَامَ 35﴾

„А кога Ибрахим рече: ‚Господару мој, направи го овој град безбеден и сочувај ме мене и синовите мои од тоа да обожуваме кипови.“

[1] Мифтах Дарус-Се‘аде (1/178).

(Ибрахим, 35) Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, честопати велел:

«يَا مُقَلِّبَ الْقُلُوبِ ثَبِّتْ قَلْبِي عَلَى دِينِكَ».

„Ти Кој ги превртува срцата, зацврсти го моето срце во Твојата вера.“[1]

## Лажењето (клеветењето) за Аллах и за Неговиот пратеник

Лагата, општо земено, спаѓа меѓу големите гревови, а еден од нејзините најтешки и најодвратни облици е лажењето/клеветењето за Аллах и Неговиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Ес-Са‘ди рекол: „Никој не прави поголема неправда ниту поголем грев од оној што лаже за Аллах, припишувајќи Му зборови или прописи од кои Тој, Возвишениот, е чист. Таквиот човек е најнеправедниот меѓу сите созданија, бидејќи во неговиот чин има лага, изопачување на темелите и гранките на верата, а припишувањето на тоа на Аллах е еден од најтешките облици на расипаност.“[2]

Еден од видовите на лага е толкувањето на Аллаховиот говор спротивно на она што Аллах го сакал, бидејќи суштината на говорот е неговото значење. Затоа, ако некој каже: „Аллах со ова го мислел тоа и тоа“, тој лаже за Аллах и сведочи за Него нешто што Аллах,

[1] Тирмизи, бр. (2140).
[2] Тефсир Ес-Са‘ди, стр. 265.

Возвишениот, не го мислел. Истото важи и кога некој го толкува говорот на Неговиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, спротивно на она што тој го мислел.

**Доказите за забраната на лагата за Аллах и Неговиот Пратеник, и за тежината и одвратноста на тој грев, се многубројни, меѓу нив се:**

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿قَالُواْ ٱتَّخَذَ ٱللَّهُ وَلَدٗاۗ سُبۡحَٰنَهُۥۖ هُوَ ٱلۡغَنِيُّۖ لَهُۥ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلۡأَرۡضِۚ إِنۡ عِندَكُم مِّن سُلۡطَٰنِۭ بِهَٰذَآۚ أَتَقُولُونَ عَلَى ٱللَّهِ مَا لَا تَعۡلَمُونَ 68 قُلۡ إِنَّ ٱلَّذِينَ يَفۡتَرُونَ عَلَى ٱللَّهِ ٱلۡكَذِبَ لَا يُفۡلِحُونَ 69 مَتَٰعٞ فِي ٱلدُّنۡيَا ثُمَّ إِلَيۡنَا مَرۡجِعُهُمۡ ثُمَّ نُذِيقُهُمُ ٱلۡعَذَابَ ٱلشَّدِيدَ بِمَا كَانُواْ يَكۡفُرُونَ70﴾

„Тие велат: ,Аллах си зел дете за Себе!' – Возвишен и чист нека е Тој! Тој не е зависен од никого! Сѐ што е на небесата и на Земјата Негово е! Вие за тоа никаков доказ немате. Зошто за Аллах го зборувате тоа што не го знаете!

Кажи: ,Тие што за Аллах изнесуваат лаги, нема да го постигнат тоа што го сакаат.'

Кратко ќе уживаат на овој свет, а потоа Нам ќе ни се вратат и Ние ќе им дадеме да претрпат неиздржливо страдање, затоа што не веруваа.“ (Јунус, 68-70)

Секој кој лаже за Возвишениот Аллах и тврди дека Тој има сопруга или дете или здруженик, тој е неверник во Возвишениот Аллах.

Возвишениот исто така вели:

﴿وَيَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ تَرَى ٱلَّذِينَ كَذَبُواْ عَلَى ٱللَّهِ وُجُوهُهُم مُّسۡوَدَّةٌۚ أَلَيۡسَ فِي جَهَنَّمَ مَثۡوٗى لِّلۡمُتَكَبِّرِينَ60﴾

„На Судниот ден ќе ги видиш тие кои за Аллах лаги говореа, со поцрнети лица. А зарем Џехенемот нема да биде престојувалиште на горделивите?“ (Ез Зумер, 60)

Ес-Сем‘ани рекол: „А значењето на ,тие кои за Аллах лаги говореа', односно: тврделе дека Аллах си зел дете или здруженик, и се вели: тоа се однесува општо за секоја изнесена лага за Аллах.“[1]

Возвишениот исто така вели:

﴿وَمَنۡ أَظۡلَمُ مِمَّنِ ٱفۡتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبًاۚ أُوْلَٰٓئِكَ يُعۡرَضُونَ عَلَىٰ رَبِّهِمۡ وَيَقُولُ ٱلۡأَشۡهَٰدُ هَٰٓؤُلَآءِ ٱلَّذِينَ كَذَبُواْ عَلَىٰ رَبِّهِمۡۚ أَلَا لَعۡنَةُ ٱللَّهِ عَلَى ٱلظَّٰلِمِينَ18﴾

„Има ли понеправеден од тој што за Аллах измислува лаги? Тие пред Господарот твој ќе бидат донесени, а сведоците ќе речат: „Овие измислувале лаги за Господарот свој!“ Аллаховото проклетство нека ги стигне злосторниците.“ (Худ, 18)

Следен ајет е:

﴿وَلَا تَقُولُواْ لِمَا تَصِفُ أَلۡسِنَتُكُمُ ٱلۡكَذِبَ هَٰذَا حَلَٰلٞ وَهَٰذَا حَرَامٞ لِّتَفۡتَرُواْ عَلَى ٱللَّهِ ٱلۡكَذِبَۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ يَفۡتَرُونَ عَلَى ٱللَّهِ ٱلۡكَذِبَ لَا يُفۡلِحُونَ 116 مَتَٰعٞ قَلِيلٞ وَلَهُمۡ عَذَابٌ أَلِيمٞ117﴾

[1] Тефсир на ес-Сем‘ани, 4/478.

„И не зборувајте лаги со јазиците свои: ‚Ова е дозволено, а ова забранетo', за така да изнесувате лаги за Аллах. Тие што за Аллах говорат лаги, нема да успеат,

кратко ќе уживаат, и нив страшно страдање ќе ги чека.“ (Ен Нахл, 116-117)

Ибн Хаџер ел-Хејтеми рекол: „Нема сомнеж дека намерната лага припишана на Аллах и Неговиот пратеник, преку дозволување на забранетото или забранување на дозволеното, е чисто неверство (куфр).“[1]

Мугире бин Шу‘бе, радијаллаху анху, пренесува дека го слушнал Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ كَذِبًا عَلَيَّ لَيْسَ كَكَذِبٍ عَلَى أَحَدٍ، مَنْ كَذَبَ عَلَيَّ مُتَعَمِّدًا، فَلْيَتَبَوَّأْ مَقْعَدَهُ مِنَ النَّارِ».

„Навистина лагата за мене не е како лагата за некој друг. Кој намерно ќе излаже за мене, нека си го подготви местото во Огнот.“[2]

Имамот Ен-Нeвеви рекол: „Во ова се нагласува тежината на забраната за лагата која како говор му се припишува нему, салаллаху алејхи ве селем, и дека тоа е големо срамно дело и тежок грев, но со оваа лага не се станува

[1] Ез Зеваџир ан Иктираф ел Кебаир, (1/162).
[2] Го бележат Бухари, бр. (1291), и Муслим, бр. (933).

неверник, освен ако некој не ја смета за дозволена. Ова е познатиот став на учените.“[1]

Имамот Ибн Кајим, Аллах нека му се смилува, исто така рекол: „Изнесената лага за Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, е причина за влез во Огнот и за заземање постојано место во него - место од кое тој кому тоа место му е одредено нема да се одвои.“[2]

## Штетите од лажењето за Аллах и Неговиот Пратеник се многубројни, а меѓу нив се:

- Лажењето за Аллах е патот на мушриците. Возвишениот вели:

﴿وَلَا تَقُولُواْ لِمَا تَصِفُ أَلۡسِنَتُكُمُ ٱلۡكَذِبَ هَٰذَا حَلَٰلٞ وَهَٰذَا حَرَامٞ لِّتَفۡتَرُواْ عَلَى ٱللَّهِ ٱلۡكَذِبَۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ يَفۡتَرُونَ عَلَى ٱللَّهِ ٱلۡكَذِبَ لَا يُفۡلِحُونَ 116 مَتَٰعٞ قَلِيلٞ وَلَهُمۡ عَذَابٌ أَلِيمٞ 117﴾

„И не зборувајте лаги со јазиците свои: ,Ова е дозволено, а ова забрането', за така да изнесувате лаги за Аллах. Тие што за Аллах говорат лаги, нема да успеат,

кратко ќе уживаат, и нив страшно страдање ќе ги чека.“ (Ен Нахл, 116-117)

Ибн Кесир, Аллах нека му се смилува, рекол: „Возвишениот забрани да се следи патот на многубошците, кои дозволувале и забранувале работи единствено врз основа на имињата кои тие ги измислиле според сопствените мислења,

[1] Шерх Муслим (1/69).
[2] Медариџ ес-Саликин, 1/379.

како што се: бехира, саиба, весила и хам, и други слични работи кои биле дел од нивниот закон, кој го вовеле како новотарија во нивниот џахилиет/незнаење.“[1]

- Да се лаже за Аллах и Неговиот пратеник е причина за менување на божествениот закон: забранување на она што Аллах го дозволил, или дозволување на она што Аллах го забранил.

– Доведува до новотарии и новововедени работи, Ибн Кесир рекол: „Во ова спаѓа – т.е. во зборовите на Возвишениот: „И не говорете го она што е лага на вашите јазици: ‚Ова е дозволено, а ова е забрането‘– секој што ќе воведе новотарија во верата за која нема шеријатска основа, или ќе дозволи нешто што Аллах го забранил, или ќе забрани нешто што Аллах го дозволил, само врз основа на своето мислење и страсти.“[2]

## Начини на заштита од изнесување лаги кои им се припишуваат на Аллах и Неговиот пратеник:

- Знаењето треба да предничи пред зборовите и делата.

- Придржување кон сунетот на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и

[1] Тефсир на Ибн Кесир, (4/609).
[2] Тефсир на Ибн Кесир, (4/609).

избегнување на новотариите. Ирбад бин Сарије, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«عَلَيْكُمْ بِسُنَّتِي وَسُنَّةِ الْخُلَفَاءِ الْمَهْدِيِّينَ الرَّاشِدِينَ، تَمَسَّكُوا بِهَا وَعَضُّوا عَلَيْهَا بِالنَّوَاجِذِ (أَيْ: الأَضْرَاسِ)، وَإِيَّاكُمْ وَمُحْدَثَاتِ الأُمُورِ، فَإِنَّ كُلَّ مُحْدَثَةٍ بِدْعَةٌ، وَكُلَّ بِدْعَةٍ ضَلَالَةٌ».

„Држете се до мојот сунет и сунетот на упатените, праведни халифи; цврсто држете се до него и загризете со катниците, и чувајте се од новововедените работи, бидејќи секоја новововедена работа е новотарија, а секоја новотарија е заблуда.“[1]

- Стремеж кон искреноста. Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, саллаллаху алејхи ве селем, рекол:

«عَلَيْكُمْ بِالصِّدْقِ، فَإِنَّ الصِّدْقَ يَهْدِي إِلَى الْبِرِّ، وَإِنَّ الْبِرَّ يَهْدِي إِلَى الْجَنَّةِ، وَمَا يَزَالُ الرَّجُلُ يَصْدُقُ وَيَتَحَرَّى الصِّدْقَ حَتَّى يُكْتَبَ عِنْدَ اللَّهِ صِدِّيقًا، وَإِيَّاكُمْ وَالْكَذِبَ، فَإِنَّ الْكَذِبَ يَهْدِي إِلَى الْفُجُورِ، وَإِنَّ الْفُجُورَ يَهْدِي إِلَى النَّارِ، وَمَا يَزَالُ الرَّجُلُ يَكْذِبُ وَيَتَحَرَّى الْكَذِبَ حَتَّى يُكْتَبَ عِنْدَ اللَّهِ كَذَّابًا».

„Придржувајте се кон искреноста, бидејќи искреноста води кон добродетелството, а добродетелството води кон Џенетот. Човекот кој постојано е приврзан кон искреноста и се труди да биде искрен ќе биде запишан кај Аллах меѓу искрените. И чувајте се од лагата, бидејќи лажењето води кон грев, а гревот води кон

[1] Го Ебу Давуд, бр. (4607).

Огнот. Човекот кој постојано лаже и се стреми кон лагата ќе биде запишан кај Аллах како лажливец.“[1]

- Размислување за последиците од лажењето за Аллах и Неговиот пратеник на овој и на идниот свет.

- Постоење на учени кои ги побиваат и одговараат на лагите за Аллах и Неговиот пратеник саллаллаху алејхи ве селлем.

## Бидат - новотарија

Иновацијата во верата или новотаријата е од големите гревови, и за Иблис, после многубоштвото (ширкот), нема подрага непослушност кон Аллах од новотаријата. Ибн Кајим, Аллах нека му се смилува, рекол: „Шејтанот сака да го победи човекот на една од седумте пречки, некои се потешки а некои полесни, и не преминува од потешката на полесната, освен ако не успее да го совлада човекот во неа. Првата пречка: Пречката на неверувањето во Аллах, во Неговата вера и во средбата со Него, во Неговите својства на совршенство и во она за што известиле Неговите пратеници за Него. Ако непријателот успее да го совлада на оваа пречка, огнот на неговото непријателство згаснува и тој се одмора. Но, ако човекот ја совлада оваа пречка

[1] Го бележат Бухари, бр. (6094), и Муслим, бр. (2607).

и се спаси од неа со светлината на упатството и го сочува нурот на иманот, непријателот го чека на втората пречка, а таа е пречката на новотаријата (бидатот): било со верување спротивно на вистината со која Аллах го испратил Својот пратеник и ја објавил Својата Книга, било со обожување преку она што Аллах не го дозволил, со новововедени прописи и обреди во верата, од кои Аллах не прифаќа ништо.“[1]

Суштината на бидатот е дека тоа е измислен пат во верата кој наликува (и е предизвик) на шеријатски пропишаниот, а со чија примена се настојува да се подигне и подобри начинот на обожувањето на Возвишениот Аллах.[2]

Под забранетата новотарија се подразбира она што се однесува на работите од верата. А што се однесува до овоземските работи, како што се човечките пронајдоци: автомобилите, авионите, компјутерите, телефоните и сличното - сето тоа не се смета за новотарија, иако во јазична смисла може да се нарече така.

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè остави на јасен пат, чија ноќ е јасна како денот, од кој може да скршне само оној кого го чека пропаст. Нема добро на кое не нè

1 Медариџ ес-Саликин (1/237).
2 Ел И‘тисам од еш-Шатиби, 1/50.

поттикнал, ниту зло од кое не нѐ предупредил, со што не остави простор за никаков приговор. Поради тоа, кој ќе воведе нешто ново во Аллаховата вера за што Аллах не дал дозвола и што не го пропишал Неговиот пратеник, во тоа нема никакво добро и тоа ќе му биде одбиено. Секоја постапка што не ја практикувале Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, ниту неговите праведни халифи, ниту неговите асхаби, со кои Аллах е задоволен, не е исправен начин за приближување кон Возвишениот Аллах. Затоа, да бидеме задоволни за себе со она што беа задоволни тие, бидејќи тие постапуваа со знаење и се воздржуваа кога воздржувањето беше должност, јасно видлива.

**Знај дека секоја новотарија во верата е забранета и дека претставува заблуда, а заблудата и нејзините следбеници се во Огнот. Доказите за нејзината забрана се многубројни, а ние ќе наведеме некои од нив:**

Возвишениот Аллах, предупредувајќи од следењето на нешто друго освен Неговата Книга и Сунетот на Неговиот пратеник, вели:

﴿ٱتَّبِعُواْ مَآ أُنزِلَ إِلَيۡكُم مِّن رَّبِّكُمۡ وَلَا تَتَّبِعُواْ مِن دُونِهِۦٓ أَوۡلِيَآءَۗ قَلِيلٗا مَّا تَذَكَّرُونَ 3﴾

„Следете го тоа што ви се објавува од вашиот Господар и не земајте, покрај Него, некој друг

како заштитник! А колку малку примате поука!“ (Ел Араф, 3)

Во друг ајет е речено:

﴿أَمۡ لَهُمۡ شُرَكَٰٓؤُاْ شَرَعُواْ لَهُم مِّنَ ٱلدِّينِ مَا لَمۡ يَأۡذَنۢ بِهِ ٱللَّهُ...﴾

„Зарем тие да имаат божества кои им пропишуваат да веруваат во тоа што Аллах не им го наредил...“ (Еш Шура, 21)

Од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ أَحْدَثَ فِي أَمْرِنَا هَذَا مَا لَيْسَ مِنْهُ فَهُوَ رَدٌّ».

„Кој ќе воведе во нашата вера, нешто ново, што не е од неа, ќе му биде отфрлено.“[1]

- Исто така, Џабир бин Абдулах, радијаллаху анхума, рекол: Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, велеше:

«أَمَّا بَعْدُ فَإِنَّ خَيْرَ الحَدِيثِ كِتَابُ اللهِ، وَخَيْرُ الهُدَى هُدَى مُحَمَّدٍ، وَشَرُّ الأُمُورِ مُحْدَثَاتُهَا وَكُلُّ بِدْعَةٍ ضَلَالَةٌ».

„Навистина, најдобриот говор е Аллаховата Книга, најдобар пат е Сунетот на Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, најлошите дела се новововедените во верата и секоја новотарија е заблуда.“[2]

Хузејфе бин Јеман, радијалаху анхума, раскажува: „Секој ибадет што не го

[1] Го бележат Бухари, бр. (2697), и Муслим, бр. (1718).
[2] Го бележи Муслим со број (867).

практикувале асхабите на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не го практикувајте. Навистина, првите не им оставиле на тие по нив што да кажат (да додадат). Затоа, плашете се од Аллах, о, дружино на учени, и следете го патот на оние пред вас.“[1]

Пренесено е дека Суфјан ес-Севри, рахимехуллах, рекол: „Новотаријата му е подрага на Иблис од гревот, бидејќи за гревот човек се кае, а за новотаријата не се кае (затоа што мисли дека со неа прави добро дело).“[2]

## Новотаријата во верата опфаќа неколку опасности и штети, а меѓу нив се:

- Искуството и практиката низ историјата, од почетокот на светот до денес, покажале дека разумот не е самостоен во препознавањето на сопствените интереси. Затоа, неопходен е верозакон по кој ќе се води човекот. Неговиот Господар го создал и Тој најдобро знае што е корисно, а што штетно за него. Доколку човекот не се води според волјата на својот Господар, тој си наштетува себеси и се изложува на пропаст.
- Новотарот е следбеник на страстите, затоа што, ако разумот не го следи шеријатот, не му преостанува ништо друго освен следење на

[1] Ел-Баис ала инкар ел-Биде‘а вел-Хавадис (стр. 16).
[2] Го бележи Ел-Лалекаи во „Шерх Усулул И‘тикад“, (стр. 238).

страста и похотата. А Возвишениот Аллах му вели на Својот роб Давуд, алејхи селам:

﴿...وَلَا تَتَّبِعِ الْهَوَى فَيُضِلَّكَ عَنْ سَبِيلِ اللَّهِ إِنَّ الَّذِينَ يَضِلُّونَ عَنْ سَبِيلِ اللَّهِ لَهُمْ عَذَابٌ شَدِيدٌ بِمَا نَسُوا يَوْمَ الْحِسَابِ﴾

„И не поведувај се според страста за да не те одведе од Аллаховиот пат; тие што скршнуваат од Аллаховиот пат ги чека болно страдање на оној свет затоа што забораваа на Денот на пресметката.“ (Сад, 26)

- Шеријатот е совршен и потполн и не подлежи ниту на додавање ниту на одземање; Возвишениот Аллах вели:

﴿...ٱلۡيَوۡمَ أَكۡمَلۡتُ لَكُمۡ دِينَكُمۡ وَأَتۡمَمۡتُ عَلَيۡكُمۡ نِعۡمَتِي وَرَضِيتُ لَكُمُ ٱلۡإِسۡلَٰمَ دِينٗا...﴾

„Денес верата ваша ви ја усовршив и благодатта Своја спрема вас ја надополнив и задоволен Сум исламот да ви биде вера.“ (Ел Маиде, 3) Затоа, оној што воведува нешто ново во верата, со тоа индиректно тврди дека шеријатот не е потполн и дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, сокрил нешто од Објавата.

- Новаторот му се спротивставува на шеријатот и му се противи, затоа што Законодавецот одредил посебни патишта и начини за вршење ибадет, и ги ограничил созданијата на истите преку наредби и забрани, преку ветувања и закани. Тој ги известил дека доброто е во придржувањето до нив, а злото во

нивното надминување, и така натаму; бидејќи Аллах знае, а ние не знаеме. Тој го испрати Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како милост за сите светови. Новотарот го отфрла сето тоа, тврдејќи дека постојат и други патишта, и дека она што Законодавецот го одредил како конечно не е навистина конечно, ниту она што Тој го определил е навистина определено — и ние знаеме онолку колку знае Законодавецот, велат. Всушност, од неговото „поправање“ на прописите на Законодавецот се добива впечаток дека тој знае нешто што Законодавецот не го знаел. Ако тоа навистина му е намера, тогаш тоа претставува неверство во Шеријатот и во Законодавецот; а ако не му е тоа намера, тогаш тоа е очигледна заблуда.

## Заштита:

Во начините на заштита од овој голем грев спаѓаат:

- Цврсто придржување за Аллаховата книга и Сунетот, како и нивно ширење и пренесување меѓу луѓето во што е можно поголема мера, а доказ за тоа се зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿وَٱعۡتَصِمُواْ بِحَبۡلِ ٱللَّهِ جَمِيعٗا وَلَا تَفَرَّقُواْ...﴾

„Сите цврсто за Аллаховото јаже држете се и никако не разделувајте се.“ (Али Имран, 103) Аллаховото јаже е: Исламот, Куранот и Сунетот.

- Потпирање исклучиво на Куранот и Сунетот во прашањата на верувањето (акиде), во кои нема простор за лично мислење, да претпочитаме некое мислење или аналогија, и напуштање на расправите за нејасните прашања; бидејќи расправањето за нив е особина на следбениците на заблудата и новотариите, а воедно и причина за секое искушение и несреќа што ги снашло муслиманите.

– Применување на Сунетот во однесувањето на поединецот и на заедницата — така што човекот го применува она што го научил од Сунетот во сите области на животот. Примената на Сунетот ја прави новотаријата нешто одбивно и неприфатливо во заедницата; таа го открива својот грд лик и својата одвратна појава, и самата по себе сведочи за грдотијата и опасноста што ги носи за исламот и муслиманите.

Наредбата за добро и забраната на лошото. Новотариите на почетокот се мали, а потоа се зголемуваат — ги воведува поединец, а набрзо околу него се собираат следбениците на страстите. Кога оние што наредуваат добро и забрануваат лошо ќе ја извршат својата улога

во општеството, тие ги искоренуваат новотариите и ги враќаат во живот Сунетите.

– Одговор на јавните и прикриените напади насочени кон верата, разоткривање на појавите на новотарија и нивно осветлување преку Куранот и Сунетот, со цел да се спречи нивното навлегување и ширење кај муслиманите. Исто така, потребно е постојано внимавање да не се излезе од границите на Сунетот — без разлика колку мало е тоа отстапување или колку незначително изгледа.

- Спречување на обичните луѓе да зборуваат за верата без знаење и неприфаќање/отфрлање на нивните мислења кои се спротивни на Шеријатот, без оглед на нивните позиции.

## Преправањето (рија)

Преправањето (кога некое дело го разубавуваме затоа што некој не гледа или слуша) е еден од најголемите гревови кој го уништува делото. Тоа е еден од видовите на ширк од кој предупредува Шеријатот, а Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ أَخْوَفَ مَا أَخَافُ عَلَيْكُمُ الشِّرْكُ الْأَصْغَرُ» قَالُوا: وَمَا الشِّرْكُ الأَصْغَرُ يَا رَسُولَ اللهِ؟ قَالَ: «الرِّيَاءُ...».

„Најмногу се плашам за вас од малиот ширк.“ Присутните прашаа: „А што е тоа мал ширк, о,

Аллахов пратенику?“ Тој одговори: „Преправањето...“[1]

Суштината на преправањето е кога робот извршува дело не барајќи го со него само Аллахово задоволство - било дали го прави исклучиво заради луѓето, било да го прави заради Аллах, но со тоа истовремено да сака и луѓето да го видат. И во двата случаи станува збор за преправање.

Понекогаш преправањето може да биде во самата основа на верата — и тогаш тоа претставува куфр, односно неверство и лицемерие; а понекогаш може да биде во некои дела што не се од основата на верата — и тогаш тоа е мал ширк.

## Докази:

Од доказите за забраната на преправањето се следниве:

Возвишениот Аллах вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تُبۡطِلُواْ صَدَقَٰتِكُم بِٱلۡمَنِّ وَٱلۡأَذَىٰ كَٱلَّذِي يُنفِقُ مَالَهُۥ رِئَآءَ ٱلنَّاسِ وَلَا يُؤۡمِنُ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِ...﴾

„О, верници, не ги расипувајте своите милостини со приговарања и навреди, како што тоа го прави тој што го троши својот имот за да се покаже пред луѓето, а не верувајќи во Аллах и во другиот свет.“ (Ел Бекаре, 264)

[1] Ахмед бр. (23630).

Во друг ајет Тој вели:

﴿إِنَّ ٱلۡمُنَٰفِقِينَ يُخَٰدِعُونَ ٱللَّهَ وَهُوَ خَٰدِعُهُمۡ وَإِذَا قَامُوٓاْ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ قَامُواْ كُسَالَىٰ
يُرَآءُونَ ٱلنَّاسَ...﴾

„Лицемерите настојуваат да го измамат Аллах, а Тој ќе ги надмудри. Кога стануваат намазот (молитвата) да го извршат, мрзеливо стануваат и тоа само за да се прикажат пред светот.“ (Ен Ниса, 142)

Возвишениот исто така вели:

﴿...فَمَن كَانَ يَرۡجُواْ لِقَآءَ رَبِّهِۦ فَلۡيَعۡمَلۡ عَمَلٗا صَٰلِحٗا وَلَا يُشۡرِكۡ بِعِبَادَةِ رَبِّهِۦٓ أَحَدَۢا
110﴾

„Па кој се надева на средба со Господарот свој, нека прави добри дела и во обожувањето на Господарот свој нека не Му припишува здруженик.“ (Кехф, 110) Што значи: не прави ширк, ниту пак со своето дело се преправа пред никого.

Следен ајет е:

﴿فَوَيۡلٞ لِّلۡمُصَلِّينَ 4 ٱلَّذِينَ هُمۡ عَن صَلَاتِهِمۡ سَاهُونَ 5 ٱلَّذِينَ هُمۡ يُرَآءُونَ 6﴾

„А тешко на тие што, кога намазот (молитвата) го извршуваат,

намазот свој како што треба не го извршуваат,

коишто само се преправаат.“ (Ел Маун, 4-6)

## Штетни последици:

Штетите од преправањето (рија):

- Преправањето е причина за вечен престој во Огнот ако се појави во основата на иманот; бидејќи тогаш тоа е куфр и лицемерство. Возвишениот вели:

﴿وَإِذَا لَقُوا۟ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ قَالُوٓا۟ ءَامَنَّا وَإِذَا خَلَوْا۟ إِلَىٰ شَيَٰطِينِهِمْ قَالُوٓا۟ إِنَّا مَعَكُمْ إِنَّمَا نَحْنُ مُسْتَهْزِءُونَ 14﴾

„Кога ќе ги сретнат тие што веруваат, велат: ,Веруваме!', а штом останат насамо со своите шејтани (ѓаволи), велат: ,Ние сме со вас. Ние само се потсмеваме.'“ (Ел Бекаре, 14) На друго место тој вели:

﴿إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ فِي ٱلدَّرْكِ ٱلْأَسْفَلِ مِنَ ٱلنَّارِ وَلَن تَجِدَ لَهُمْ نَصِيرًا 145﴾

„Лицемерите на самото дно на Џехенемот ќе бидат и ти нема да им најдеш помагач.“ (Ен Ниса, 145)

- Преправањето е причина за поништување на делото на неговиот сторител. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«قَالَ اللَّهُ تَبَارَكَ وَتَعَالَى: أَنَا أَغْنَى الشُّرَكَاءِ عَنِ الشِّرْكِ، مَنْ عَمِلَ عَمَلًا أَشْرَكَ فِيهِ مَعِي غَيْرِي، تَرَكْتُهُ وَشِرْكَهُ».

„Возвишениот Аллах вели:,Јас сум Тој што најмалку има потреба некој да му се смета за рамен. Кој ќе направи дело во кое ќе Ми здружи некого, го оставам него и неговиот ширк.'“[1]

[1] Го бележи Муслим со број (2985).

Преправачот кој прави дела заради луѓето, нема да има никаква награда за нив на Ахирет. Се пренесува од Махмуд ибн Лебид, Аллах да е задоволен од него, дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ أَخْوَفَ مَا أَخَافُ عَلَيْكُمُ الشِّرْكُ الأَصْغَرُ»، قَالُوا: وَمَا الشِّرْكُ الأَصْغَرُ يَا رَسُولَ اللهِ؟ قال: «الرِّيَاءُ، يَقُولُ اللَّهُ عَزَّ وَجَلَّ لَهُمْ يَوْمَ القِيَامَةِ إِذَا جُزِيَ النَّاسُ بِأَعْمَالِهِمْ: اذْهَبُوا إِلَى الَّذِينَ كُنْتُمْ تُرَاءُونَ فِي الدُّنْيَا فَانْظُرُوا هَلْ تَجِدُونَ عِنْدَهُمْ جَزَاءً».

„,Најмногу се плашам за вас од малиот ширк.' Присутните прашаа: ,А што е тоа мал ширк, о, Аллахов пратенику?' Тој одговори: ,Преправањето! На Судниот ден, кога ќе им суди на луѓето според нивните дела, Возвишениот Аллах ќе им рече: Одете кај оние за кои се преправавте и видете дали ќе ви дадат некаква награда.'"[1]

- Преправањето е причина за влез во Џехенемот. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ أَوَّلَ النَّاسِ يُقْضَى عَلَيْهِ يَوْمَ القِيَامَةِ رَجُلٌ اسْتُشْهِدَ، فَأُتِيَ بِهِ فَعَرَّفَهُ نِعَمَهُ فَعَرَفَهَا، قَالَ: فَمَا عَمِلْتَ فِيهَا؟ قَالَ: قَاتَلْتُ فِيكَ حَتَّى اسْتُشْهِدْتُ، قَالَ: كَذَبْتَ، وَلَكِنَّكَ قَاتَلْتَ لِأَنْ يُقَالَ: جَرِيءٌ، فَقَدْ قِيلَ، ثُمَّ أُمِرَ بِهِ فَسُحِبَ عَلَى وَجْهِهِ حَتَّى أُلْقِيَ فِي النَّارِ، وَرَجُلٌ تَعَلَّمَ العِلْمَ وَعَلَّمَهُ وَقَرَأَ القُرْآنَ، فَأُتِيَ بِهِ فَعَرَّفَهُ نِعَمَهُ فَعَرَفَهَا، قَالَ: فَمَا عَمِلْتَ فِيهَا؟ قَالَ: تَعَلَّمْتُ العِلْمَ وَعَلَّمْتُهُ وَقَرَأْتُ فِيكَ القُرْآنَ، قَالَ: كَذَبْتَ، وَلَكِنَّكَ تَعَلَّمْتَ العِلْمَ لِيُقَالَ: عَالِمٌ، وَقَرَأْتَ القُرْآنَ لِيُقَالَ: هُوَ قَارِئٌ، فَقَدْ قِيلَ، ثُمَّ أُمِرَ بِهِ

[1] Го бележи Ахмед, бр. (23630).

فَسُحِبَ عَلَى وَجْهِهِ حَتَّى أُلْقِيَ فِي النَّارِ، وَرَجُلٌ وَسَّعَ اللَّهُ عَلَيْهِ، وَأَعْطَاهُ مِنْ أَصْنَافِ المَالِ كُلِّهِ، فَأُتِيَ بِهِ فَعَرَّفَهُ نِعَمَهُ فَعَرَفَهَا، قَالَ: فَمَا عَمِلْتَ فِيهَا؟ قَالَ: مَا تَرَكْتُ مِنْ سَبِيلٍ تُحِبُّ أَنْ يُنْفَقَ فِيهَا إِلَّا أَنْفَقْتُ فِيهَا لَكَ، قَالَ: كَذَبْتَ، وَلَكِنَّكَ فَعَلْتَ لِيُقَالَ: هُوَ جَوَادٌ، فَقَدْ قِيلَ، ثُمَّ أُمِرَ بِهِ فَسُحِبَ عَلَى وَجْهِهِ، ثُمَّ أُلْقِيَ فِي النَّارِ».

„Навистина, првите луѓе на кои ќе им се пресуди на Судниот ден се: човек кој бил убиен како шехид. Ќе биде доведен, па Аллах ќе го потсети на Своите благодати, и тој ќе ги признае. Аллах ќе го праша: ‚Што направи со нив?‘ Тој ќе одговори: ‚Се борев заради Тебе сè додека не бев убиен.‘ Аллах ќе рече: ‚Лажеш, ти се бореше за да се каже за тебе: „Храбар е“, и тоа беше речено.‘ Потоа ќе биде наредено, и тој ќе биде влечен по лицето сè додека не биде фрлен во Огнот.

А потоа ќе биде доведен човек кој изучувал знаење, го подучувал и го учел Куранот. Аллах ќе го потсети на Своите благодати, и тој ќе ги признае. Аллах ќе го праша: ‚Што направи со нив?‘ Тој ќе одговори: ‚Стекнував знаење, го подучував и го учев Куранот заради Тебе.‘ Аллах ќе рече: ‚Лажеш, ти изучуваше знаење за да се каже: „Учен е“, и го учеше Куранот за да се каже: „Тоа е читач (карij)“, и тоа беше речено.‘ Потоа ќе биде наредено, и тој ќе биде влечен по лицето сè додека не биде фрлен во Огнот.

Потоа ќе биде доведен човек кому Аллах му дал изобилство и различни видови имот. Аллах ќе го потсети на Своите благодати, и тој ќе ги признае. Аллах ќе го праша: ,Што направи со нив?' Тој ќе одговори: ,Не оставив ниеден пат на кој Ти сакаш да се троши, а да не потрошив на него заради Тебе.' Аллах ќе рече: ,Лажеш, ти го правеше тоа за да се каже: „Дарежлив е", и тоа беше речено.' Потоа ќе биде наредено, и тој ќе биде влечен по лицето сѐ додека не биде фрлен во Огнот."[1]

- Преправањето е причина за јавно разобличување на Судниот ден пред сите созданија. Џундуб, радијаллаху анху, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ سَمَّعَ سَمَّعَ اللَّهُ بِهِ يَوْمَ القِيَامَةِ، وَمَنْ يُرَائِي يُرَائِي اللَّهُ بِهِ».

„Кој прави нешто за да биде чуен, Аллах соодветно ќе го казни на Судниот ден, а тој што прави нешто за да биде виден, и него Аллах соодветно ќе го казни."[2] А значењето на зборовите „и него Аллах соодветно ќе го казни" е: на Судниот ден ќе биде јавно повикан како некој што правел дела за да биде чуен и виден.

---

[1] Го бележи Муслим со број (1905).
[2] Го бележи Бухари, бр. (6499).

## Заштита:

Начини на заштита од преправањето:

- Да знае дека Аллах гледа во неговата внатрешност, и знае што кријат неговите гради. Возвишениот Аллах вели:

﴿أَلَمۡ يَعۡلَمُوٓاْ أَنَّ ٱللَّهَ يَعۡلَمُ سِرَّهُمۡ وَنَجۡوَىٰهُمۡ وَأَنَّ ٱللَّهَ عَلَّٰمُ ٱلۡغُيُوبِ 78﴾

„Зарем тие не знаат дека Аллах го знае тоа што тие во себе го кријат и тоа што си го шепотат и дека Аллах е зналец на сè што е скриено?“ (Ет Теуба, 78)

- Постојана свест дека Возвишениот Аллах го гледа Својот роб, а тоа е степенот на „Ихсан“ кој го спомнал Пратеникот ,салаллаху алејхи ве селем, во хадисот на Џибрил, а тоа е:

«أَنْ تَعْبُدَ اللهَ كَأَنَّكَ تَرَاهُ، فَإِنْ لَمْ تَكُنْ تَرَاهُ، فَإِنَّهُ يَرَاكَ».

„Да го обожуваш Аллах како да Го гледаш, зашто ако ти не Го гледаш, Тој те гледа.“[1]

- Да биде искрен во сите негови зборови и дела, и сите да ги прави исклучиво само заради Аллах.

- Да знае дека луѓето не располагаат со моќ да му донесат корист ниту да му нанесат штета, и дека ако го изврши делото искрено заради Аллах, Аллах ќе биде задоволен од него и ќе го засака, па ќе биде прифатен и луѓето ќе го сакаат без тој да има потреба да им се покажува.

---

[1] Го бележи Муслим, бр. (97).

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ اللَّهَ إِذَا أَحَبَّ عَبْدًا دَعَا جِبْرِيلَ فَقَالَ: إِنِّي أُحِبُّ فُلَانًا فَأَحِبَّهُ، قَالَ: فَيُحِبُّهُ جِبْرِيلُ، ثُمَّ يُنَادِي فِي السَّمَاءِ فَيَقُولُ: إِنَّ اللَّهَ يُحِبُّ فُلَانًا فَأَحِبُّوهُ، فَيُحِبُّهُ أَهْلُ السَّمَاءِ، قَالَ ثُمَّ يُوضَعُ لَهُ الْقَبُولُ فِي الأَرْضِ، وَإِذَا أَبْغَضَ عَبْدًا دَعَا جِبْرِيلَ فَيَقُولُ: إِنِّي أُبْغِضُ فُلَانًا فَأَبْغِضْهُ، فَيُبْغِضُهُ جِبْرِيلُ، ثُمَّ يُنَادِي فِي أَهْلِ السَّمَاءِ: إِنَّ اللَّهَ يُبْغِضُ فُلَانًا فَأَبْغِضُوهُ، قَالَ: فَيُبْغِضُونَهُ، ثُمَّ تُوضَعُ لَهُ الْبَغْضَاءُ فِي الأَرْضِ».

„Кога Аллах ќе засака некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: ‚Јас го сакам тој и тој, затоа сакај го и ти.‘ Тогаш Џибрил ќе го засака, па обзнанува меѓу жителите на небесата: ‚Аллах го сака тој и тој, затоа сакајте го и вие.‘ Потоа ќе го засакаат и жителите на небесата, а потоа му се дава прифаќање кај луѓето на Земјата - и тие да го сакаат.

А кога Аллах ќе замрази некој роб, Го повикува Џибрил и му вели: ‚Јас го мразам тој и тој, затоа мрази го и ти.‘ Тогаш Џибрил го замразува, па обзнанува меѓу жителите на небесата: ‚Аллах го мрази тој и тој, затоа мразете го и вие.‘ И тие го замразуваат, потоа му се дава кај луѓето на Земјата и тие да го мразат.“[1]

- Да бара заштита кај Возвишениот Аллах од преправањето. Во хадис од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, се пренесуваат зборовите за заштита кои гласат:

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (3209), и Муслим, бр. (2637).

«أَيُّهَا النَّاسُ، اتَّقُوا هَذَا الشِّرْكَ؛ فَإِنَّهُ أَخْفَى مِنْ دَبِيبِ النَّمْلِ»، فَقَالَ لَهُ: مَنْ شَاءَ اللهُ أَنْ يَقُولَ وَكَيْفَ نَتَّقِيهِ، وَهُوَ أَخْفَى مِنْ دَبِيبِ النَّمْلِ يَا رَسُولَ اللهِ؟ قَالَ: «قُولُوا: اللَّهُمَّ إِنَّا نَعُوذُ بِكَ مِنْ أَنْ نُشْرِكَ بِكَ شَيْئًا نَعْلَمُهُ، وَنَسْتَغْفِرُكَ لِمَا لَا نَعْلَمُ».

„О, луѓе, чувајте се од овој ширк, бидејќи тој е поскриен од движењето на мравките.“ Па некој го праша: „Како да се чуваме од него, о, Аллахов пратенику, кога е поскриен од движењето на мравките?“ Тој одговори: „Кажете: ‚Аллаху мој, бараме заштита кај Тебе да не Ти направиме ширк во нешто свесно, и од Тебе бараме прошка за она што не го знаеме.‘“[1]

Омер бин Хатаб, радијаллаху анху, во неговите дови се молел: „Аллаху мој, направи секое мое дело да биде добро и искрено само за Тебе, и во него да нема удел за никој друг.“[2] Од Али бин ебу Талиб, радијаллаху анху, се пренесува дека ја изговарал следнава дова: „Аллаху мој, прочисти го моето срце од лицемерие, моите гради од злоба и моите дела од преправање.“[3]

- Барање помош од Возвишениот Аллах за ослободување од преправањето. Возвишениот Аллах вели за верниците:

﴿إِيَّاكَ نَعْبُدُ وَإِيَّاكَ نَسْتَعِينُ 5﴾

---

1 Ахмед бр. (19606).
2 Го бележи Ибн Еби Шејбе во Мусаннеф со број (2951).
3 Меџму‘ул фетава на Ибн Тејмије, 1/99.

„Само Тебе Те обожуваме и само од Тебе помош бараме!“ (Ел Фатиха, 5)

– Да се прикрива ибадетот и да не се покажува јавно, освен во случаите кога шеријатски е пропишано неговото јавно извршување — како што се езанот, намазот во џемат и слични ибадети — кои ниту е можно, ниту е пропишано да се извршуваат скришум.

## Оставање на намазот

Намазот е на висока положба во исламот, тој е столб на верата и е првиот ибадет по двата шехадета (двете сведоштва). Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«بُنِيَ الإِسْلَامُ عَلَى خَمْسٍ: شَهَادَةِ أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَإِقَامِ الصَّلَاةِ، وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ، وَحَجِّ البَيْتِ، وَصَوْمِ رَمَضَانَ».

„Исламот се темели врз пет (столба): Сведоштвото дека нема друго божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник, клањањето намаз, давањето зекат, аџилакот и постот во месецот рамазан.“[1]

Оставањето на намазот се смета за еден од најголемите гревови, а за оној што го остава постои страв дека може да стане неверник.

[1] Го бележат Бухари, бр. (8), и Муслим, бр. (21).

Џабир, радијалаху анху, пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ بَيْنَ الرَّجُلِ وَبَيْنَ الشِّرْكِ وَالْكُفْرِ، تَرْكَ الصَّلَاةِ».

„Навистина, помеѓу човекот и помеѓу ширкот (многубоштвото) и неверувањето е оставањето на намазот.“[1]

## Докази:

Доказите за забраната на оставањето на намазот и за појаснувањето на неговата грдост и големината на тој грев се многубројни, меѓу нив се:

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿فَخَلَفَ مِنۢ بَعۡدِهِمۡ خَلۡفٌ أَضَاعُواْ ٱلصَّلَوٰةَ وَٱتَّبَعُواْ ٱلشَّهَوَٰتِۖ فَسَوۡفَ يَلۡقَوۡنَ غَيًّا 59﴾

„Нив ги сменија поколенија, кои намазот (молитвата) го напуштија и по страстите тргнаа; тие пропаста ќе ја сретнат.“ (Мерјем, 59) Односно: ќе ги снајде тешка и удвоена казна, а муфесирите спомнуваат дека запоставувањето на намазот е или со негово целосно оставање, или со негово одложување надвор од пропишаното време.[2]

Возвишениот исто така вели:

﴿مَا سَلَكَكُمۡ فِي سَقَرَ 42 قَالُواْ لَمۡ نَكُ مِنَ ٱلۡمُصَلِّينَ 43﴾

[1] Го бележи Муслим, бр. (134).
[2] Види: Тефсир на Ибн Кесир, 5/243.

„Што ве доведе во Секар?“

„Не бевме“ – ќе речат – „од тие што клањаа“ (Ел Мудесир, 42-43) Оставањето на намазот е една од причините за влегување во Џехенемот, Аллах нека нѐ заштити од него.

Севишниот вели:

﴿فَوَيۡلٞ لِّلۡمُصَلِّينَ 4 ٱلَّذِينَ هُمۡ عَن صَلَاتِهِمۡ سَاهُونَ 5﴾

„А тешко на тие што, кога намазот (молитвата) го извршуваат,

намазот свој како што треба не го извршуваат.“ (Ел Маун, 4-5)

Ес-Са‘ди рекол: „А тешко на тие што, кога намазот (молитвата) го извршуваат“, т.е. тие што се обврзале да го извршуваат намазот, но тие, намазот свој како што треба не го извршуваат', т.е. го занемаруваат, не го извршуваат во пропишаното време и ги пропуштаат неговите составни делови, а тоа е поради нивното невнимание кон Аллаховата наредба, бидејќи го занемариле намазот, којшто е најважниот чин на покорност и најдоброто дело за приближување кон Аллах.“[1]

Бурејде, радијаллаху анху, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«العَهْدُ الَّذِي بَيْنَنَا وَبَيْنَهُمُ الصَّلَاةُ، فَمَنْ تَرَكَهَا فَقَدْ كَفَرَ».

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр: 935.

„Договорот помеѓу нас и нив е намазот, па кој ќе го остави, направил неверство.“[1]

Шекик бин Абдулах – а тој е еден од табиините (генерацијата по асхабите) – пренесува: „Асхабите на Мухамед, салаллаху алејхи ве селем, не го сметале оставањето на ниедно дело за неверство, освен намазот.“[2]

## Штетни последици:

Оставањето на намазот со себе носи многу штети, меѓу кои се:

- Губење на еден важен симбол од јасните симболи на исламот.

- Оној кој го остава намазот е изложен на опасност да западне во неверство, Аллах нека нè заштити. Исламските правници се разишле во мислењето: дали таквиот се смета за неверник врз кого се применуваат прописите за неверниците, или е извршител на еден од големите гревови?

- Оној кој го остава намазот нема удел во исламот. Од Мисвер бин Махрама се пренесува дека влегол кај Омер бин ел-Хатаб, радијалаху анху, во ноќта кога бил прободен со анџар, па го разбудил за сабахскиот намаз. Омер рекол: „Да, и нема удел во исламот оној што го остава

[1] Го бележи Тирмизи, бр. (261).
[2] Го бележи Тирмизи, бр. (2622).

намазот.“ Потоа Омер клањал, а од раната му течела крв.[1] Раната обилно му крварела.

Ел-Баџи, рахимехуллах, рекол: „Изјавата на Омер: ‚Нема удел во исламот оној што го остава намазот“, што значи: дека тој нема дел (исе) во исламот и неговите дела не се прифатени; бидејќи намазот е првото дело во исламот кое се прифаќа и има најголема важност. Па, кој ќе го остави намазот, го губи својот удел од сите други исламски дела, и од нив нема ниту корист, ниту удел.“[2]

- Оставањето на намазот е причина разочарување и губиток на Судниот ден. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ أَوَّلَ مَا يُحَاسَبُ بِهِ العَبْدُ يَوْمَ القِيَامَةِ مِنْ عَمَلِهِ صَلَاتُهُ، فَإِنْ صَلَحَتْ فَقَدْ أَفْلَحَ وَأَنْجَحَ، وَإِنْ فَسَدَتْ فَقَدْ خَابَ وَخَسِرَ».

„Првото дело за кое робот ќе одговара на Судниот ден е неговиот намаз. Ако му биде исправен, тој успеал и се спасил, а ако му биде неисправен, тој пропаднал и на губиток е.“[3]

Авн бин Абдулах, радијаллаху анху, рекол: „Навистина, кога човекот ќе биде ставен во својот гроб, првото нешто за кое ќе биде

---

[1] Мувета од имамот Малик, бр. (51).
[2] Ел-Мунтека Шерх Ел-Муветта, 1/86.
[3] Го бележи Тирмизи, бр. (413).

прашан е намазот. Па, ако му биде примен, ќе се разгледаат и останатите негови дела, а ако не му биде примен, нема да се разгледува ниедно друго негово дело.“[1]

- Оној што ќе остави еден намаз, Аллах ќе се разгневи на него, а Ибн Абас, радијаллаху анхума, рекол: „Оној што намерно ќе остави еден намаз, ќе Го сретне Аллах, а Тој ќе биде лут на него.“[2]

- На Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, му било наредено да се бори против оние што го оставаат намазот. Од Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«أُمِرْتُ أَنْ أُقَاتِلَ النَّاسَ حَتَّى يَشْهَدُوا أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَيُقِيمُوا الصَّلَاةَ، وَيُؤْتُوا الزَّكَاةَ، فَإِذَا فَعَلُوا ذَلِكَ عَصَمُوا مِنِّي دِمَاءَهُمْ وَأَمْوَالَهُمْ إِلَّا بِحَقِّ الإِسْلَامِ، وَحِسَابُهُمْ عَلَى اللَّهِ».

„Наредено ми е да се борам против луѓето сѐ додека не посведочат дека нема друго божество освен Аллах и дека Мухамед е Аллаховиот пратеник, сѐ додека не почнат да извршуваат намаз и да даваат зекат. Ако направат вака, тогаш им се безбедни и животите и имотите, освен ако направат престап против прописите

[1] Ел Кебаир, стр. 20.
[2] Ел Кебаир од Ез-Зехеби, стр. 20.

на исламот, а за останатото ќе бидат одговорни пред Аллах.“[1]

- Ќе бидат лишени од светлината, за која известил Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кога рекол:

«الصَّلاةُ نُورٌ».

„Намазот е светлина.“[2]

– Оставањето на намазот доведува до ширење на развратот и лошите дела во муслиманското општество; затоа што редовното извршување на намазот ги штити и поединците и општеството од разврат и лоши дела, како што Возвишениот вели:

﴿...وَأَقِمِ الصَّلَاةَ إِنَّ الصَّلَاةَ تَنْهَى عَنِ الْفَحْشَاءِ وَالْمُنْكَرِ...﴾

„И извршувај го намазот (молитвата) – намазот навистина одвраќа од развратот и од сè што е лошо.“ (Ел Анкебут, 45)

## Заштита:

Начини на заштита да не западнете во големиот грев - оставањето на намазот:

- Спознавање на возвишената положба на намазот во исламот и да научиме за тоа од Благородниот Куран и чистиот Сунет.

- Да научиме за начинот на клањање на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Малик

[1] Го бележат Бухари, бр. (25), и Муслим, бр. (22).
[2] Го бележи Муслим со број (223).

бин ел-Хувејрис, радијаллаху анху, пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«صَلُّوا كَمَا رَأَيْتُمُونِي أُصَلِّي».

„Клањајте како што сте ме виделе дека клањам.“[1]

- Грижа за извршувањето на фарз намазите во џамија во џемат, и да не се дозволи ништо да го одвлече вниманието на муслиманот од намазот во негово време. Возвишениот вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تُلۡهِكُمۡ أَمۡوَٰلُكُمۡ وَلَآ أَوۡلَٰدُكُمۡ عَن ذِكۡرِ ٱللَّهِۚ وَمَن يَفۡعَلۡ ذَٰلِكَ فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡخَٰسِرُونَ 9﴾

„О, верници, нека не ве занесат богатствата ваши и децата ваши од сеќавањето на Аллах. А тие што ќе го сторат тоа, ќе бидат изгубени.“ (Ел Мунафикун, 9) Ибн Хаџер ел-Хејтеми рекол: „Група на муфесири (коментатори на Куранот) рекле: ‚Под спомнувањето на Аллах тука се мисли на петте намази, па кој ќе го занемари намазот во негово време поради својот имот, како што е трговијата, занаетот или децата, тој е од губитниците.‘“[2]

- Држење подалеку од лошото друштво и оние што прават гревови и што го занемаруваат намазот.

[1] Го бележат Бухари, бр. (631), и Муслим, бр. (674).
[2] Ез-Зеваџир ‘ан иктираф ел-Кебаир, 1/ 220.

- Навикнување на децата на намазот уште во детството. Абдулах бин Амр бин ел-Ас, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مُرُوا أَوْلَادَكُمْ بِالصَّلَاةِ وَهُمْ أَبْنَاءُ سَبْعِ سِنِينَ، وَاضْرِبُوهُمْ عَلَيْهَا وَهُمْ أَبْنَاءُ عَشْرٍ».

„Наредете им на вашите деца да го клањаат намазот кога ќе наполнат седум години, а казнете ги ако одбијат кога ќе наполнат десет години.“[1]

- Често клањање доброволни намази, бидејќи тие ги надоместуваат недостатоците на фарз намазите. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ أَوَّلَ مَا يُحَاسَبُ بِهِ العَبْدُ يَوْمَ القِيَامَةِ مِنْ عَمَلِهِ صَلَاتُهُ؛ فَإِنْ صَلَحَتْ فَقَدْ أَفْلَحَ وَأَنْجَحَ، وَإِنْ فَسَدَتْ فَقَدْ خَابَ وَخَسِرَ، فَإِنِ انْتَقَصَ مِنْ فَرِيضَتِهِ شَيْءٌ، قَالَ الرَّبُّ عَزَّ وَجَلَّ: انْظُرُوا هَلْ لِعَبْدِي مِنْ تَطَوُّعٍ، فَيُكْمَلُ بِهَا مَا انْتَقَصَ مِنَ الفَرِيضَةِ، ثُمَّ يَكُونُ سَائِرُ عَمَلِهِ عَلَى ذَلِكَ».

„Првото нешто за кое човекот, ќе полага сметка, на Судниот ден од неговите дела е неговиот намаз; ако му е исправен, тој успеал и се спасил, а ако му е неисправен, тој пропаднал и изгубил. Па, ако има некаков недостаток во неговите задолжителни намази, Семоќниот и Возвишен Господар ќе рече: ‚Погледнете дали

[1] Го Ебу Давуд, бр. (495)

Мојот роб има доброволни дела, па со нив да се надополни она што недостасувало од задолжителните.' Потоа, на ист начин ќе се постапи и со останатите негови дела."[1]

- Познавањето на големата награда што се добива со извршувањето на намазот; и дека тоа е најсаканото дело што муслиманот го извршува од покорност кон Аллах, а воедно и средство преку кое робот се поврзува со својот Создател, Го моли и бара помош од Него.

- Внимателност и грижа за брзо извршување на намазот на почетокот на неговото време, и користење на помошни средства за таа цел, како: активирање аларм, барање на потсетување од пријател, следење на нешто што ги содржи точните времиња за намаз, и други средства.

## Недавање на зекатот

Зекатот е еден од основните столбови на исламот и претставува задолжителна садака (милосрдие) што се зема од богатите и им се дава на сиромашните. Неговото недавање е еден од големите гревови, за кои Аллах го негирал иманот на тие што го прават, им се заканил со разни предупредувања и тешки казни во животот и по смртта: пропаст на овој свет, а несреќа и загуба на Ахирет. Одбивањето

[1] Го бележи Тирмизи, бр. (413)

да се даде зекат претставува несреќа како за оној што скржави и не го дава, така и за општеството што ја одобрува таа лоша постапка и не ја осудува.

Оној што одбива да го дава зекатот, негирајќи ја неговата обврска, без сомнеж излегува од верата исламот и станува неверник. За разлика од оној што го одбива поради скржавост и алчност - неговиот грев е голем и тежок, бидејќи бројни ајети и хадиси укажуваат дека недавањето зекат е еден од големите гревови за кои Возвишениот Аллах одредил и овосветски и оносветски казни.

## Докази:

Наведени се многубројни докази во Куранот и Сунетот за предупредување од недавањето зекат, од кои се:

Аллаховите зборови:

﴿...وَٱلَّذِينَ يَكۡنِزُونَ ٱلذَّهَبَ وَٱلۡفِضَّةَ وَلَا يُنفِقُونَهَا فِي سَبِيلِ ٱللَّهِ فَبَشِّرۡهُم بِعَذَابٍ أَلِيمٖ
34 يَوۡمَ يُحۡمَىٰ عَلَيۡهَا فِي نَارِ جَهَنَّمَ فَتُكۡوَىٰ بِهَا جِبَاهُهُمۡ وَجُنُوبُهُمۡ وَظُهُورُهُمۡۖ هَٰذَا
مَا كَنَزۡتُمۡ لِأَنفُسِكُمۡ فَذُوقُواْ مَا كُنتُمۡ تَكۡنِزُونَ 35﴾

„На тие кои златото и среброто го збираат и на Аллаховиот пат не го трошат, најави им болно страдание!

На Денот кога тоа (златото и среброто) во огнот џехенемски ќе се усвити, па со него челата нивни и слабините нивни и грбовите нивни ќе се жигосаат: ,Ова е тоа што за себе го

натрупувавте; искусете ја тогаш казната за тоа што го збиравте!'" (Ет Теубе, 34-35)

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ آتَاهُ اللَّهُ مَالًا، فَلَمْ يُؤَدِّ زَكَاتَهُ، مُثِّلَ لَهُ مَالُهُ شُجَاعًا أَقْرَعَ، لَهُ زَبِيبَتَانِ، يُطَوِّقُهُ يَوْمَ القِيَامَةِ، يَأْخُذُ بِلَهْزِمَتَيْهِ -يَعْنِي شِدْقَيْهِ- ثُمَّ يَقُولُ: أَنَا مَالُكَ، أَنَا كَنْزُكَ» ثم تلا: ﴿وَلَا يَحْسَبَنَّ الَّذِينَ يَبْخَلُونَ بِمَا آتَاهُمُ اللَّهُ مِنْ فَضْلِهِ هُوَ خَيْرًا لَهُمْ بَلْ هُوَ شَرٌّ لَهُمْ سَيُطَوَّقُونَ مَا بَخِلُوا بِهِ يَوْمَ الْقِيَامَةِ وَلِلَّهِ مِيرَاثُ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ وَاللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرٌ 180﴾.

„Оној кому Аллах му дал имот, а не го издвојува неговиот зекат, на Судниот ден неговиот имот ќе му биде претставен како страшна ќелава змија со две отровни дамки над очите. Таа ќе му се обвие околу вратот, ќе го фати за образите и ќе му каже: 'Јас сум твојот имот, јас сум твоето богатство.'" Потоа рецитираше: „Нека не мислат тие што се скржави во тоа што Аллах од изобилието Свое им го дава дека е тоа добро за нив! Не, тоа е лошо за нив! На Судниот ден ќе им биде замотано околу вратот тоа за што беа скржави! А на Аллах Му припаѓа наследството на небесата и на Земјата и Аллах е известен за тоа што го правите!"[1] (Али Имран, 180)

Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, исто така, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

[1] Го бележи Бухари, бр. (1403).

«مَا مِنْ صَاحِبِ ذَهَبٍ وَلَا فِضَّةٍ لَا يُؤَدِّي مِنْهَا حَقَّهَا إِلَّا إِذَا كَانَ يَوْمُ الْقِيَامَةِ، صُفِّحَتْ لَهُ صَفَائِحُ مِنْ نَارٍ، فَأُحْمِيَ عَلَيْهَا فِي نَارِ جَهَنَّمَ، فَيُكْوَى بِهَا جَنْبُهُ وَجَبِينُهُ وَظَهْرُهُ، كُلَّمَا بَرَدَتْ أُعِيدَتْ لَهُ، فِي يَوْمٍ كَانَ مِقْدَارُهُ خَمْسِينَ أَلْفَ سَنَةٍ، حَتَّى يُقْضَى بَيْنَ الْعِبَادِ، فَيَرَى سَبِيلَهُ، إِمَّا إِلَى الْجَنَّةِ وَإِمَّا إِلَى النَّارِ».

„Нема сопственик на злато или сребро кој не ја исполнува својата обврска, а на Судниот ден да не му бидат направени плочи од оган; ќе бидат загреани во џехенемскиот оган, па со нив ќе му се жигосуваат неговите бокови, чело и грб. Секогаш кога ќе се оладат, ќе му бидат повторно вратени, во ден што трае педесет илјади години, сè додека не се заврши судењето помеѓу Аллаховите робови, па ќе го види својот пат: или кон Џенетот, или кон Џехенемот.“[1]

Така постапил и Ебу Бекр Ес-Сидик, радијаллаху анху со оние што одбија да го даваат зекатот по смртта на Пратеникот, алејхи селам. Тој се борел против нив сè додека не се покајале и не го дале зекатот од својот имот. Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол:

لَمَّا تُوُفِّيَ النَّبِيُّ ﷺ واستخلَفَ أَبُو بَكْرٍ، وَكَفَرَ مَن كَفَرَ مِنْ العَرَبِ، قَالَ عُمَرُ: يَا أَبَا بَكْرٍ، كَيْفَ تُقَاتِلُ النَّاسَ وَقَدْ قَالَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ: «أُمِرْتُ أَنْ أُقَاتِلَ النَّاسَ حَتَّى يَقُولُوا: لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، فَمَنْ قَالَ: لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ، عَصَمَ مِنِّي مَالَهُ وَنَفْسَهُ إِلَّا بِحَقِّهِ، وَحِسَابُهُ عَلَى اللَّهِ؟» قال أبو بكر: وَاللَّهِ لَأُقَاتِلَنَّ مَنْ فَرَّقَ بَيْنَ الصَّلَاةِ وَالزَّكَاةِ، فَإِنَّ الزَّكَاةَ حَقُّ المَالِ، وَاللَّهِ لَوْ مَنَعُونِي عَنَاقًا (هي الأنثى من ولد المعز التي لم تبلغ

[1] Го бележи Муслим, бр. (987)

سنة) كَانُوا يُؤَدُّونَهَا إِلَى رَسُولِ اللَّهِ ﷺ لَقَاتَلْتُهُمْ عَلَى مَنْعِهَا. قَالَ عُمَرُ: فَوَاللَّهِ مَا هُوَ إِلَّا أَنْ رَأَيْتُ أَنْ قَدْ شَرَحَ اللَّهُ صَدْرَ أَبِي بَكْرٍ لِلْقِتَالِ، فَعَرَفْتُ أَنَّهُ الحَقُّ.

„Кога почина Пратеникот, алејхи селам, и Ебу Бекр стана негов наследник, а некои од Арапите се одметнаа од верата, Омер рече: „О, Ебу Бекр, како можеш да се бориш против луѓето, кога Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, рекол: ,Наредено ми е да се борам против луѓето сè додека не кажат дека нема друго божество освен Аллах. Па, кој ќе каже дека нема друго божество освен Аллах, го заштитил од мене својот имот и својот живот, освен кога правото бара поинаку, а неговата пресметка е кај Аллах?'" Ебу Бекр рече: „Се колнам во Аллах, ќе се борам против секој што прави разлика меѓу намазот и зекатот, затоа што зекатот е право на имотот. Се колнам во Аллах, ако ми ускратат макар и едно јаре (женско козле кое сè уште нема една година) што му го давале на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ќе се борам против нив поради тоа." Омер рече: „Се колнам во Аллах, штом видов дека Аллах му ги отворил градите на Ебу Бекр за борба, знаев дека тоа е вистината."[1]

[1] Го бележат Бухари, бр. (1399), и Муслим, бр. (20).

## Штетни последици:

Штетни последици од недавањето на зекатот:

- Недавањето на зекатот е една од особините на многубошците, па оној што не го дава, ги имитира нив, а кој имитира еден народ, тој е еден од нив. Возвишениот вели:

﴿...وَوَيۡلٞ لِّلۡمُشۡرِكِينَ 6 ٱلَّذِينَ لَا يُؤۡتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ...﴾

„И тешко на многубошците кои зекат не даваат.“ (Фусилет, 6-7)

- Скржавоста при издвојувањето на зекатот е една од знаците и причините на лицемерството, како што Возвишениот Аллах во описот на лицемерите, вели:

﴿...وَلَا يُنْفِقُونَ إِلَّا وَهُمْ كَارِهُونَ 54﴾

„И што без волја даваат.“ (Ет Теуба, 54)

- Искушение преку спречување на дождот. Ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«...وَلَمْ يَمْنَعُوا زَكَاةَ أَمْوَالِهِمْ، إِلَّا مُنِعُوا القَطْرَ مِنَ السَّمَاءِ، وَلَوْلَا البَهَائِمُ لَمْ يُمْطَرُوا».

„Не го спречиле давањето на зекатот од нивниот имот, а да не им бил спречен дождот од небото. А да не беше стоката, немаше ни да им заврне дожд.“[1]

---

1 Го бележи Ибн Маџе, бр. (4019).

- Води кон уништување и исчезнување на имотот, преку различни причини што предизвикуваат пропаст и загуба.

- Недавањето на зекат доведува до ширење на омраза меѓу сиромашните и богатите во општеството.

## Заштита:

Начини на заштита од овој голем грев:

- Муслиманот треба да знае дека имотот е сопственост на Аллах, и дека благодатта е во Неговите раце – Тој ја дарува кому сака. Возвишениот Аллах е Тој Кој дава, и Нему Му припаѓа она што го дарувал. Тој, исто така, му наредил да ја изврши таа обврска (фарз) кон оние кои се во потреба. А ти си само довереник над тој имот; па ако Возвишениот Аллах посака – ќе ти даде, а ако посака – ќе ти го одземе.

- Оној што го дава зекатот треба да биде свесен за вредноста на тоа дело и за казната поради неговото недавање. Треба да знае дека Аллах ќе му го надомести – а Тој е најдобриот Снабдувач – и дека Тој ја зголемува и умножува (награда) за него сѐ додека не порасне и не стане колку планината Ухуд во добри дела. А оној што ја извршува (оваа обврска), кого Аллах го израдувал со веста дека нема да се плаши на овој свет, ниту пак ќе тагува на идниот, брза кон неа и се натпреварува во добри дела. А кога ќе

дознае за казната на оној што ја запоставува, ќе се исплаши од Аллаховата казна – и на овој и на оној свет – па ќе се покори на наредбата на Возвишениот Аллах, надевајќи се на Неговата награда и плашејќи се од Неговата казна.

- Да се бара заштита кај Аллах од скржавоста, бидејќи Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, наредувал да се бара заштита од неа. Од Мусаб бин Сад се пренесува дека Сад бин Еби Векас, радијаллаху анху, наредувал пет работи, пренесувајќи од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, дека и тој ги наредувал:

«اللَّهُمَّ إِنِّي أَعُوذُ بِكَ مِنَ البُخْلِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنَ الجُبْنِ، وَأَعُوذُ بِكَ أَنْ أُرَدَّ إِلَى أَرْذَلِ العُمُرِ، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ فِتْنَةِ الدُّنْيَا، وَأَعُوذُ بِكَ مِنْ عَذَابِ القَبْرِ».

„Аллаху мој, барам заштита од Тебе од скржавоста, и барам заштита од Тебе од кукавичлукот, и барам заштита од Тебе да не доживеам најбедна старост, и барам заштита од Тебе од искушенијата на овој свет, и барам заштита од Тебе од казната во гробот.“[1]

## Блуд (прељуба, вонбрачен полов однос)

Блудот е голем грев кој укажува на неисправност на верата и моралот, а неговата штета се префрла и на народите и општествата, предизвикувајќи слабост, распад и пропаст. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем,

[1] Го бележи Бухари, бр. (6365).

известил дека бројноста и ширењето на прељубата е еден од предзнаците на Судниот ден. Енес бин Малик, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مِنْ أَشْرَاطِ السَّاعَةِ أَنْ يُرْفَعَ العِلْمُ، وَيَثْبُتَ الجَهْلُ، وَيُشْرَبَ الخَمْرُ، وَيَظْهَرَ الزِّنَا».

„Еден од предзнаците на Судниот ден е кога знаењето ќе го снема, а незнаењето ќе се зацврсти, ќе се пие алкохол и ќе се прошири блудот.“[1]

## Докази:

Доказите за забраната на блудот, како и за неговата грозност и големината на тој грев се многубројни. Некои од нив се:

Зборовите на Возвишениот:

﴿وَلَا تَقۡرَبُواْ ٱلزِّنَىٰٓۖ إِنَّهُۥ كَانَ فَٰحِشَةٗ وَسَآءَ سَبِيلٗا 32﴾

„И не приближувајте му се на блудот, бидејќи тоа е разврат, колку лош пат е тоа!“ (Ел Исра, 32)

Возвишениот исто така вели:

﴿ٱلزَّانِيَةُ وَٱلزَّانِي فَٱجۡلِدُواْ كُلَّ وَٰحِدٖ مِّنۡهُمَا مِاْئَةَ جَلۡدَةٖۖ وَلَا تَأۡخُذۡكُم بِهِمَا رَأۡفَةٞ فِي دِينِ ٱللَّهِ إِن كُنتُمۡ تُؤۡمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِۖ وَلۡيَشۡهَدۡ عَذَابَهُمَا طَآئِفَةٞ مِّنَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ 2﴾

„Блудникот и блудничката искамшикувајте ги со сто удари, секој од нив, и при

[1] Бухари, бр. (80), и Муслим, бр. (2671).

извршувањето на Аллаховите прописи нека не ве обзема никакво сожалување кон нив, ако верувате во Аллах и во оној свет, и при нивното казнување нека присуствува една група верници!“ (Ен Нур, 2)

Во друг ајет се вели:

﴿وَٱلَّذِينَ لَا يَدۡعُونَ مَعَ ٱللَّهِ إِلَٰهًا ءَاخَرَ وَلَا يَقۡتُلُونَ ٱلنَّفۡسَ ٱلَّتِي حَرَّمَ ٱللَّهُ إِلَّا بِٱلۡحَقِّ
وَلَا يَزۡنُونَۚ وَمَن يَفۡعَلۡ ذَٰلِكَ يَلۡقَ أَثَامٗا 68 يُضَٰعَفۡ لَهُ ٱلۡعَذَابُ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ وَيَخۡلُدۡ فِيهِۦ
مُهَانًا 69 إِلَّا مَن تَابَ وَءَامَنَ وَعَمِلَ عَمَلٗا صَٰلِحٗا فَأُوْلَٰٓئِكَ يُبَدِّلُ ٱللَّهُ سَيِّـَٔاتِهِمۡ
حَسَنَٰتٖۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورٗا رَّحِيمٗا 70﴾

„И тие кои покрај Аллах на друг бог не му се молат, и тие, коишто Аллах ги забранил, не ги убиваат, освен кога правдата бара, и кои не прават блуд; а кој тоа го прави, ќе ја искуси казната,

страдањето на оној свет двојно ќе му биде, и во него вечно понижен ќе остане,

освен тие што ќе се покајат и ќе поверуваат и добри дела ќе прават, Аллах нивните лоши дела во добри ќе ги смени, а Аллах простува и Милостив е.“ (Ел Фуркан, 68-70)

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَزْنِي الزَّانِي حِينَ يَزْنِي وَهُوَ مُؤْمِنٌ».

„Човекот кој прави блуд, не е верник додека го прави.“[1]

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (2475), и Муслим, бр. (100).

Абдулах бин Месуд, радијалаху анху, раскажува:

سَأَلْتُ النَّبِيَّ ﷺ: أَيُّ الذَّنْبِ أَعْظَمُ عِنْدَ اللَّهِ؟ قَالَ: «أَنْ تَجْعَلَ لِلَّهِ نِدًّا وَهُوَ خَلَقَكَ»، قُلْتُ: إِنَّ ذَلِكَ لَعَظِيمٌ، قُلْتُ: ثُمَّ أَيُّ؟ قَالَ: «وَأَنْ تَقْتُلَ وَلَدَكَ تَخَافُ أَنْ يَطْعَمَ مَعَكَ»، قُلْتُ: ثُمَّ أَيُّ؟ قَالَ: «أَنْ تُزَانِيَ حَلِيلَةَ جَارِكَ».

„Го прашав Аллаховиот Пратеник, алејхи селам: ‚Кој е најголемиот грев кај Аллах?‘ Тој одговори: ‚Да му припишеш здруженик на Аллах, а Тој те создал‘, реков: ‚Навистина е голем грев.‘, и додадов: ‚А кој е најголемиот грев после него?‘ Тој рече: ‚Да го убиеш своето чедо, плашејќи се од сиромаштија.‘ Пак прашав: ‚А по него?‘, а тој одговори: ‚Да направиш блуд со жената на соседот.‘“[1]

Убаде бин Самит, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«خُذُوا عَنِّي، خُذُوا عَنِّي، الْبِكْرُ بِالْبِكْرِ جَلْدُ مِائَةٍ وَنَفْيُ سَنَةٍ، وَالثَّيِّبُ بِالثَّيِّبِ جَلْدُ مِائَةٍ وَالرَّجْمُ».

„Примете го ова од мене, примете го ова од мене: за неженет со немажена – сто удари и прогонство од една година, а за оженет со омажена – сто удари и каменување.“[2]

Блудот во целост е харам-забранет и спаѓа во категоријата на големи гревови, но некои видови на блуд се потешки и поомразени кај

[1] Го бележат Бухари, бр. (4477), и Муслим, бр. (86).
[2] Го бележи Муслим со број (1690).

Аллах од другите. Во најтешките и најомразените видови на блуд спаѓаат:

- Блуд со блиски роднини. Ел-Бера бин Азиб, радијаллаху анху, раскажува:

«لَقِيتُ عَمِّي وَمَعَهُ رَايَةٌ، فَقُلْتُ لَهُ: أَيْنَ تُرِيدُ؟ قَالَ: بَعَثَنِي رَسُولُ اللَّهِ ﷺ إِلَى رَجُلٍ نَكَحَ امْرَأَةَ أَبِيهِ، فَأَمَرَنِي أَنْ أَضْرِبَ عُنُقَهُ، وَآخُذَ مَالَهُ».

„Го сретнав чичко ми, кој носеше знаме, па го прашав: ‚Каде одиш?‘ Тој одговори: ‚Ме испрати Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кај еден човек кој се оженил со жената на својот татко, па ми нареди да го погубам и да му го земам имотот.‘“[1]

- Прељуба со сопругата на соседот: Од Ел-Микдад бин Ел-Есвед, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол:

سَأَلَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ أَصْحَابَهُ عَنِ الزِّنَا؟ قَالُوا: حَرَامٌ، حَرَّمَهُ اللَّهُ وَرَسُولُهُ، فَقَالَ: «لَأَنْ يَزْنِيَ الرَّجُلُ بِعَشْرِ نِسْوَةٍ، أَيْسَرُ عَلَيْهِ مِنْ أَنْ يَزْنِيَ بِامْرَأَةِ جَارِهِ».

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги прашал своите другари за блудот. Тие одговориле: „Забранет е. Алах и Неговиот пратеник го забраниле.“ Тогаш тој рекол: „Помал грев е за човекот да изврши блуд со десет жени, отколку да изврши блуд со сопругата на својот сосед.“[2]

- Блуд со жените на муџахидите. Пренесува Сулејман бин Бурејде, од неговиот татко,

[1] Го Ебу Давуд, бр. (4457).
[2] Го бележи Бухари во Ел Едеб Ел Муфред бр. (103).

радијаллаху анху, дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«حُرْمَةُ نِسَاءِ الْمُجَاهِدِينَ عَلَى الْقَاعِدِينَ كَحُرْمَةِ أُمَّهَاتِهِمْ، وَمَا مِنْ رَجُلٍ مِنَ الْقَاعِدِينَ يَخْلُفُ رَجُلًا مِنَ الْمُجَاهِدِينَ فِي أَهْلِهِ فَيَخُونُهُ فِيهِمْ، إِلَّا وَقَفَ لَهُ يَوْمَ الْقِيَامَةِ، فَيَأْخُذُ مِنْ عَمَلِهِ مَا شَاءَ، فَمَا ظَنُّكُمْ؟».

„Честа на жените на муџахидините за оние кои остануваат е како честа на нивните мајки. И нема маж од оние кои остануваат, кој ќе се грижи за семејството на некој муџахид, па ќе го изневери, а на Судниот ден да не застане пред него и да земе од неговите дела колку што ќе посака. Па, што мислите тогаш?“[1]

- Блудот на старите лица. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«ثَلَاثَةٌ لَا يُكَلِّمُهُمُ اللَّهُ يَوْمَ الْقِيَامَةِ وَلَا يُزَكِّيهِمْ، وَلَا يَنْظُرُ إِلَيْهِمْ، وَلَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ: شَيْخٌ زَانٍ، وَمَلِكٌ كَذَّابٌ، وَعَائِلٌ مُسْتَكْبِرٌ».

„Со тројца Аллах нема да зборува на Судниот ден, нема да ги исчисти нуту ќе ги погледне и ќе бидат казнети со болна казна: старец блудник, владетел кој лаже и вообразен сиромав.“[2]

## Штетни последици:

Блудот има многу штетни последици:

- Иманот се издигнува над робот во моментот кога прави блуд, па кога ќе се покае, му се враќа.

[1] Го бележи Муслим, бр. (1897).
[2] Го бележи Муслим, бр. (172).

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِذَا زَنَى الرَّجُلُ خَرَجَ مِنْهُ الإِيمَانُ كَانَ عَلَيْهِ كَالظُّلَّةِ، فَإِذَا انْقَطَعَ رَجَعَ إِلَيْهِ الإِيمَانُ».

„Кога човекот прави блуд, иманот излегува од него и стои над него како облак, па кога ќе престане, иманот му се враќа.“[1]

- Блудот е причина за Аллаховиот гнев, лутина и казна.

- Повлекува шеријатска казна на овој свет: каменување до смрт ако сторителот е оженет, или сто удари со камшик ако е неженет.

- Блудот доведува до мешање на родословието, до распаѓање на семејствата, појава на непријателство меѓу нив и до пропаст на општеството.

- Појавувањето на болести кои не беа познати порано, како што е сидата.

- Со блудот го снемува срамот и доверливоста.

## Заштита:

Начини на заштита од блудот:

- Бракот е еден од најефикасните начини за заштита од блуд, па кој не може да се ожени, нека пости. Абдулах бин Месуд, радијаллаху

[1] Ебу Давуд, бр. (4690).

анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنِ اسْتَطَاعَ البَاءَةَ فَلْيَتَزَوَّجْ، فَإِنَّهُ أَغضُّ لِلْبَصَرِ، وَأَحْصَنُ لِلْفَرْجِ، وَمَنْ لَمْ يَسْتَطِعْ فَعَلَيْهِ بِالصَّوْمِ، فَإِنَّهُ لَهُ وِجَاءٌ».

„Кој има можност да се ожени, нека го стори тоа, бидејќи тоа најдобро го чува погледот и ја штити чедноста. А кој не може, нека пости, бидејќи постот е заштита за него.“[1]

- Чување на органите и спуштање на погледот, како што Возвишениот вели:

﴿قُل لِّلْمُؤْمِنِينَ يَغُضُّوا۟ مِنْ أَبْصَٰرِهِمْ وَيَحْفَظُوا۟ فُرُوجَهُمْ ۚ ذَٰلِكَ أَزْكَىٰ لَهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ خَبِيرٌۢ بِمَا يَصْنَعُونَ 30 وَقُلْ لِلْمُؤْمِنَاتِ يَغْضُضْنَ مِنْ أَبْصَارِهِنَّ وَيَحْفَظْنَ فُرُوجَهُنَّ...﴾

„Кажи им на верниците нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои; тоа им е најморално, затоа што Аллах навистина го знае тоа што го прават.

А кажи им на верничките нека ги спуштат погледите свои и нека ги чуваат срамните места свои.“ (Ен Нур, 30-31) Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ اللَّهَ كَتَبَ عَلَى ابْنِ آدَمَ حَظَّهُ مِنَ الزِّنَا، أَدْرَكَ ذَلِكَ لَا مَحَالَةَ، فَزِنَا العَيْنِ النَّظَرُ، وَزِنَا اللِّسَانِ المَنْطِقُ، وَالنَّفْسُ تَمَنَّى وَتَشْتَهِي، وَالفَرْجُ يُصَدِّقُ ذَلِكَ أَوْ يُكَذِّبُهُ».

„Аллах му го одредил на синот Адемов неговиот удел од блудот, кој тој неминовно ќе

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (1905), и Муслим, бр. (1400).

го достигне: блудот на окото е гледањето, а блудот на јазикот е говорот, душата посакува и копнее, а половиот орган го потврдува тоа или го негира/отфрла.“[1]

- Забрана за осамување со туѓа жена. Ибн Абас, радијаллаху анхума, пренесува дека го слушнал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«لَا يَخْلُوَنَّ رَجُلٌ بِامْرَأَةٍ إِلَّا وَمَعَهَا ذُو مَحْرَمٍ».

„Нека не се осамува маж со жена освен ако со неа не е присутен нејзин старател (махрем).“[2]

- Придржувањето на муслиманката кон хиџабот кој Возвишениот Аллах го наредил во поглавјата Ен-Нур и Ел-Ахзаб, и избегнување на разоткривањето кое Шеријатот го забранил.

- Забрана за посетување на порнографски страници, или комуникација со лошо друштво од мажи и жени.

- Поттикнување на покајание со неговите три услови (престанок со блудот, каење за направеното и цврста одлука да не му се врати повторно), Возвишениот Аллах, опишувајќи ги робовите на Семилосниот, вели:

﴿...وَلَا يَزْنُونَ وَمَن يَفْعَلْ ذَٰلِكَ يَلْقَ أَثَامًا 68 يُضَٰعَفْ لَهُ ٱلْعَذَابُ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ وَيَخْلُدْ فِيهِۦ مُهَانًا 69 إِلَّا مَن تَابَ وَءَامَنَ وَعَمِلَ عَمَلًا صَٰلِحًا فَأُوْلَٰٓئِكَ يُبَدِّلُ ٱللَّهُ سَيِّـَٔاتِهِمْ حَسَنَٰتٍۗ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا 70﴾

[1] Го бележат Бухари, бр. (6612), и Муслим, бр. (2657).
[2] Го бележат Бухари, бр. (3006), и Муслим, бр. (1341).

„И кои не прават блуд; а кој тоа го прави, ќе ја искуси казната,

страдањето на оној свет двојно ќе му биде, и во него вечно понижен ќе остане,

освен тие што ќе се покајат и ќе поверуваат и добри дела ќе прават, Аллах нивните лоши дела во добри ќе ги смени, а Аллах простува и Милостив е.“ (Ел Фуркан, 68-70)

## Кражбата

Кражбата е голем грев кој ја нарушува чесноста на човекот и неговата вера. Возвишениот Аллах за неа ја пропишал казната, а тоа е отсекување на раката кога ќе се исполнат нејзините услови. Тој го негирал иманот на сторителот во моментот кога го врши овој голем грев и пропишал проклетство врз него.

Постојат и други видови поврзани со кражбата, иако прописот за нив е различен, како што се проневера, грабеж и крадењето од џепови. Секое од овие грозни дела си има свој пропис и казна.

### Докази:

Доказите за забраната, грдоста и големината на гревот на кражбата се многубројни, меѓу нив се:

Зборовите на Возвишениот:

﴿وَٱلسَّارِقُ وَٱلسَّارِقَةُ فَٱقۡطَعُوٓاْ أَيۡدِيَهُمَا جَزَآءَۢ بِمَا كَسَبَا نَكَٰلٗا مِّنَ ٱللَّهِۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٞ 38﴾

„На крадецот и на крадачката отсечете им ги рацете нивни, тоа нека им биде казна за тоа што го сториле и опомена од Аллах! А Аллах е Силниот и Мудриот!“ (Ел Маиде, 38)

Ибн Шихаб Ез-Зухри рекол: „Аллах го пропишал отсекувањето на раката како опомена за оние што го крадат имотот на луѓето. Аллах е Силен во Своето казнување на крадецот и Мудар во Својата одредба за пропишување на тоа отсекување.“[1]

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَزْنِي الزَّانِي حِينَ يَزْنِي وَهُوَ مُؤْمِنٌ، وَلَا يَسْرِقُ حِينَ يَسْرِقُ وَهُوَ مُؤْمِنٌ».

„Човекот кој прави блуд, не е верник додека го прави; човекот кој краде, не е верник додека краде.“[2]

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَعَنَ اللَّهُ السَّارِقَ، يَسْرِقُ الْبَيْضَةَ فَتُقْطَعُ يَدُهُ، وَيَسْرِقُ الْحَبْلَ فَتُقْطَعُ يَدُهُ».

„Аллах го проколнал крадецот, кој ќе украде јајце – па ќе му се отсече раката или ќе украде јаже – па ќе му се отсече раката.“[3]

---

[1] Ел Кебаир од Ез Зехеби (стр. 97).
[2] Го бележат Бухари, бр. (2475), и Муслим, бр. (75).
[3] Го бележат Бухари, бр. (6810), и Муслим, бр. (1687).

Исто така и Аиша, радијаллаху анха, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«تُقْطَعُ اليَدُ فِي رُبُعِ دِينَارٍ فَصَاعِدًا».

„Раката се отсекува за кражба во вредност од четвртина динар или повеќе.“[1]

Од Урве бин Зубејр се пренесува дека една жена извршила кражба во времето на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, за време на освојувањето на Мека. Нејзиниот народ се обратил кај Усама бин Зејд, барајќи од него да се заземе за неа. Урве рекол: „Кога Усама разговарал со него за неа, лицето на Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ја променило бојата и тој рекол:

«أَتُكَلِّمُنِي فِي حَدٍّ مِنْ حُدُودِ اللَّهِ»، قَالَ أُسَامَةُ: اسْتَغْفِرْ لِي يَا رَسُولَ اللَّهِ، فَلَمَّا كَانَ العَشِيُّ قَامَ رَسُولُ اللَّهِ خَطِيبًا، فَأَثْنَى عَلَى اللَّهِ بِمَا هُوَ أَهْلُهُ، ثُمَّ قَالَ: «أَمَّا بَعْدُ، فَإِنَّمَا أَهْلَكَ النَّاسَ قَبْلَكُمْ: أَنَّهُمْ كَانُوا إِذَا سَرَقَ فِيهِمُ الشَّرِيفُ تَرَكُوهُ، وَإِذَا سَرَقَ فِيهِمُ الضَّعِيفُ أَقَامُوا عَلَيْهِ الحَدَّ، وَالَّذِي نَفْسُ مُحَمَّدٍ بِيَدِهِ، لَوْ أَنَّ فَاطِمَةَ بِنْتَ مُحَمَّدٍ سَرَقَتْ لَقَطَعْتُ يَدَهَا»، ثُمَّ أَمَرَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ بِتِلْكَ المَرْأَةِ فَقُطِعَتْ يَدُهَا، فَحَسُنَتْ تَوْبَتُهَا بَعْدَ ذَلِكَ وَتَزَوَّجَتْ، قَالَتْ عَائِشَةُ رضي الله عنها: "فَكَانَتْ تَأْتِي بَعْدَ ذَلِكَ فَأَرْفَعُ حَاجَتَهَا إِلَى رَسُولِ اللَّهِ ﷺ".

„Зарем се заземаш кај мене за една од Аллаховите казни?“ Усама рекол: „Побарај прошка за мене, о Божји пратенику!“ Кога дошла вечерта, Божјиот пратеник станал да одржи говор. Го пофалил Аллах онака како што

[1] Го бележат Бухари, бр. (6789), и Муслим, бр. (1684).

Му доликува, а потоа рекол: „А потоа велам, народите пред вас ги уништило тоа што, кога некој угледен меѓу нив ќе украдел, го оставале на мира, а кога некој слаб ќе украдел, над него ја спроведувале казната. Се колнам во Оној во Чија Рака е душата на Мухамед, доколку Фатима, ќерката на Мухамед, украде, ќе ѝ ја отсечам раката!“ Потоа Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, наредил на таа жена па ѝ била отсечена раката. Потоа, таа искрено се покајала и се омажила. Аиша, радијаллаху анха, рекла: „Таа доаѓаше и потоа, а јас му ја пренесував нејзината потреба на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем.“[1]

Оваа строга казна – отсекувањето на раката – е пропишана поради посегнување по туѓ имот. Таа претставува казна што одвраќа и служи како поука за секој што ќе помисли да го украде имотот на луѓето. Воедно, таа е прочистување за крадецот од неговиот грев, воспоставување на сигурност и спокојство во општеството и заштита на имотот на луѓето.

## Штетни последици:

Кражбата предизвикува тешки последици, меѓу кои:

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (4304), и Муслим, бр. (1688).

- Кражбата е во спротивност со потполниот иман, поради претходно наведениот хадис: „...Човекот кој краде, не е верник додека краде.“

- Крадецот го чека казна на Ахиретот, доколку не се покае, покрај срамот со кој се соочува на дуњалукот.

- Кражбата е причина за отсекување на раката на крадецот.

- Крадецот е лишен од услишување на довата. Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол:

«ذَكَرَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ الرَّجُلَ يُطِيلُ السَّفَرَ أَشْعَثَ أَغْبَرَ، يَمُدُّ يَدَيْهِ إِلَى السَّمَاءِ، يَا رَبِّ، يَا رَبِّ، وَمَطْعَمُهُ حَرَامٌ، وَمَشْرَبُهُ حَرَامٌ، وَمَلْبَسُهُ حَرَامٌ، وَغُذِّيَ بِالْحَرَامِ، فَأَنَّى يُسْتَجَابُ لِذَلِكَ».

„Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го спомна човекот кој долго патува, со разбушавена коса и правлив, ги подига рацете кон небото и вели: ‚Господару мој, Господару мој,‘ а неговата храна е харам, неговиот пијалак е харам, неговата облека е харам, и е хранет со харам, па како да му биде одговорено?“[1]

- Таа (кражбата) е доказ за подлоста на душата и нискоста на карактерот.

- Луѓето не му веруваат на крадецот за ништо, дури и кога станува збор за нешто безвредно.

[1] Го бележи Муслим со број (1015).

## Заштита:

Начини на заштита од кражбата:

- Спроведувањето на пропишаната казна со отсекување на раката на крадецот е еден од најмоќните начини за сузбивање на кражбата во општеството.

- Поттикнување на чување на довереното и предупредување од изневерување преку кражба и слично.

- Потсетување на бериќетот од халал нафаката врз целото семејство, и на злото на кражбата и нејзиното влијание врз целото семејство.

- Воспитување на децата да бидат чесни и да не посегнуваат по правата и имотот на другите, обезбедување на основните потреби на детето за да не го наведе шејтанот на кражба, и негово оддалечување од лошото друштво кое му ги разубавува таквите постапки.

- Задоволување со халал наспроти харам во поглед на ризкот (снабдувањето) и неговите извори, и вложување труд во тоа, и упатување дова на Севишниот Аллах. А дел од тоа е и она што се пренесува во хадисот од Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем:

«اللَّهُمَّ اكْفِنِي بِحَلَالِكَ عَنْ حَرَامِكَ، وَأَغْنِنِي بِفَضْلِكَ عَمَّنْ سِوَاكَ».

„О, Аллах, направи дозволеното што Ти го дозволи да ми биде доволно, па да не

посегнувам по она што си го забранил; и направи ме независен со Твојата дарежливост од сите други освен од Тебе.“[1]

## Консумирањето алкохол

Алкохолот е едно од злата што Шеријатот ги забранил, и го проколнал секој оној кој го употребува или учествува во неговото производство, продавање, носење, точење или на друг начин. Консумирањето алкохол спаѓа меѓу големите гревови кои го изложуваат сторителот на строга казна на идниот свет, покрај лошите последици што го снаоѓаат на овој свет.

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, известил дека распространетоста на пиењето алкохол е еден од предзнаците на Судниот ден. Енес бин Малик, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مِنْ أَشْرَاطِ السَّاعَةِ أَنْ يُرْفَعَ العِلْمُ، وَيُثْبَتَ الجَهْلُ، وَيُشْرَبَ الخَمْرُ، وَيَظْهَرَ الزِّنَا».

„Еден од предзнаците на Судниот ден е кога знаењето ќе го снема, а незнаењето ќе се зацврсти. Ќе се пие алкохол и блудот ќе стане јавен.“[2]

---

[1] Го бележи Тирмизи, бр. (3563).
[2] Го бележат Бухари, бр. (80), и Муслим, бр. (2671).

Под прописот за алкохол спаѓа сè што опива и го заматува разумот, како што се сите видови дроги и хашиш. Сите тие се забранети и не е дозволена нивната употреба. Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«كُلُّ مُسْكِرٍ خَمْرٌ، وَكُلُّ مُسْكِرٍ حَرَامٌ، وَمَنْ شَرِبَ الخَمْرَ فِي الدُّنْيَا فَمَاتَ وَهُوَ يُدْمِنُهَا وَلَمْ يَتُبْ، لَمْ يَشْرَبْهَا فِي الآخِرَةِ».

„Секое опојно средство е алкохол и секое опојно средство е харам. Кој ќе пие алкохол на овој свет и умре зависен од него, без да се покае, нема да го пие на идниот свет.“[1]

## Докази:

Многубројни се доказите за забраната на консумирање алкохол, кои ја појаснуваат неговата грдост и големината на тој грев, од нив се:

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓاْ إِنَّمَا ٱلۡخَمۡرُ وَٱلۡمَيۡسِرُ وَٱلۡأَنصَابُ وَٱلۡأَزۡلَٰمُ رِجۡسٞ مِّنۡ عَمَلِ ٱلشَّيۡطَٰنِ فَٱجۡتَنِبُوهُ لَعَلَّكُمۡ تُفۡلِحُونَ 90 إِنَّمَا يُرِيدُ ٱلشَّيۡطَٰنُ أَن يُوقِعَ بَيۡنَكُمُ ٱلۡعَدَٰوَةَ وَٱلۡبَغۡضَآءَ فِي ٱلۡخَمۡرِ وَٱلۡمَيۡسِرِ وَيَصُدَّكُمۡ عَن ذِكۡرِ ٱللَّهِ وَعَنِ ٱلصَّلَوٰةِۖ فَهَلۡ أَنتُم مُّنتَهُونَ 91﴾

„О, верници, виното, коцката, идолите и стреличките за гатање се одвратни нешта,

[1] Муслим, бр. (2003).

шејтаново дело; затоа избегнувајте ги, за да постигнете што сакате.

Шејтанот сака со помош на виното и коцката меѓу вас да внесе непријателство и омраза, и да ве одврати од сеќавање на Аллах и од извршување на намазот (молитвата). Па, ќе престанете ли?“ (Ел Маиде, 90-91)

Енес бин Малик, радијаллаху анху, раскажува:

«كُنْتُ سَاقِيَ الْقَوْمِ يَوْمَ حُرِّمَتِ الخَمْرُ فِي بَيْتِ أَبِي طَلْحَةَ، فَإِذَا مُنَادٍ يُنَادِي، فَقَالَ: اخْرُجْ فَانْظُرْ، فَخَرَجْتُ فَإِذَا مُنَادٍ يُنَادِي: أَلَا إِنَّ الخَمْرَ قَدْ حُرِّمَتْ، فَقَالَ لِي أَبُو طَلْحَةَ: اخْرُجْ فَأَهْرِقْهَا، فَأَهْرَقْتُهَا، فَجَرَتْ فِي سِكَكِ المَدِينَةِ».

„Бев тој што им точеше пијалак на луѓето во куќата на Ебу Талха, на денот кога беше забранет алкохолот. Тогаш се слушна гласник, па Ебу Талха ми рече: ‚Излези и види.’ Излегов и, ете, гласникот повикуваше: ‚Знајте дека алкохолот е забранет!’ Тогаш Ебу Талха ми рече: ‚Излези и истури го!’ Го истурив, и тој потече по улиците на Медина.“[1]

И од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَزْنِي الزَّانِي حِينَ يَزْنِي وَهُوَ مُؤْمِنٌ، وَلَا يَشْرَبُ الخَمْرَ حِينَ يَشْرَبُ وَهُوَ مُؤْمِنٌ».

[1] Го бележат Бухари, бр. (2464), и Муслим, бр. (1980).

„Човекот кој прави блуд, не е верник додека го прави; и човекот кој пие алкохол, не е верник додека го пие.“[1]

Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَعَنَ اللَّهُ الخَمْرَ، وَشَارِبَهَا، وَسَاقِيَهَا، وَبَائِعَهَا، وَمُبْتَاعَهَا، وَعَاصِرَهَا، وَمُعْتَصِرَهَا، وَحَامِلَهَا، وَالمَحْمُولَةَ إِلَيْهِ».

„Аллах го проколнал алкохолот, оној што го пие, оној што го точи, оној што го продава, оној што го купува, оној што го цеди, оној што бара да се цеди, оној што го носи и оној кому му се носи.“[2]

Од Ебу Дерда, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Мојот близок пријател, салаллаху алејхи ве селем, ме посоветува:

«لَا تَشْرَبِ الخَمْرَ، فَإِنَّهَا مِفْتَاحُ كُلِّ شَرٍّ».

‚Не пиј алкохол, затоа што тој е клучот на секое зло.‘“[3]

Ебу Дерда, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ، مُدْمِنُ خَمْرٍ».

„Нема да влезе во Џенет зависник од алкохол.“[4]

---

1 Го бележат Бухари, бр. (2475), и Муслим, бр. (100).
2 Ебу Давуд, бр. (3674).
3 Го бележи Ибн Маџе, бр. (3371).
4 Го бележи Ибн Маџе, бр. (3376).

## Штетни последици:

Казните и опасностите што произлегуваат од тој голем грев се следниве:

- Кој пие алкохол, нема да му се прими намазот четириесет дена, бидејќи е пренесено од Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ شَرِبَ الخَمْرَ لَمْ تُقْبَلْ لَهُ صَلَاةٌ أَرْبَعِينَ صَبَاحًا، فَإِنْ تَابَ تَابَ اللَّهُ عَلَيْهِ، فَإِنْ عَادَ لَمْ يَقْبَلِ اللَّهُ لَهُ صَلَاةً أَرْبَعِينَ صَبَاحًا، فَإِنْ تَابَ تَابَ اللَّهُ عَلَيْهِ، فَإِنْ عَادَ لَمْ يَقْبَلِ اللَّهُ لَهُ صَلَاةً أَرْبَعِينَ صَبَاحًا، فَإِنْ تَابَ تَابَ اللَّهُ عَلَيْهِ، فَإِنْ عَادَ الرَّابِعَةَ لَمْ يَقْبَلِ اللَّهُ لَهُ صَلَاةً أَرْبَعِينَ صَبَاحًا، فَإِنْ تَابَ لَمْ يَتُبِ اللَّهُ عَلَيْهِ، وَسَقَاهُ مِنْ نَهْرِ الخَبَالِ» قِيلَ: يَا أَبَا عَبْدِ الرَّحْمَنِ: وَمَا نَهْرُ الخَبَالِ؟ قَالَ: نَهْرٌ مِنْ صَدِيدِ أَهْلِ النَّارِ.

„Кој ќе пие алкохол, нема да му се прими намазот четириесет дена. Ако се покае, Аллах ќе го прими неговото покајание. А ако повтори, Аллах нема да му го прими намазот четириесет дена. Ако се покае, Аллах ќе го прими неговото покајание. А ако повторно го направи, Аллах нема да му го прими намазот четириесет дена. Ако се покае, Аллах ќе го прими неговото покајание. Но, ако го повтори по четврти пат, Аллах нема да му го прими намазот четириесет дена, а дури и ако се покае, Аллах нема да го прими неговото покајание и ќе го напои од реката Ел-Хабал." Го прашале: „О, Ебу

Абдурахман, што е тоа реката Ел-Хабал?“ Тој одговорил: „Река од гнојот на џехенемлиите.“[1]

На оној кој ќе умре пиејќи алкохол, а не се покајал од тоа, ќе му биде забранет (алкохолот) на Ахирет. Абдулах ибн Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ شَرِبَ الخَمْرَ فِي الدُّنْيَا ثُمَّ لَمْ يَتُبْ مِنْهَا، حُرِمَهَا فِي الآخِرَةِ».

„Кој ќе пие алкохол на овој свет, а не се покае од тоа, ќе му биде забранет на идниот свет.“[2]

- Алкохолот предизвикува непријателство и омраза меѓу муслиманите и руши многу семејства, бидејќи голем број разводи и поделби меѓу децата се резултат на зависноста од пиењето алкохол. Оној што пие и го губи разумот станува несвесен и е способен да изврши тешки гревови од кои телото се ежи. Алкохолот е мајка на сите зла и клуч на секое зло.

- Алкохолот го троши имотот на оној што го консумира во нешто што му штети, а не му користи. Човекот ќе биде прашан за својот имот: како го стекнал и во што го потрошил. Од Ебу Берзе ел-Еслеми, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

---

[1] Го бележи Тирмизи, бр. (1862).
[2] Го бележат Бухари, бр. (5575), и Муслим, бр. (2003).

«لَا تَزُولُ قَدَمَا عَبْدٍ يَوْمَ الْقِيَامَةِ حَتَّى يُسْأَلَ عَنْ عُمُرِهِ فِيمَا أَفْنَاهُ، وَعَنْ عِلْمِهِ فِيمَ فَعَلَ، وَعَنْ مَالِهِ مِنْ أَيْنَ اكْتَسَبَهُ وَفِيمَ أَنْفَقَهُ، وَعَنْ جِسْمِهِ فِيمَ أَبْلَاهُ».

„Нема да се придвижат стапалата на човекот на Судниот ден сè додека не биде прашан за четири работи: за неговиот живот – на што го потрошил, за неговото знаење – дали работел според тоа, за неговиот имот – како го заработил и како го потрошил и за неговото тело, како го користел.“[1]

- Алкохолот ги зголемува грижите и ги усложнува проблемите, а не како што велат безделниците – дека носи радост и задоволство. А дури и да е така, тоа е лажна и нереална радост, лажно задоволство кое брзо исчезнува, а по него следуваат каење, жалење и долготрајна мака и тага.

- Консумирањето на опојни средства доведува до многубројни физички и духовни нарушувања, а доволна штета е тоа што го одзема разумот, со кој Возвишениот Аллах го почестил човекот.

## Заштита:

Начини на заштита од неговото консумирање и зависност:

- Почитување на Аллаховата наредба и забрана, и брзо покорување на наредбата и

[1] Го бележи Тирмизи со број (2417).

избегнување на забраната. Затоа што, кога човекот е уверен во совршената милост и мудрост на Аллах во сѐ што создал и одредил, како и во сѐ што наредил и забранил, тој е задоволен со сите учења и прописи на својот Господар, ги прифаќа со задоволство и брза да ги спроведе без да чувствува нелагодност или тежина.

- Свесноста дека употребата на опојни средства резултира со лоши последици, срамни постапки, понижување, омаловажување, срам и каење.

- Волјата и упорноста за промена бараат цврста одлука и вложување на максимален труд.

- Да се избегнува лошото друштво и да се дружи со добрите и праведните, и од нив ќе се најде голема помош, со Аллахова дозвола.

- Постојат одредени медицински третмани кои помагаат во лекувањето на зависност од алкохол и дроги, па од нив може да се има корист преку посетување на лекари и специјализирани центри.

## Каматата

Каматата е еден од најголемите гревови; таа претставува објава на војна против Аллах и Неговиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го изложува оној што се занимава со неа на

тешки последици и штети и на овој и на идниот свет. Таа, исто така, го корумпира и економскиот живот и влијае негативно врз поединецот и општеството.

Каматата претставува зголемување на долгот како надомест за одредување на времето на неговото враќање, во секој случај. Таа, исто така, подразбира зголемување при размена на две добра кои подлежат на каматен пропис, и се нарекува „камата на зголемување“ (риба ел-фадл). А „каматата на одложување“ (риба ен-несиа) е одложување на примопредавањето при продажба на два вида добра кои имаат исто својство што причина за постоење на камата на зголемување.

Ебу Сеид ел-Худри, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«الذَّهَبُ بِالذَّهَبِ، وَالْفِضَّةُ بِالفِضَّةِ، وَالبُرُّ بِالبُرِّ، وَالشَّعِيرُ بِالشَّعِيرِ، وَالتَّمْرُ بِالتَّمْرِ، وَالمِلْحُ بِالمِلْحِ، مِثْلًا بِمِثْلٍ، يَدًا بِيَدٍ، فَمَنْ زَادَ أَوِ اسْتَزَادَ فَقَدْ أَرْبَى، الآخِذُ وَالمُعْطِي فِيهِ سَوَاءٌ».

„Злато за злато, сребро за сребро, пченица за пченица, јачмен за јачмен, урми за урми и сол за сол – со иста мера, од рака во рака. А кој ќе даде повеќе или ќе побара повеќе, тоа е камата, а оној што зема и оној што дава во тоа се еднакви.“[1]

[1] Го бележат Бухари, бр. (2177), и Муслим, бр. (1584).

Формите и видовите на каматата се многубројни, затоа муслиманот треба да ги познава, да се чува од нив и да ги избегнува, и да не се впушта во никаква трансакција пред да го научи нејзиниот пропис.

## **Докази:**

Во врска со предупредувањето од камата и нејзината забрана постојат многубројни текстови во Куранот и Сунетот, од кои се:

Аллаховите зборови:

﴿ٱلَّذِينَ يَأۡكُلُونَ ٱلرِّبَوٰاْ لَا يَقُومُونَ إِلَّا كَمَا يَقُومُ ٱلَّذِي يَتَخَبَّطُهُ ٱلشَّيۡطَٰنُ مِنَ ٱلۡمَسِّۚ ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمۡ قَالُوٓاْ إِنَّمَا ٱلۡبَيۡعُ مِثۡلُ ٱلرِّبَوٰاْۗ وَأَحَلَّ ٱللَّهُ ٱلۡبَيۡعَ وَحَرَّمَ ٱلرِّبَوٰاْۚ فَمَن جَآءَهُۥ مَوۡعِظَةٞ مِّن رَّبِّهِۦ فَٱنتَهَىٰ فَلَهُۥ مَا سَلَفَ وَأَمۡرُهُۥٓ إِلَى ٱللَّهِۖ وَمَنۡ عَادَ فَأُوْلَٰٓئِكَ أَصۡحَٰبُ ٱلنَّارِۖ هُمۡ فِيهَا خَٰلِدُونَ 275﴾

„Тие што се хранат од каматата нема да се кренат, освен како тој кого допирот на шејтанот го избезумил. Тоа е затоа што велеа: „Каматата е иста како и трговијата“. А Аллах ја дозволил трговијата, а ја забранил каматата. На тој до кого ќе стигне поуката од Господарот негов, па се оттргне од тоа, му припаѓа тоа што претходно го стекнал, а неговиот случај Му е препуштен на Аллах. А тие кои тоа повторно ќе го сторат, ќе бидат жители на Огнот, каде вечно ќе останат.“ (Ел Бекаре, 275)

И Неговите зборови:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ ٱتَّقُواْ ٱللَّهَ وَذَرُواْ مَا بَقِيَ مِنَ ٱلرِّبَوٰٓاْ إِن كُنتُم مُّؤۡمِنِينَ 278 فَإِن لَّمۡ تَفۡعَلُواْ فَأۡذَنُواْ بِحَرۡبٖ مِّنَ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ...﴾

„О, верници, плашете се од Аллах и откажете се од тоа што останало од каматата, ако сте верници.

Ако не го сторите тоа, ви се навестува војна од Аллах и од Неговиот Пратеник.“ (Ел Бекаре, 278-279)

Следен ајет и доказ е:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَأۡكُلُواْ ٱلرِّبَوٰٓاْ أَضۡعَٰفٗا مُّضَٰعَفَةٗۖ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَ لَعَلَّكُمۡ تُفۡلِحُونَ 130﴾

„О, верници, не јадете ја каматата, двократно и повеќекратно зголемена, и плашете се од Аллах за да бидете спасени!“ (Али Имран, 130)

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«اجْتَنِبُوا السَّبْعَ المُوبِقَاتِ» (أي: المُهْلِكات)، قَالوا: يَا رَسُولَ اللهِ وَمَا هُنَّ؟ قَالَ: «الشِّرْكُ بِاللَّهِ، وَالسِّحْرُ، وَقَتْلُ النَّفْسِ الَّتِي حَرَّمَ اللَّهُ إِلَّا بِالْحَقِّ، وَأَكْلُ الرِّبَا، وَأَكْلُ مَالِ اليَتِيمِ، وَالتَّوَلِّي يَوْمَ الزَّحْفِ، وَقَذْفُ المُحْصَنَاتِ المُؤْمِنَاتِ الغَافِلَاتِ».

„Чувајте се од седумте гревови кои предизвикуваат пропаст.“ Прашале: „Кои се тие, о, Божји пратенику?“ Тој одговорил: „Многубоштвото (ширкот), магијата (сихрот), неправедното убиство, каматата, бесправното користење на имотот на сиракот, дезертирањето од бојното поле и клеветењето на чесните и чедните вернички.“[1]

[1] Го бележат Бухари, бр. (2766), и Муслим, бр. (89).

Од Семуре бин Џундуб, радијаллаху анху, се пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«رَأَيْتُ اللَّيْلَةَ رَجُلَيْنِ أَتَيَانِي، فَأَخْرَجَانِي إِلَى أَرْضٍ مُقَدَّسَةٍ، فَانْطَلَقْنَا حَتَّى أَتَيْنَا عَلَى نَهْرٍ مِنْ دَمٍ، فِيهِ رَجُلٌ قَائِمٌ، وَعَلَى وَسَطِ النَّهْرِ رَجُلٌ، بَيْنَ يَدَيْهِ حِجَارَةٌ، فَأَقْبَلَ الرَّجُلُ الَّذِي فِي النَّهْرِ، فَإِذَا أَرَادَ الرَّجُلُ أَنْ يَخْرُجَ رَمَى الرَّجُلُ بِحَجَرٍ فِي فِيهِ، فَرَدَّهُ حَيْثُ كَانَ، فَجَعَلَ كُلَّمَا جَاءَ لِيَخْرُجَ رَمَى فِي فِيهِ بِحَجَرٍ، فَيَرْجِعُ كَمَا كَانَ، فَقُلْتُ: مَا هَذَا؟ فَقَالَ: الَّذِي رَأَيْتَهُ فِي النَّهْرِ آكِلُ الرِّبَا».

„Ноќеска видов двајца мажи кои ми пријдоа и ме одведоа во света земја. Тргнавме сè додека не стигнавме до една река од крв, во која стоеше еден човек, а на брегот на реката стоеше друг човек со камења пред себе. Човекот во реката тргна да излезе, но секогаш кога ќе се обидеше, другиот му фрлаше камен во устата и го враќаше назад на неговото место. Прашав: ‚Што е ова?‘ Тој одговори: ‚Оној што го виде во реката е оној што се храни со камата (зема лихва).‘“[1]

## Штетни последици:

Занимавањето со камата има многубројни штети, меѓу кои се:

- На примателот на каматата му е ветена жестока закана и болна казна на Ахирет, а Возвишениот Аллах и Неговиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, му објавиле војна на таквиот. Возвишениот вели:

[1] Го бележат Бухари, бр. (2085), и Муслим, бр. (2275).

﴿فَإِن لَّمۡ تَفۡعَلُواْ فَأۡذَنُواْ بِحَرۡبٖ مِّنَ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ...﴾

„Ако не го сторите тоа, ви се навестува војна од Аллах и од Неговиот Пратеник.“ (Ел Бекаре, 279)

- Дека тој се изложил на проклетството на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем. Џабир бин Абдулах, радијаллаху анхума, рекол:

«لَعَنَ رَسُولُ اللَّهِ ﷺ آكِلَ الرِّبَا، وَمُؤْكِلَهُ، وَكَاتِبَهُ، وَشَاهِدَيْهِ، وَقَالَ: هُمْ سَوَاءٌ».

„Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги проколнал давателот на каматата и нејзиниот примател, писарот и двата сведока, и додал – сите се еднакви (во гревот).“[1]

- Таа е бесправно присвојување на туѓ имот. Возвишениот Аллах вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَأۡكُلُوٓاْ أَمۡوَٰلَكُم بَيۡنَكُم بِٱلۡبَٰطِلِ إِلَّآ أَن تَكُونَ تِجَٰرَةً عَن تَرَاضٖ مِّنكُمۡ...﴾

„О, верници, не присвојувајте ги на недозволен начин имотите едни од други, освен со трговија и со заемна согласност.“ (Ен Ниса, 29) А значењето е како што вели Ет-Табери: „Не присвојувајте си ги имотите едни на други на недозволен начин, со камата, коцка и други работи кои Аллах ви ги забранил, освен да биде преку трговија.“[2]

---

1 Го бележи Муслим со број (1598).
2 Тефсир Ет-Табери, (6/625).

- Имотот стекнат од камата е лишен од бериќет. Возвишениот Аллах вели:

﴿يَمۡحَقُ ٱللَّهُ ٱلرِّبَوٰاْ وَيُرۡبِي ٱلصَّدَقَٰتِۗ وَٱللَّهُ لَا يُحِبُّ كُلَّ كَفَّارٍ أَثِيمٍ 276﴾

„Аллах ја уништува каматата, а ги намножува милостините. Аллах не сака ниту еден неверник, грешник!“ (Ел Бекаре, 276) Ес Са‘ди, рекол: „Аллах ја уништува каматата“, односно, го отстранува бериќетот од истата суштински и описно, со што станува причина за појава на несреќи во неа и за губење на бериќетот од неа. И ако подели како милостина од неа, нема да биде награден за тоа, туку тоа ќе му биде залиха за во Огнот.“[1]

Од Ибн Месуд, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَا أَحَدٌ أَكْثَرَ مِنَ الرِّبَا إِلَّا كَانَ عَاقِبَةُ أَمْرِهِ إِلَى قِلَّةٍ».

„Никој не се збогатил од камата, а на крајот да не завршил со немаштија.“[2]

- Каматата сее омраза во срцата и ги отстранува сомилоста и милоста, со што умира братството и се распаѓа структурата на општеството.

- Каматата е општествено злосторство кое, кога ќе се рашири во едно општество, го уништува и ги поткопува неговите темели.

---

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр. 117.

[2] Го бележи Ибн Маце, бр. (2279).

## Заштита:

Начини за заштита од користење на камата:

- Остварување на иманот. Возвишениот Аллах вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَأۡكُلُواْ ٱلرِّبَوٰٓاْ أَضۡعَٰفٗا مُّضَٰعَفَةٗۖ...﴾

„О, верници, не јадете ја кататата, двократно и повеќекратно зголемена.“ (Али Имран, 130) „Ова укажува дека иманот е причината која повикува и обврзува на извршување на таа наредба и избегнување на таа забрана; бидејќи иманот е потполно верување во она во што е обврска да се верува, кое ги условува делата на телото.“[1]

- Постигнување на богобојазливост. Возвишениот вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَأۡكُلُواْ ٱلرِّبَوٰٓاْ أَضۡعَٰفٗا مُّضَٰعَفَةٗۖ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَ لَعَلَّكُمۡ تُفۡلِحُونَ 130﴾

„О, верници, не јадете ја кататата, двократно и повеќекратно зголемена, и плашете се од Аллах за да бидете спасени!“ (Али Имран, 130)

- Стремеж кон стекнување на милоста на Аллах, во Куранот, по спомнувањето на забраната за камата, Тој вели:

﴿وَأَطِيعُواْ ٱللَّهَ وَٱلرَّسُولَ لَعَلَّكُمۡ تُرۡحَمُونَ 132﴾

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр. 148.

„И бидете им покорни на Аллах и на Пратеникот за да ви биде укажана милоста.“ (Али Имран, 132)

- Присетување на смртта и на стравотиите и ужасите на Судниот ден. Возвишениот, по ајетите за лихварството, вели:

﴿وَٱتَّقُواْ يَوۡمٗا تُرۡجَعُونَ فِيهِ إِلَى ٱللَّهِۖ ثُمَّ تُوَفَّىٰ كُلُّ نَفۡسٖ مَّا كَسَبَتۡ وَهُمۡ لَا يُظۡلَمُونَ 281﴾

„И плашете се од Денот кога сите кај Аллах ќе бидете вратени, а потоа секому тоа што го заслужил ќе му се исплати! Никому неправда нема да му биде направена.“ (Ел Бекаре, 281)

- Страв од Огнот. По забраната за лихварство, Возвишениот Аллах вели:

﴿وَٱتَّقُواْ ٱلنَّارَ ٱلَّتِيٓ أُعِدَّتۡ لِلۡكَٰفِرِينَ 131﴾

„И чувајте се од Огнот кој е подготвен за неверниците!“ (Али Имран, 131)

- Изучување на шеријатските прописи, а од нив и прописите на купопродажбата и каматата. Омер бин Хатаб, радијаллаху анху, рекол: „Нека не продава на нашите пазари никој освен оној што се стекнал со разбирање (знаење за) на верата.“[1] Во друго предание стои: „Во спротивно се храни со камата, го сакал тој тоа или не.“[2]

---

1 Го бележи Тирмизи со број (487).
2 Ет-Тергиб вет-Терхиб од Асбехани (810).

- Задоволување со халалот наспроти харамот во ризкот и неговите извори, и упатување дова на Семоќниот Аллах, а пример за тоа е она што се пренесува во хадисот од Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем:

«اللَّهُمَّ اكْفِنِي بِحَلَالِكَ عَنْ حَرَامِكَ، وَأَغْنِنِي بِفَضْلِكَ عَمَّنْ سِوَاكَ».

„Аллаху мој, нека ми биде доволно тоа што е дозволено кое ќе ме оддалечи од забранетото, Твојата дарежливост нека ми биде доволна да не се потпрам на некој друг.“[1]

## Непослушноста кон родителите

Непослушноста кон родителите е еден од најголемите гревови и спаѓа меѓу најтешките после придружувањето здруженик на Возвишениот Аллах. Поради тоа, Аллах го поврзал Неговото право со правото на родителите во повеќе ајети, меѓу кои се и зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿وَٱعۡبُدُواْ ٱللَّهَ وَلَا تُشۡرِكُواْ بِهِۦ شَيۡـٔٗاۖ وَبِٱلۡوَٰلِدَيۡنِ إِحۡسَٰنٗا...﴾

„И обожувајте Го Аллах и ништо не Му здружувајте! А на родителите правете им добро.“ (Ен Ниса, 36) Возвишениот исто така вели:

﴿وَوَصَّيۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ بِوَٰلِدَيۡهِ حَمَلَتۡهُ أُمُّهُۥ وَهۡنًا عَلَىٰ وَهۡنٖ وَفِصَٰلُهُۥ فِي عَامَيۡنِ أَنِ ٱشۡكُرۡ لِي وَلِوَٰلِدَيۡكَ إِلَيَّ ٱلۡمَصِيرُ 14﴾

[1] Го бележи Тирмизи, бр. (3563).

„Ние му наредивме на човекот да им биде послушен на родителите свои. Мајката го носи, а нејзиното здравје трпи, и го дои во текот на две години. Биди Ми благодарен Мене и на родителите свои, кај Мене сите ќе се вратат.“ (Лукман, 14)

Вистинското значење на непослушноста кон родителите е сето она што произлегува од човекот и им нанесува штета на родителите, било преку зборови или дела, или преку запоставување на добрината и грижата кон нив. Во тоа спаѓа и непослушноста кон нив во она што го наредуваат, освен ако наредат ширк или грев кон Возвишениот Аллах, а во тие два случаи не им се покорува; бидејќи нема послушност кон созданието во непослушност кон Создателот, а кон нив и понатаму треба да се постапува со благост и добрина. Возвишениот вели:

﴿وَإِن جَٰهَدَاكَ عَلَىٰٓ أَن تُشۡرِكَ بِي مَا لَيۡسَ لَكَ بِهِۦ عِلۡمٞ فَلَا تُطِعۡهُمَاۖ وَصَاحِبۡهُمَا فِي ٱلدُّنۡيَا مَعۡرُوفٗا...﴾

„А ако те наговараат Мене друг да Ми припишуваш за рамен, за кој ти ништо не знаеш, ти не слушај ги и кон нив, на овој свет, примерно однесувај се.“ (Лукман, 15)

Каб ел-Ахбар, Аллах нека му се смилува, бил запрашан што е непослушност кон родителите, па одговорил: „Тој е оној кој, кога татко му или

мајка му ќе го заколнат, не ја исполнува нивната заклетва; кога ќе му наредат нешто, не им се покорува; кога ќе побараат нешто од него, не им дава; и кога ќе му доверат нешто, ја изневерува нивната доверба.“[1]

## Докази:

Доказите за забраната на непослушноста кон родителите, како и за сериозноста и големината на овој грев, се многубројни, меѓу нив се:

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿وَقَضَىٰ رَبُّكَ أَلَّا تَعْبُدُوٓاْ إِلَّآ إِيَّاهُ وَبِٱلْوَٰلِدَيْنِ إِحْسَٰنًاۚ إِمَّا يَبْلُغَنَّ عِندَكَ ٱلْكِبَرَ أَحَدُهُمَآ أَوْ كِلَاهُمَا فَلَا تَقُل لَّهُمَآ أُفٍّ وَلَا تَنْهَرْهُمَا وَقُل لَّهُمَا قَوْلًا كَرِيمًا 23 وَٱخْفِضْ لَهُمَا جَنَاحَ ٱلذُّلِّ مِنَ ٱلرَّحْمَةِ وَقُل رَّبِّ ٱرْحَمْهُمَا كَمَا رَبَّيَانِي صَغِيرًا 24﴾

„Господарот твој заповеда само Него да Го обожувате и на родителите добро да им правите. Кога еден од нив двајца, или двајцата, ќе доживеат старост кај тебе, не вели им ни: ‚Уф!' – и не кревај го гласот свој кон нив, туку обраќај им се со зборови полни со почит!

Биди внимателен и покорен кон нив, и кажи: ‚Господару мој, смилувај им се, тие мене, кога бев дете, ме негуваа!‘“ (Ел Исра, 23-24)

Ебу Бекре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

---

[1] Ел Кебаир, стр. 41.

«أَلَا أُنَبِّئُكُمْ بِأَكْبَرِ الكَبَائِرِ؟»، قُلْنَا: بَلَى يَا رَسُولَ اللَّهِ، قَالَ: «الإِشْرَاكُ بِاللَّهِ، وَعُقُوقُ الوَالِدَيْنِ، وَشَهَادَةُ الزُّورِ، أَوْ قَوْلُ الزُّورِ».

„Дали сакате да ве известам за најголемите гревови?“, рековме: „Секако, о Аллахов пратенику.“ Рече: „Да сметаш дека некој му е рамен на Аллах, непослушноста кон родителите и лажното сведоштво, или лажниот говор.“[1]

Енес, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, бил запрашан за големите гревови, па рекол:

«الإِشْرَاكُ بِاللَّهِ، وَعُقُوقُ الوَالِدَيْنِ، وَقَتْلُ النَّفْسِ، وَشَهَادَةُ الزُّورِ».

„Многубоштвото (ширкот), непослушноста кон родителите, бесправното убиство и лажното сведочење.“[2]

Мугире бин Шубе, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ اللَّهَ حَرَّمَ عَلَيْكُمْ عُقُوقَ الأُمَّهَاتِ...».

„Навистина, Аллах ви забрани непослушност кон мајките...“[3]

## Штетни последици:

Непочитувањето на родителите има многубројни штетни последици, меѓу кои се:

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (2654), и Муслим, бр. (87).
[2] Го бележат Бухари, бр. (2653), и Муслим, бр. (144).
[3] Го бележат Бухари, бр. (2408), и Муслим, бр. (593).

- Непочитувањето на родителите е една од причините робот да биде лишен од Божјиот поглед (на сомилост) на Судниот ден, како и од влезот во Џенетот. Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«ثَلَاثَةٌ لَا يَنْظُرُ اللَّهُ عَزَّ وَجَلَّ إِلَيْهِمْ يَوْمَ الْقِيَامَةِ: العَاقُّ لِوَالِدَيْهِ، وَالمَرْأَةُ الْمُتَرَجِّلَةُ، وَالدَّيُّوثُ، وَثَلَاثَةٌ لَا يَدْخُلُونَ الجَنَّةَ: العَاقُّ لِوَالِدَيْهِ، وَالمُدْمِنُ عَلَى الخَمْرِ، وَالمَنَّانُ بِمَا أَعْطَى».

„Кон тројца Аллах нема да погледне на Судниот ден: тој што не е послушен на родителите, жената што ги имитира мажите, и „дејузот-тој што не се грижи за неморалот во неговото семејство", и тројца нема да влезат во Џенетот: тој што не е послушен на родителите, хроничниот алкохоличар, и тој што приговара за она што го дал."[1]

- Непослушниот е неблагодарен на благодатите од Возвишениот Аллах и за добрината на своите родители. Возвишениот вели:

﴿...أَنِ ٱشْكُرْ لِي وَلِوَٰلِدَيْكَ إِلَيَّ ٱلْمَصِيرُ 14﴾

„Биди Ми благодарен Мене и на родителите свои, кај Мене сите ќе се вратат." (Лукман, 14)

[1] Го бележи Несаи, бр. (2562).

- Непослушноста кон родителите е една од причините за гневот на Возвишениот Аллах. Од Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, се пренесува дека рекол: „Задоволството на Господарот е во задоволството на родителот, и негодувањето на Господарот е во негодувањето на родителот.“[1]

- Непослушноста предизвикува нестабилност во семејството, а со тоа и во целото општество, бидејќи оној кој не е добочинител кон своите родители, нема да добие доброчинство од своите деца, ниту пак самиот ќе биде доброчинител кон своите соседи и општеството.

## Заштита:

Начини на заштита од гревот на непослушноста кон родителите:

- Да се избегнува вознемирување па дури и најмало на родителите. Возвишениот Аллах вели:

﴿فَلَا تَقُل لَّهُمَآ أُفٍّ﴾،

„не вели им ни: ‚Уф!‘“ Ова е најблагиот облик на вознемирување, со кој се укажува и на сѐ што е потешко од тоа, а значењето е: да не им се нанесе ни најмало вознемирување.

﴿وَلَا تَنْهَرْهُمَا﴾

[1] Го бележи Бухари во Ел Едеб Ел Муфред бр. (2).

„и не кревај го гласот свој кон нив“ Т.е. не ги укорувај и не им зборувај грубо,

﴿وَقُل لَّهُمَا قَوۡلٗا كَرِيمٗا﴾

„и обраќај им се со зборови полни со почит“ Со изрази кои тие ги сакаат, со почит и благонаклоност, со нежен и убав говор кој е благопријатен за нивните срца и ги смирува нивните души, а тоа се разликува во зависност од околностите, обичаите и времињата.[1]

- Спознанието дека родителите се најзаслужни луѓе за убав однос и благо постапување. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, рекол:

جَاءَ رَجُلٌ إِلَى رَسُولِ اللَّهِ ﷺ فَقَالَ: يَا رَسُولَ اللَّهِ، مَنْ أَحَقُّ النَّاسِ بِحُسْنِ صَحَابَتِي؟ قَالَ: «أُمُّكَ»، قَالَ: ثُمَّ مَنْ؟ قَالَ: «ثُمَّ أُمُّكَ»، قَالَ: ثُمَّ مَنْ؟ قَالَ: «ثُمَّ أُمُّكَ»، قَالَ: ثُمَّ مَنْ؟ قَالَ: «ثُمَّ أَبُوكَ».

„Некој човек дошол кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и го прашал: ,О, Аллахов пратенику, кој од луѓето најмногу заслужува добро однесување кон него?' Тој одговорил: ,Твојата мајка. Човекот прашал: ,А потоа кој?' Пратеникот повторно рекол: ,Твојата мајка.' Човекот повторно прашал: ,А потоа кој?' Пратеникот повторно рекол: ,Твојата мајка.' Човекот прашал: ,А потоа кој?' Пратеникот одговорил: ,Потоа твојот татко.'“[2]

---

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр: 5.

[2] Го бележат Бухари, бр. (5971), и Муслим, бр. (2548).

- Да знае дека, колку и да им прави добрина на своите родители, тој не им го исполнил нивното право, и дека нивното право е поголемо од сета негова добрина. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَجْزِي وَلَدٌ وَالِدًا، إِلَّا أَنْ يَجِدَهُ مَمْلُوكًا فَيَشْتَرِيَهُ فَيُعْتِقَهُ».

„Детето не може да му се оддолжи на родителот, освен ако го најде како роб, па да го купи и да го ослободи.“[1] Односно: Детето не може да го исполни правото на својот родител, ниту да го награди за неговата добрина, освен ако го затекне како роб и го ослободи. Ибн Омер, радијаллаху анхума, видел еден човек како ја носи својата мајка на грб додека правел тавах околу Каба. Човекот го прашал: „О, Ибн Омер, дали мислиш дека ѝ се оддолжив?“ Тој одговорил: „Не, ниту за една нејзина болка при породувањето. Но, сепак, си направил добро дело, а Аллах за малку наградува многу.“[2]

- Борбата со сопствената душа за да се задоволат родителите, а тоа е вид на џихад на Аллаховиот пат. Од Абдулах бин Амр, радијаллаху анху, се пренесува дека

جَاءَ رَجُلٌ إِلَى النَّبِيِّ ﷺ، يَسْتَأْذِنُهُ فِي الجِهَادِ فَقَالَ: «أَحَيٌّ وَالِدَاكَ؟»، قَالَ: نَعَمْ، قَالَ: «فَفِيهِمَا فَجَاهِدْ».

---

[1] Го бележи Муслим, бр. (1510).
[2] Види: Ел Кебаир, 42.

еден човек дошол кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, барајќи дозвола за џихад. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го прашал: „Дали ти се живи родителите?“ Човекот одговорил: „Да.“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, тогаш му рече: „Твојот џихад е да им служиш ним.“[1]

- Да се избегнува пцуењето на родителите на оној со кој се расправа, за да не се предизвика противникот да ги опцуе неговите родители, за што Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ مِنْ أَكْبَرِ الكَبَائِرِ أَنْ يَلْعَنَ الرَّجُلُ وَالِدَيْهِ»، قِيلَ: يَا رَسُولَ اللَّهِ، وَكَيْفَ يَلْعَنُ الرَّجُلُ وَالِدَيْهِ؟ قَالَ: «يَسُبُّ الرَّجُلُ أَبَا الرَّجُلِ، فَيَسُبُّ أَبَاهُ، وَيَسُبُّ أُمَّهُ فَيَسُبُّ أُمَّهُ».

„Еден од најголемите гревови е човек да ги проколнува своите родители.“ Го прашале: „О, Аллахов пратенику, а како човек ги проколнува своите родители?“ Тој одговорил: „Човек го пцуе таткото на друг човек, па тој му го пцуе неговиот татко, и ја пцуе неговата мајка, па тој му ја пцуе неговата мајка.“[2]

- Грижа да не се натажат родителите. Од Абдулах бин Амр, радијаллаху анху, се пренесува дека

---

1 Го бележат Бухари, бр. (3004), и Муслим, бр. (2549).
2 Го бележат Бухари, бр. (5973), и Муслим, бр. (90).

جَاءَ رَجُلٌ إِلَى رَسُولِ اللَّهِ ﷺ فَقَالَ: جِئْتُ أُبَايِعُكَ عَلَى الهِجْرَةِ، وَتَرَكْتُ أَبَوَيَّ يَبْكِيَانِ، فَقَالَ: «ارْجِعْ عَلَيْهِمَا فَأَضْحِكْهُمَا كَمَا أَبْكَيْتَهُمَا».

еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рече: „Дојдов да ти дадам заклетва за хиџрет, а моите родители ги оставив расплакани." Пратеникот му рече: „Врати се кај нив и насмеј ги, како што ги расплака."[1]

- Подучување на децата уште од мали на почитување и добрина кон родителите.

## Прекинувањето на роднинските врски

Прекинувањето на роднинските врски, нанесувањето неправда на роднините или избегнувањето на исполнувањето на нивните права е особина на губитниците кои го кинат она што Аллах наредил да се одржува. Тоа, всушност, е злосторство и еден од големите гревови, а такво дело го прави само оној чие срце станало тврдо (грубо), чии човечки доблести ослабнале и кој го изгубил чувството за одговорност.

Роднините се блиските од страна на таткото и од страна на мајката. Прекинувањето на роднинските врски се пројавува преку нивно занемарување, избегнување на можните посети, неучествување во нивните радости и неутешување во нивните таги. Тоа, исто така, се

[1] Ебу Давуд, бр. (2528).

покажува и со давање предност на другите пред нив во посебните поврзувања и дарувања, во кои тие имаат поголемо право од останатите.

## Докази:

Доказите за забраната за прекинување на роднинските врски се многубројни, меѓу кои:

Зборовите на Возвишениот Аллах:

﴿فَهَلۡ عَسَيۡتُمۡ إِن تَوَلَّيۡتُمۡ أَن تُفۡسِدُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَتُقَطِّعُوٓاْ أَرۡحَامَكُمۡ 22 أُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَعَنَهُمُ ٱللَّهُ فَأَصَمَّهُمۡ وَأَعۡمَىٰٓ أَبۡصَٰرَهُمۡ 23﴾

„Можеби и вие, кога би се одметнале, неред на Земјата би правеле и роднинските врски би ги кинеле!

Тоа се тие коишто Аллах ги проколнал и глуви и слепи ги направил.“ (Мухамед, 22-23)

На друго место во Куранот, Возвишениот вели:

﴿وَٱلَّذِينَ يَنقُضُونَ عَهۡدَ ٱللَّهِ مِنۢ بَعۡدِ مِيثَٰقِهِۦ وَيَقۡطَعُونَ مَآ أَمَرَ ٱللَّهُ بِهِۦٓ أَن يُوصَلَ وَيُفۡسِدُونَ فِي ٱلۡأَرۡضِ أُوْلَٰٓئِكَ لَهُمُ ٱللَّعۡنَةُ وَلَهُمۡ سُوٓءُ ٱلدَّارِ 25﴾

„А тие што не ги исполнуваат должностите кон Аллах, иако за тоа цврсто се обврзале, и го кршат тоа што Аллах наредил да се одржува, и прават неред на Земјата – нив ги чека проклетството и најлошото живеалиште.“ (Ер Рад, 25)

﴿...وَيَقۡطَعُونَ مَآ أَمَرَ ٱللَّهُ بِهِۦٓ أَن يُوصَلَ...﴾

„„...и го кршат тоа што Аллах наредил да се одржува...“

односно: ги прекинуваат роднинските врски кои Аллах им наредил да ги одржуваат.[1]

- Од Џубејр, радијаллаху анху, се пренесува, дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како кажува:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ قَاطِعٌ».

„Нема да влезе во Џенет оној кој ги кине роднинските врски.“[2] Односно, оној што ги прекинува роднинските врски.

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«خَلَقَ اللَّهُ الخَلْقَ، فَلَمَّا فَرَغَ مِنْهُ قَامَتِ الرَّحِمُ، فَأَخَذَتْ بِحَقْوِ الرَّحْمَنِ (مَوْضِع شَدِّ الإِزَارِ)، فَقَالَ: مَهْ، قَالَتْ: هَذَا مَقَامُ العَائِذِ بِكَ مِنَ القَطِيعَةِ، قَالَ: أَلَا تَرْضَيْنَ أَنْ أَصِلَ مَنْ وَصَلَكِ، وَأَقْطَعَ مَنْ قَطَعَكِ، قَالَتْ: بَلَى يَا رَبِّ، قَالَ: فَذَاكِ» قال أبو هريرة: اقرءوا إن شئتم: ﴿فَهَلۡ عَسَيۡتُمۡ إِن تَوَلَّيۡتُمۡ أَن تُفۡسِدُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَتُقَطِّعُوٓاْ أَرۡحَامَكُمۡ 22﴾.

„Аллах ги создал суштествата, и кога завршил со нив, станала роднинската врска пред Сѐмилосниот. Тој рекол: ‚Што е?’. Таа рекла: ‚Ова е местото на оној кој бара заштита кај Тебе од прекинување на врските!’. Тој рекол: „Зарем не си задоволна што Јас ќе одржувам врските со оној што ќе те чува, и ќе ги прекинам врските со оној што ќе те прекине?’. Таа одговорила: ‚Да, Господару мој!’. Тој рекол: ‚Тогаш нека ти биде.’“

[1] Тефсир на Табери, 13/514.
[2] Го бележи Муслим, бр. (5984).

Ебу Хурејре рекол: Прочитајте, ако сакате: „Можеби и вие, кога би се одметнале, неред на Земјата би правеле и роднинските врски би ги кинеле!“[1] (Мухамед, 22)

Од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«الرَّحِمُ مُعَلَّقَةٌ بِالعَرْشِ تَقُولُ: مَنْ وَصَلَنِي وَصَلَهُ اللَّهُ، وَمَنْ قَطَعَنِي قَطَعَهُ اللَّهُ».

„Роднинската врска е прикачена за Аршот и вели: ‚Кој ќе ме одржува, Аллах ќе го одржува него; а кој ќе ме прекине, Аллах ќе го прекине него.‘“[2]

## Штетни последици:

Меѓу штетните последици и казните за овој голем грев спаѓаат:

- Оној кој ги прекинува роднинските врски е проколнат во Книгата на Возвишениот Аллах, како што беше наведено во претходните ајети.

- Аллах одредил дека една од особините на грешниците-губитници е прекинувањето на врските кои Тој наредил да се одржуваат, како што се роднинските врски. Возвишениот Аллах вели:

﴿ٱلَّذِينَ يَنقُضُونَ عَهۡدَ ٱللَّهِ مِنۢ بَعۡدِ مِيثَٰقِهِۦ وَيَقۡطَعُونَ مَآ أَمَرَ ٱللَّهُ بِهِۦٓ أَن يُوصَلَ وَيُفۡسِدُونَ فِي ٱلۡأَرۡضِۚ أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡخَٰسِرُونَ 27﴾

---

1 Го бележат Бухари, бр. (4830), и Муслим, бр. (2554).
2 Го бележат Бухари, бр. (5989), и Муслим, бр. (2555).

„Тие што го прекршуваат заветот кон Аллах откако е даден, го прекинуваат тоа што Аллах го наредил да се одржува и прават неред на Земјата. Тие се губитници!“ (Ел Бекаре, 27)

- На оној што ги прекинува роднинските врски му се забрзува казната на овој свет, покрај она што му е оставено од казната за на Ахиретот. Од Ебу Бекре, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, кажал:

«مَا مِنْ ذَنْبٍ أَجْدَرُ أَنْ يُعَجِّلَ اللَّهُ لِصَاحِبِهِ العُقُوبَةَ فِي الدُّنْيَا مَعَ مَا يَدَّخِرُ لَهُ فِي الآخِرَةِ مِنَ البَغْيِ وَقَطِيعَةِ الرَّحِمِ».

„Нема грев кој повеќе заслужува Аллах да му ја забрза казната на сторителот на дуњалукот – покрај она што му го чува за на Ахирет – од насилството и прекинувањето на роднинските врски.“[1]

- Една од најголемите казни со кои се казнува оној што ги кине роднинските врски е тоа што му се забранува влезот во Џенет. Од Џубејр бин Мут‘им, радијаллаху анху, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ قَاطِعٌ».

„Нема да влезе во Џенет оној што ги прекинува роднинските врски.“[2]

---

[1] Го Ебу Давуд, бр. (4902).
[2] Го бележат Бухари, бр. (5984), и Муслим, бр. (2556).

- На оној што ги прекинува роднинските врски не му се воздигнува делото, ниту Аллах го прифаќа доброто дело од него. Од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека го слушнал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ أَعْمَالَ بَنِي آدَمَ تُعْرَضُ عَلَى اللَّهِ تَبَارَكَ وَتَعَالَى عَشِيَّةَ كُلِّ خَمِيسٍ لَيْلَةَ الْجُمُعَةِ فَلَا يُقْبَلُ عَمَلُ قَاطِعِ رَحِمٍ».

„Делата на Адемовите синови (луѓето) Му се прикажуваат на Возвишениот Аллах секој четврток навечер, во ноќта спроти петок, и не се прифаќа делото на оној што ги прекинува роднинските врски.“[1]

## Заштита:

Начините за заштита од опасностите на овој голем грев се:

- Муслиманот да се потсети на вредноста на одржувањето на роднинските врски, што ќе го поттикне да ги одржува, а за тоа сведочи и преданието од Енес бин Малик, радијаллаху анху, кој пренесува дека го слушнал Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«مَنْ سَرَّهُ أَنْ يُبْسَطَ لَهُ رِزْقُهُ، أَوْ يُنْسَأَ لَهُ فِي أَثَرِهِ (أَيْ: يُمَدَّ لَهُ فِي عُمُرِهِ)، فَلْيَصِلْ رَحِمَهُ».

[1] Ахмед бр. (10272).

„Кого го радува да има изобилно снабдување, или да му се продолжи животот (т.е. да му се зголеми животниот век), нека ги одржува роднинските врски.“[1]

- Возвраќање на злото со добрина, и спојување на прекинатите врски. Абдулах бин Амр, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَيْسَ الوَاصِلُ بِالْمُكَافِئِ، وَلَكِنَّ الوَاصِلَ الَّذِي إِذَا قُطِعَتْ رَحِمُهُ وَصَلَهَا».

„Вистинскиот одржувач на роднинските врски не е оној што само возвраќа, туку оној кој ги одржува врските дури и кога тие се прекинати.“[2]

- Прифаќањето на извинувањата и преминувањето преку лошите дела се одлики на пејгамберите и праведниците, Божјиот мир и спас нека е врз нив. Најубав пример за тоа е Јусуф, алејхис-селам, кој и покрај сè што му направиле неговите браќа, им простил и преминал преку нивната постапка за да ги зачува братските врски меѓу нив.

- Дарежливост кон роднините – лично жртвувајќи ја неговата положба и со својот имот – без очекување возврат од нив; воздржување од приговарање за направените добрини и од оптоварување со она што не

[1] Го бележат Бухари, бр. (2067), и Муслим, бр. (2557).
[2] Го бележи Бухари, бр. (5991).

можат да го поднесат; скромност и убаво однесување кон нив; трпеливост и возвишеност над нивните грешки и пропусти; да имаме убаво мислење за нив и да се воздржуваме од прекумерно прекорување и замерување.

- Стремеж за собирање на роднините: нивно поканување на прилики и гозби, нивно посетување и комуницирање со нив преку телефон.

- Навикнување и воспитување на децата за важноста на одржувањето на роднинските врски, за да се поведат по тој пример и да го применуваат кога ќе пораснат.

- Решавање на семејните проблеми преку советување и благост, особено во однос на прашањата поврзани со наследството.

- Избегнување на извештаченост со блиските роднини, која води до кинење на врските.

## Гатањето, прорекувањето на иднината, астрологијата и одењето кај оние кои се занимаваат со овие зла

Врачарењето, гатањето и астрологијата се големи гревови кои го нарушуваат верувањето на оној што ги практикува, бидејќи таквиот или тврди дека го знае гајбот (скриеното), или ги припишува работите на ѕвездите, а сето тоа го нарушува тевхидот.

Гатачот е оној што известува за скриените нешта во иднина, а се вели и дека е оној што открива она што е сокриено во срцата.

Претскажувачот е оној што тврди дека ги знае работите врз основа на одредени претпоставки, преку кои дознава за украденото, за местото на изгубеното и слично на тоа.

Астрологот е оној што се занимава со астрологија и тврди дека ѕвездите имаат влијание; па така, вели на пример: „Кога ќе се појави таа и таа ѕвезда и ќе се сретне со таа и таа ѕвезда, тоа значи дека ќе се случи тоа и тоа“, или: „Ако на некој му се роди дете под тој и тој хороскопски знак, тогаш ќе го снајде тоа и тоа – богатство или сиромаштија, среќа или несреќа и слично.“ Тие врз основа на движењето на ѕвездите се обидуваат да заклучуваат за состојбата на земјата и на луѓето на неа.[1]

Ова се однесува на секој што известува за скриеното, тврди дека ги познава невидливите работи, или се обидува да ги дознае преку хороскоп, цртање линии на песок, фрлање камчиња, гледање во филџан, читање од дланка и слични методи. Секој што тврди дека го познава гајбот (скриеното, непознатото) преку

---

1 Види: Тејсирул Азизил Хамид, стр. (351).

било кое од наведените или други средства – тој е лажго и неверник.[1]

Потребно е да се напомене дека одењето кај гатачите, врачевите и ним сличните измамници е еден од големите гревови од кои е предупредено, и дека таквото дело повлекува многу штетни последици во верските и световните работи.

## Докази:

Верските докази укажуваат на забраната на гатањето, прорекувањето и астрологијата, како и на забраната за одење кај оние што се занимаваат со овие порочни дела. Меѓу нив се:

Аллаховите зборови:

﴿قُتِلَ ٱلۡخَرَّٰصُونَ 10 ٱلَّذِينَ هُمۡ فِي غَمۡرَةٖ سَاهُونَ 11 يَسۡـَٔلُونَ أَيَّانَ يَوۡمُ ٱلدِّينِ 12﴾

„Проклети нека бидат лажливците, оние кои се во заблуда, незаинтересирани, прашуваат кога ќе биде Денот на судот.“ (Ез Заријат, 10-12)

Односно: проколнати се гатачите кои измислуваат (а зборот „харс“ значи лага и претпоставка) лаги и невистини. Ибн Абас, радијаллаху анхума, во врска со значењето рекол: „Тоа се гатачите.“[2]

وَعَنْ زَيْدِ بْنِ خَالِدٍ رَضِيَ اللَّهُ عَنْهُ قَالَ: خَرَجْنَا مَعَ رَسُولِ اللَّهِ ﷺ عَامَ الْحُدَيْبِيَةِ، فَأَصَابَنَا مَطَرٌ ذَاتَ لَيْلَةٍ، فَصَلَّى لَنَا رَسُولُ اللَّهِ ﷺ الصُّبْحَ، ثُمَّ أَقْبَلَ عَلَيْنَا فَقَالَ:

---

[1] Види: Акидетут-Тевхид на Ел-Февзан, 97.
[2] Тефсир Ет-Табери, 21/492.

«أَتَدْرُونَ مَاذَا قَالَ رَبُّكُمْ؟»، قُلْنَا: اللَّهُ وَرَسُولُهُ أَعْلَمُ، فَقَالَ: «قَالَ اللَّهُ: أَصْبَحَ مِنْ عِبَادِي مُؤْمِنٌ بِي وَكَافِرٌ بِي، فَأَمَّا مَنْ قَالَ: مُطِرْنَا بِرَحْمَةِ اللَّهِ وَبِرِزْقِ اللَّهِ وَبِفَضْلِ اللَّهِ، فَهُوَ مُؤْمِنٌ بِي، كَافِرٌ بِالْكَوْكَبِ، وَأَمَّا مَنْ قَالَ: مُطِرْنَا بِنَجْمِ كَذَا، فَهُوَ مُؤْمِنٌ بِالْكَوْكَبِ كَافِرٌ بِي».

Од Зејд ибн Халид, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: „Излеговме со Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, во годината на Худејбија, и една ноќ заврна дожд. Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè предводеше на сабах намаз, а потоа се сврте кон нас и рече: ‚Дали знаете што рече вашиот Господар?‘ Рековме: ‚Аллах и Неговиот пратеник најдобро знаат.‘ Тој рече: ‚Аллах рекол: ‚Некои Мои робови се разбудија како верници во Мене, а некои како неверници во Мене. Па, оние што рекле дека ни врнело дожд со Аллаховата милост, со Аллаховата опскрба и со Аллаховата добрина, тие се верници во Мене, а неверници во ѕвездата. А оние што рекле дека ни врнело дожд поради таа и таа ѕвезда, тие се верници во ѕвездата, а неверници во Мене.‘“[1]

Во овој хадис, робовите се делат на две групи:

Првата група: верник во Севишниот Аллах, кој ја препишува оваа благодат на Аллах, Му се заблагодарува за неа, знаејќи дека таа е од Него, па Го фали и Го слави заради неа.

[1] Го бележат Бухари, бр. (4147), и Муслим, бр. (71).

Втората група: неверници во Аллах, а тие се од два вида:

Првиот вид: оној што прави мало неверство — како оној што вели: „Дождот падна поради таа и таа ѕвезда или соѕвездие“, верувајќи дека тие се причина за дождот. Ова е мало неверство, бидејќи не верува дека тие се содружници на Аллах ниту дека делуваат самостојно, туку направил причина она што не е причина и ја припишал благодатта на некој друг освен Аллах. Затоа, неговите зборови се од зборовите на неверниците и претставуваат мало неверство.

Вториот вид: големо неверство — тоа го прави оној кој верува дека дождот е резултат на влијанието на ѕвездите и соѕвездијата, дека тие се тие што го даруваат дождот и се движат за да го спуштат како одговор на повикот на своите обожаватели. Ова, според општ став, е големо неверство, бидејќи претставува верување во господарството и божественоста на некој друг освен Аллах, Возвишениот.[1]

Ибн Абас, радијаллаху анхума, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنِ اقْتَبَسَ عِلْمًا مِنَ النُّجُومِ، اقْتَبَسَ شُعْبَةً مِنَ السِّحْرِ زَادَ مَا زَادَ».

1 Ет-Темхид ли Шерх Китаб Ет-Теухид, стр. (356).

„Кој ќе стекне знаење од астрологија, во толкава мерка ќе стекне знаење за сихр-мaѓија. Едното се зголемува со другото.“[1] Т.е колку повеќе учи астрологија, толку повеќе навлегува во сихрот-маѓијата, а со тоа му се зголемува и гревот.

Ебу Месуд ел-Енсари, радијаллаху анху, пренесува дека

«أَنَّ رَسُولَ اللَّهِ ﷺ نَهَى عَنْ ثَمَنِ الكَلْبِ، وَمَهْرِ البَغِيِّ، وَحُلْوَانِ الكَاهِنِ».

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ја забранил цената (заработката од продажбата) на кучето, заработката на блудницата и наплатата на гатачот.[2] А наплатата на гатачот е неговиот надоместок за неговото гатање.

Муавија бин Хакем ес-Сулеми, радијаллаху анху, рекол:

قلت: يَا رَسُولَ اللهِ، إِنِّي حَدِيثُ عَهْدٍ بِجَاهِلِيَّةٍ، وَقَدْ جَاءَ اللهُ بِالإِسْلَامِ، وَإِنَّ مِنَّا رِجَالًا يَأْتُونَ الكُهَّانَ قَالَ: «فَلَا تَأْتِهِمْ».

Реков: „О, Аллахов Пратенику, јас до скоро бев во џахилиет, а Аллах ни го донесе исламот. Меѓу нас има луѓе кои одат кај гатачите.“ Пратеникот, алејхи селам, рече: „Не одете кај нив.“[3]

---

1 Го Ебу Давуд, бр. (3905).
2 Го бележат Бухари, бр. (2237), и Муслим, бр. (1567).
3 Го бележи Муслим, бр. (537).

Од Сафија, една од сопругите на Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се пренесува дека тој рекол:

«مَنْ أَتَى عَرَّافًا فَسَأَلَهُ عَنْ شَيْءٍ لَمْ تُقْبَلْ لَهُ صَلَاةٌ أَرْبَعِينَ لَيْلَةً».

„Кој ќе посети гатач и ќе го праша за нешто, намазот нема да му се прими четириесет ноќи.“[1]

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ أَتَى حَائِضًا أَوْ امْرَأَةً فِي دُبُرِهَا أَوْ كَاهِنًا فَقَدْ كَفَرَ بِمَا أُنْزِلَ عَلَى مُحَمَّدٍ».

„Кој има однос со жена во текот на менструалниот циклус, или со жена во нејзиниот анален отвор, или посети гатач, го негира она што му е објавено на Мухамед.“[2]

Ел Куртуби вели за гатачите: „Оној што е одговорен за јавниот ред и мир (тој што ги надгледува пазарите и се грижи за јавниот морал) е должен да ги отстрани од пазарите, најостро да ги осуди и да не дозволи никој да ги посетува за таа цел.“[3]

## Штетни последици:

Во штетните последици од гатањето, претскажувањето, астрологијата и обраќањето кај оние што се занимаваат со овие зла спаѓа и тоа:

---

1 Го бележи Муслим, бр. (2230).
2 Го бележи Тирмизи, бр. (135).
3 Ел-Муфхим лима ушкиле мин телхиси Муслим (5/ 633).

– Дека оној што го прави тоа влегува во поимот „тагут“, а обраќањето кон таквите луѓе претставува вид на барање пресуда од тагут. А „тагут“ е сè што се обожува покрај Аллах. Возвишениот Аллах вели:

﴿أَلَمۡ تَرَ إِلَى ٱلَّذِينَ يَزۡعُمُونَ أَنَّهُمۡ ءَامَنُواْ بِمَآ أُنزِلَ إِلَيۡكَ وَمَآ أُنزِلَ مِن قَبۡلِكَ يُرِيدُونَ أَن يَتَحَاكَمُوٓاْ إِلَى ٱلطَّٰغُوتِ وَقَدۡ أُمِرُوٓاْ أَن يَكۡفُرُواْ بِهِۦۖ وَيُرِيدُ ٱلشَّيۡطَٰنُ أَن يُضِلَّهُمۡ ضَلَٰلَۢا بَعِيدٗا 60﴾

„Зарем не ги гледаш тие што тврдат дека веруваат во тоа што ти се објавува тебе и во тоа што е објавено пред тебе, како сакаат пред тагутот да им се суди, иако им е наредено да не веруваат во него? А шејтанот сака само во голема заблуда да ги наведе!“ (Ен Ниса, 60) Ет-Табери пренесува од Катаде дека овој ајет е објавен за двајца мажи — еден од енсариите и еден од евреите — поради спор што го имале меѓу себе за едно право. Тие се обратиле кај еден гатач во Медина за да им пресуди, оставајќи го настрана Аллаховиот веровесник, салаллаху алејхи ве селем. Поради тоа, Возвишениот Аллах ги прекорил.[1]

- Дека тоа е од делата на луѓето од времето на незнаењето, за што имамот Бухари вели: Џабир рекол: „Тагутите на кои им се обраќале за суд, беа: во племето Џухејна еден, во племето Еслем еден, и во секое племе по еден. Тоа беа гатачи

[1] Тефсир Ет-Табери, 7/191.

кај кои се спуштал шејтанот...“ А Икриме рекол: „Џибт на етиопски јазик значи шејтан, а Тагут е гатачот.“[1]

- Дека тоа претставува искушение на луѓето едни со други, и на луѓето со џиновите. Од Аиша, радијаллаху анха, се пренесува, дека рекла:

سَأَلَ أُنَاسٌ النَّبِيَّ ﷺ عَنِ الكُهَّانِ، فَقَالَ: «إِنَّهُمْ لَيْسُوا بِشَيْءٍ»، فَقَالُوا: يَا رَسُولَ اللَّهِ، فَإِنَّهُمْ يُحَدِّثُونَ بِالشَّيْءِ يَكُونُ حَقًّا، قَالَ: فَقَالَ النَّبِيُّ ﷺ: «تِلْكَ الْكَلِمَةُ مِنَ الحَقِّ يَخْطَفُهَا الجِنِّيُّ، فَيُقَرْقِرُهَا فِي أُذُنِ وَلِيِّهِ كَقَرْقَرَةِ الدَّجَاجَةِ، فَيَخْلِطُونَ فِيهِ أَكْثَرَ مِنْ مِائَةِ كَذْبَةٍ».

„Некои луѓе го прашале Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, за гатачите, па тој рекол: ‚Тие не се ништо.‘ Рекоа: ‚О, Аллахов Пратенику, но тие понекогаш кажуваат нешто што навистина се остварува.‘ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: ‚Тоа е еден збор од вистината што џинот го грабнува и го пренесува во увото на својот сојузник-гатач, како кога кокошката кокодака, а потоа тие кон тоа додаваат повеќе од сто лаги.‘“[2]

Односно: гатачот додава сто лаги кон зборот што му го пренел неговиот сојузник од шејтаните, или шејтанот додава сто лаги кон зборот што го прислушнал од небото, па потоа сето тоа му го пренесува на својот сојузник од луѓето. Така, луѓето се заведуваат преку

[1] Сахих Ел-Бухари (6/ 45).
[2] Го бележат Бухари, бр. (7561), и Муслим, бр. (2228).

човекот-гатач, а гатачот и неговиот сојузник се заведуваат од шејтаните. Тие прифаќаат сè што им го пренесуваат — и вистината и лагата — бидејќи понекогаш навистина ја кажуваат вистината во она што го пренесуваат од небесата.[1]

- Оној кој ќе посети гатач и ќе го праша за нешто, намазот нема да му се прими четириесет ноќи, како што беше наведено во претходниот хадис.

## Заштита:

За заштита од гатање, врачање, астрологија и слични нешта, постојат неколку начини, меѓу кои:

- Цврсто убедување дека никој освен Аллах не го знае гајбот-скриеното. Возвишениот вели:

﴿قُل لَّا يَعۡلَمُ مَن فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِ ٱلۡغَيۡبَ إِلَّا ٱللَّهُ...﴾

„Кажи: ‚Никој, освен Аллах, ни на небото ни на Земјата, не го знае гајбот.‘“ (Ен Немл, 65) Тој, Славениот исто така вели:

﴿وَعَلَّمَ ءَادَمَ ٱلۡأَسۡمَآءَ كُلَّهَا ثُمَّ عَرَضَهُمۡ عَلَى ٱلۡمَلَٰٓئِكَةِ فَقَالَ أَنۢبِـُٔونِي بِأَسۡمَآءِ هَٰٓؤُلَآءِ إِن كُنتُمۡ صَٰدِقِينَ 31 قَالُواْ سُبۡحَٰنَكَ لَا عِلۡمَ لَنَآ إِلَّا مَا عَلَّمۡتَنَآۖ إِنَّكَ أَنتَ ٱلۡعَلِيمُ ٱلۡحَكِيمُ 32﴾

„И Тој го подучи Адем со сите имиња, а потоа ги изнесе пред мелеците и рече: ‚Кажете Ми ги имињата нивни, ако ја кажувате вистината!'

[1] Види: Тејсирул Азизил Хамид, стр. 223.

,Славен биди!', рекоа тие, „Ние го знаеме само тоа за што Ти нè подучи! Само Ти си Зналецот и Мудриот!'“ (Ел Бекаре, 31-32) Затоа, не им преостана ништо друго освен да признаат дека се немоќни и дека знаат само она на што Тој ги подучил, со зборовите:

﴿سُبۡحَٰنَكَ لَا عِلۡمَ لَنَآ إِلَّا مَا عَلَّمۡتَنَآ...﴾

„Славен биди! Ние го знаеме само тоа за што Ти нè подучи...“ Во тоа лежеше најочигледниот доказ и најјасниот аргумент за лажноста на тврдењата на сите гатачи и претскажувачи кои тврдеа дека знаат нешто од гајбот.[1]

Остварување на вистинското робување кон Возвишениот Аллах со искажување на неверување во тагутот. Оној што тврди дека го познава гајбот, или ги припишува настаните и појавите на ѕвездите, верувајќи дека тие имаат влијание сами по себе – таквиот ја пречекорил границата, згрешил, направил неверство и самиот станал тагут. Возвишениот Аллах вели:

﴿...فَمَن يَكۡفُرۡ بِٱلطَّٰغُوتِ وَيُؤۡمِنۢ بِٱللَّهِ فَقَدِ ٱسۡتَمۡسَكَ بِٱلۡعُرۡوَةِ ٱلۡوُثۡقَىٰ لَا ٱنفِصَامَ لَهَاۗ وَٱللَّهُ سَمِيعٌ عَلِيمٌ﴾

„Тој што не верува во тагутот, а верува во Аллах, се држи за најцврстата врска, којашто нема да се прекине! А Аллах сè слуша и сè знае.“

[1] Тефсир на Табери, 1/527 - 528.

(Ел Бекаре, 256) Сеид бин Џубејр, Аллах нека му се смилува, рекол: „Тагут: гатачот.“[1]

- Изучување на тевхидот и негово поучување, и спознавање на она што му се спротивставува, повикување во добро и одвраќање од зло, и спроведување на шеријатските казни врз оние кои ги прават овие шејтански дела.

## Изработка на скулптури

Изработката на скулптури спаѓа меѓу големите гревови на кои предупредува шеријатот. Аллаховиот Закон го проколнал оној што ги изработува и му се заканил со строга казна. Тоа е, исто така, една од најголемите причини за обожување на идоли и за ширење на ширк кон Возвишениот Аллах.

Суштината на изработката на скулптури е тоа што човекот прави лик со кој го подражава она што Аллах го создал од живите суштества – без разлика дали е направен од камен, глина, железо, бакар или некој друг материјал.

Учените се едногласни во ставот дека е забрането и изработувањето и поседувањето на скулптури.[2]

Имамот Невеви, рахимехуллах, рекол: „Учените се согласни за забраната на она што има сенка и за задолжителноста тоа да се

[1] Тефсир на ет-Табери, 4/557.
[2] Види Фетхул Бари (10/391).

отстрани. Кади Ијад рекол: освен она што е дозволено за играње со кукли кај малите девојчиња, за што постои посебна дозвола.“[1]

## Докази:

Во Сунетот се пренесени многу текстови кои предупредуваат од сликањето и правењето скулптури, меѓу кои:

Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ الَّذِينَ يَصْنَعُونَ هَذِهِ الصُّوَرَ يُعَذَّبُونَ يَوْمَ القِيَامَةِ يُقَالُ لَهُمْ أَحْيُوا مَا خَلَقْتُمْ».

„Навистина, оние кои ги прават овие слики ќе бидат казнети на Судниот ден, ќе им биде речено: ‚Оживејте го тоа што сте го создале.‘“[2]

Од Муслим бин Субејх се пренесува дека рекол: Бевме со Месрук во куќата на Јесар бин Нумејр, па виде во неговата куќа слики и рече: Го слушнав Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, како пренесува дека го слушнал Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«إِنَّ أَشَدَّ النَّاسِ عَذَابًا عِنْدَ اللَّهِ يَوْمَ القِيَامَةِ المُصَوِّرُونَ».

„Навистина, на Судниот ден, најжестока казна од Аллах ќе имаат цртачите (сликарите).“[3]

Од Ебу Зура се пренесува дека рекол:

---

1 Шерх Муслим (14/82).
2 Го бележат Бухари, бр. (5607), и Муслим, бр. (2108).
3 Го бележат Бухари, бр. (5950), и Муслим, бр. (2109).

„Влегов со Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, во куќата на Мерван. Тој забележа во неа слики и рече:

‚Го слушнав Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

Аллах, Семоќниот и Возвишениот, рекол:

«وَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنْ ذَهَبَ يَخْلُقُ خَلْقًا كَخَلْقِي؟ فَلْيَخْلُقُوا ذَرَّةً، أَوْ لِيَخْلُقُوا حَبَّةً، أَوْ لِيَخْلُقُوا شَعِيرَةً».

„Кој е понеправеден од оној што сака да создаде како што Јас создавам? Па, нека создадат атом, или нека создадат зрно, или нека создадат зрно јачмен.“[1]

Од Сеид бин Ебул Хасен се пренесува дека рекол:

كُنْتُ عِنْدَ ابْنِ عَبَّاسٍ رَضِيَ اللَّهُ عَنْهُمَا، إِذْ أَتَاهُ رَجُلٌ فَقَالَ: إِنِّي إِنْسَانٌ إِنَّمَا مَعِيشَتِي مِنْ صَنْعَةِ يَدِي، وَإِنِّي أَصْنَعُ هَذِهِ التَّصَاوِيرَ، فَقَالَ ابْنُ عَبَّاسٍ رَضِيَ اللَّهُ عَنْهُمَا: لَا أُحَدِّثُكَ إِلَّا مَا سَمِعْتُ رَسُولَ اللَّهِ ﷺ، سَمِعْتُهُ يَقُولُ: «مَنْ صَوَّرَ صُورَةً، فَإِنَّ اللَّهَ مُعَذِّبُهُ حَتَّى يَنْفُخَ فِيهَا الرُّوحَ، وَلَيْسَ بِنَافِخٍ فِيهَا أَبَدًا»، فَرَبَا الرَّجُلُ رَبْوَةً شَدِيدَةً (أَيْ: عَلَا نَفَسُهُ وَضَاقَ صَدْرُهُ وَذُعِرَ وَامْتَلَأَ خَوْفًا)، وَاصْفَرَّ وَجْهُهُ، فَقَالَ ابْنُ عَبَّاسٍ: وَيْحَكَ، إِنْ أَبَيْتَ إِلَّا أَنْ تَصْنَعَ، فَعَلَيْكَ بِهَذَا الشَّجَرِ، كُلِّ شَيْءٍ لَيْسَ فِيهِ رُوحٌ.

„Бев кај Ибн Абас, радијаллаху анхума, кога му дојде еден човек и рече: ‚Јас сум човек кој живее од работата на своите раце, и јас ги правам овие слики.' Ибн Абас, радијаллаху анхума, му одговори: ‚Нема да ти кажам ништо друго освен она што го слушнав од Аллаховиот пратеник,

[1] Го бележат Бухари, бр. (7559), и Муслим, бр. (2111).

алејхи селам, како вели: ,Кој ќе нацрта слика, Аллах ќе го казнува сѐ додека не ѝ вдахне душа, а тој никогаш нема да може да ѝ вдахне душа.' Човекот почна тешко да дише од страв и лицето му пожолте. Тогаш Ибн Аббас рече: ,Тешко тебе, ако веќе мораш да го работиш тоа, тогаш цртај дрвја и сѐ што нема душа.'"[1]

Од Ебу Талха, радијаллаху анху, се пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا تَدْخُلُ المَلَائِكَةُ بَيْتًا فِيهِ كَلْبٌ وَلَا صُورَةٌ».

„Мелеците не влегуваат во куќа во која има куче и слики (на живи суштества)."[2] Имамот Бухари рекол: „Се мисли на фигурите на живите суштества."

Ебу ел-Хејаџ ел-Есди раскажува дека Али бин Ебу Талиб му рекол: „Дали сакаш да те задолжам со истото со кое ме задолжи Аллаховиот Пратеник, алејхи селам? Урни го секој кип и срамни го секој издигнат гроб!"[3]

Ибн Тејмије рекол: „Му наредил да ги отстрани двата лика: сликата (скулптурата) направена според ликот на умрениот и скулптурата подигната над неговиот гроб,

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (2225), и Муслим, бр. (2110).
[2] Го бележат Бухари, бр. (4002), и Муслим, бр. (2106).
[3] Го бележи Муслим, бр. (969).

бидејќи ширкот се прави и со едното и со другото.“[1]

## Штетни последици:

Штетните последици од правењето статуи се многубројни, од кои:

- Тоа е причина за ширк припишување рамен Возвишениот Аллах, а Ибн Абас, радијаллаху анхума, за Аллаховите зборови, пренесува:

﴿وَقَالُواْ لَا تَذَرُنَّ ءَالِهَتَكُمۡ وَلَا تَذَرُنَّ وَدّٗا وَلَا سُوَاعٗا وَلَا يَغُوثَ وَيَعُوقَ وَنَسۡرٗا 23﴾

„И велат: ‚Никако божествата ваши не ги оставајте, и никако, ниту Ведд, ниту Сува, а ни Јегус, ни Јеук, ниту Неср не ги напуштајте!‘“ (Нух, 23), рекол: „Имиња на добри луѓе од народот на Нух. Кога тие умреле, шејтанот го навел нивниот народ да постават споменици (т.е. кипови) на местата на нивните седенки и да ги наречат по нивните имиња. Тие го сториле тоа, но киповите не биле обожувани, сѐ додека не изумрела таа генерација и знаењето не се изгубило, па тогаш почнале да ги обожуваат.“[2]

- Дека во тоа има соперништво со Возвишениот Аллах и Негово подражавање во една од Неговите највеличествени особини, а тоа е особината на создавањето.

---

[1] Меџму‘ Ел-Фетава, (17/462).
[2] Бухари, бр. (4920).

- Тоа е причина за гневот на Возвишениот Аллах врз робот на Судниот ден, бидејќи цртачите се најлошите суштества кај Возвишениот Аллах. Од мајката на верниците, Аиша, радијаллаху анха, се пренесува, дека Уму Хабибе и Уму Селеме, радијаллаху анхума, спомнале една црква која ја виделе во Абисинија, во која имало слики, па Му ја спомнале на Пратеникот, алејхи селам, а тој рекол:

«إِنَّ أُولَئِكِ إِذَا كَانَ فِيهِمُ الرَّجُلُ الصَّالِحُ فَمَاتَ، بَنَوْا عَلَى قَبْرِهِ مَسْجِدًا، وَصَوَّرُوا فِيهِ تِلْكَ الصُّوَرَ، فَأُولَئِكِ شِرَارُ الخَلْقِ عِنْدَ اللَّهِ يَوْمَ القِيَامَةِ».

„Навистина тие, кога меѓу нив имало добар човек и кога тој ќе умрел, тие врз неговиот гроб граделе светиште и ги насликувале тие слики. Таквите се најлошите созданија кај Аллах на Судниот ден.“[1]

- Тоа е причина Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, да го проколне вршителот на тоа дело, како што се пренесува од Ебу Џухејфе, радијаллаху анху:

«أَنَّ رَسُولَ اللَّهِ ﷺ لَعَنَ المُصَوِّرَ».

„Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го проколнал сликарот.“[2]

[1] Го бележат Бухари, бр. (427), и Муслим, бр. (528).
[2] Го бележи Бухари, бр. (2238).

- Тоа дело е причина за тешка казна на Судниот ден, како што беше споменато во хадисите.

- Мелеците не влегуваат во куќа во која има слика (на живо суштество) или статуа, како што беше споменато во претходен хадис.

- Поистоветување со неверниците, како на пример со христијаните и другите.

## Заштита:

Начини на заштита од овој голем грев:

Робот треба да го има на ум Аллаховиот гнев врз него на Судниот ден, кога ќе му биде наредено да вдише душа во таа слика, но нема да може да го стори тоа, како и фактот дека врз него ќе биде спуштено проклетството на Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем.

Да знае дека, доколку изработката на статуи му е професија, оној што ќе остави нешто заради Аллах, Аллах ќе му го надомести со нешто подобро – и на овој, и на идниот свет; бидејќи, ако го напушти тоа дело искрено заради Аллах, Тој ќе го снабди со дозволен ризк (снабдување) од каде што и не очекува.

Да се потсети на влијанието на недозволената заработка врз неприфаќањето на неговата дова и врз лошото воспитување и карактер на неговите деца.

А ако некој го прави тоа од забава или од, како што велат, хоби, тогаш уште повеќе му доликува да го остави тоа заради Аллах, Возвишениот, и да го замени со нешто друго од украсите на овој свет што Аллах ги дозволил. А доколку, сепак, не сака да се откаже, тогаш нека прави фигури од она што нема душа – како дрвја, градби и безживотни предмети.

- Отстранување и уништување на скулптурите од страна на оние што имаат овластување за тоа – како надлежните и одговорни институции, како и мажот во сопствениот дом.

## Хомосексуализам

Хомосексуализмот - а тоа е анален однос меѓу мажи - претставува еден од најтешките големи гревови. Тој е изопачување на природната чистота (фитра) во која Аллах ги создал луѓето. Со тоа се руши моралот, се поништува машкоста, се прекинува потомството, се расипува општеството и се предизвикува гневот на Возвишениот Аллах и Неговата жестока казна. Возвишениот Аллах, за народот на Лут вели:

﴿فَلَمَّا جَآءَ أَمۡرُنَا جَعَلۡنَا عَٰلِيَهَا سَافِلَهَا وَأَمۡطَرۡنَا عَلَيۡهَا حِجَارَةٗ مِّن سِجِّيلٖ مَّنضُودٖ 82 مُّسَوَّمَةً عِندَ رَبِّكَۖ وَمَا هِيَ مِنَ ٱلظَّٰلِمِينَ بِبَعِيدٖ 83﴾

„И кога падна наредбата Наша, Ние сè превртевме, тоа што беше горе – бидна долу, и

на нив како дожд грутки од печена кал спуштивме, кои непрекидно сипеа,

обележено од Господарот твој, а тоа не е далеку од насилниците.“ (Худ, 82-83)

## Докази:

Доказите за забраната на хомосексуализмот, кои ја појаснуваат неговата одвратност и големина на тој грев се многубројни. Меѓу нив:

Зборовите на Возвишениот Аллах каде што ни ги пренесува зборовите на Лут, алејхи селам, кога на својот народ му рекол:

﴿أَتَأۡتُونَ ٱلذُّكۡرَانَ مِنَ ٱلۡعَٰلَمِينَ 165 وَتَذَرُونَ مَا خَلَقَ لَكُمۡ رَبُّكُم مِّنۡ أَزۡوَٰجِكُمۚ بَلۡ أَنتُمۡ قَوۡمٌ عَادُونَ 166﴾

„Зошто вие, покрај целиот свет, имате односи со мажи,

а жените свои, кои за вас Господарот ваш ги создал, ги оставате? Вие сте луѓе кои секоја граница на злото ја преминувате.“ (Еш Шуара, 165-166) т.е. го преминувате она што вашиот Господар ви го дозволил од интимните односи, кон она што ви го забранил од нив.[1]

Возвишениот, исто така, вели:

﴿وَلُوطًا إِذۡ قَالَ لِقَوۡمِهِۦٓ أَتَأۡتُونَ ٱلۡفَٰحِشَةَ مَا سَبَقَكُم بِهَا مِنۡ أَحَدٖ مِّنَ ٱلۡعَٰلَمِينَ 80 إِنَّكُمۡ لَتَأۡتُونَ ٱلرِّجَالَ شَهۡوَةٗ مِّن دُونِ ٱلنِّسَآءِۚ بَلۡ أَنتُمۡ قَوۡمٞ مُّسۡرِفُونَ 81﴾

[1] Тефсир Ет-Табери, (17/630).

„И Лут – кога му рече на народот свој: ‚Зошто правите разврат каков никој пред вас на светот не го чинел?

Вие со страст им приоѓате на мажите, наместо на жените. Вие сте народ кој сите граници на злото ги преминува!'“ (Ел Араф, 80-81)

Абдулах бин Абас, радијаллаху анхума, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنْ وَجَدْتُمُوهُ يَعْمَلُ عَمَلَ قَوْمِ لُوطٍ، فَاقْتُلُوا الفَاعِلَ وَالمَفْعُولَ بِهِ».

„Тој што го чини делото на народот на Лут, и тој врз кој се чини, убијте ги.“[1]

Исто така, Џабир, радијалаху анху, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ أَخْوَفَ مَا أَخَافُ عَلَى أُمَّتِي عَمَلُ قَوْمِ لُوطٍ».

„Навистина, најголем страв за мојот умет ми предизвикува делото на народот на Лут.“[2]

## Штетни последици:

Хомосексуализмот со себе носи многу штетни последици, меѓу кои се:

- Сторителот на таквото дело се изложува на тешка закана на Ахиретот.

---

[1] Ебу Давуд, бр. (4462).

[2] Го бележи Тирмизи, бр. (1457).

- Малку дозволени бракови, а многу немажени.

- Намалување на потомството или негово целосно прекинување, што претставува закопување на семето на животот, како некој што сее семе во земја што не е погодна за обработување.

Имамот Ибн Кајим, Аллах нека му се смилува, рекол:

**„Хомосексуалноста предизвикува грижа, тага и отуѓување кај сторителот и кај оној врз кого се врши.“**[1]

Исто така: го поцрнува лицето, ги затемнува градите и ја гаси светлината на срцето.

Исто така, тоа неминовно предизвикува отуѓување, длабока меѓусебна омраза и разидување помеѓу сторителот и засегнатата страна.

Исто така: ја расипува состојбата и на оној што го прави делото и на оној врз кого се прави, со расипаност по која речиси и нема надеж за подобрување, освен ако Аллах не посака поинаку преку искрено покајание.

Исто така, тој грев спаѓа меѓу најголемите причини за губење на благодатите и спуштање на казните врз луѓето.

[1] Задул Меʻад (4/ 241 - 242), скратено.

Исто така: тоа дело го уништува срамот во целост, а срамот е животот на срцата. Па, кога срцето ќе го изгуби, тоа лошото ќе го смета за добро, а доброто за лошо, и тогаш расипаноста на срцето, целосно ќе доминира.

Исто така: хомосексуализмот остава во наследство голема дрскост и бесрамност во однесувањето на луѓето.

- Појавувањето на болести кои не беа познати порано, како што е сидата.

- Доведува до лезбиска врска или блуд; кога мажите ќе се задоволат со мажи, тогаш и жените ќе се задоволат со жени, или пак жената можеби ќе прибегне кон некој друг освен нејзиниот сопруг за да го задоволи својот нагон.

## Заштита:

Начини на заштита од гревот на хомосексуализмот:

- Бракот е една од најсилните заштити од хомосексуализмот, а оној кој не е во можност да се ожени, нека пости. Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مَنِ اسْتَطَاعَ البَاءَةَ فَلْيَتَزَوَّجْ، فَإِنَّهُ أَغَضُّ لِلْبَصَرِ، وَأَحْصَنُ لِلْفَرْجِ، وَمَنْ لَمْ يَسْتَطِعْ فَعَلَيْهِ بِالصَّوْمِ، فَإِنَّهُ لَهُ وِجَاءٌ».

„Кој има можност да се ожени, нека го стори тоа, бидејќи тоа најдобро го чува погледот и ја

штити чедноста. А кој не може, нека пости, бидејќи постот е заштита за него.“[1]

- Мажот да не гледа во интимниот дел на друг маж. Ебу Сеид ел Худри, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَنْظُرُ الرَّجُلُ إِلَى عَوْرَةِ الرَّجُلِ، وَلَا المَرْأَةُ إِلَى عَوْرَةِ المَرْأَةِ، وَلَا يُفْضِي الرَّجُلُ إِلَى الرَّجُلِ فِي ثَوْبٍ وَاحِدٍ، وَلَا تُفْضِي المَرْأَةُ إِلَى المَرْأَةِ فِي الثَّوْبِ الوَاحِدِ».

„Мажот не треба гледа во интимниот дел од телото на друг маж, а жената не треба да гледа во интимниот дел од телото на друга жена. Исто така, мажот не треба да лежи со друг маж под иста покривка и жената не треба да лежи со друга жена под истата покривка.“[2]

- Да не се посетуваат порнографски страници, ниту да не се комуницира со лошо друштво од мажи и жени.

- Раздвојување на малите деца во постелите – без разлика дали се машки или женски – кога ќе наполнат десет години. Од Абдулах бин Амр бин ел-Ас, радијаллаху анхума, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«مُرُوا أَوْلَادَكُمْ بِالصَّلَاةِ وَهُمْ أَبْنَاءُ سَبْعِ سِنِينَ، وَاضْرِبُوهُمْ عَلَيْهَا وَهُمْ أَبْنَاءُ عَشْرٍ، وَفَرِّقُوا بَيْنَهُمْ فِي المَضَاجِعِ».

---

1 Го бележат Бухари, бр. (1905), и Муслим, бр. (1400).
2 Го бележи Муслим со број (338).

„Наредете им на вашите деца да го клањаат намазот кога ќе наполнат седум години, а казнете ги ако одбијат кога ќе наполнат десет години, и раздвојте ги во постелите.“[1]

- Предупредување за последицата од големиот грев на содомијата на овој и на идниот свет.

- Потполна грижа за всадување на исправното верување, зацврстување на неговите темели и негово постојано негување во душите на поединците и заедниците: бидејќи девијацијата во однесувањето во многу случаи произлегува токму од недостаток во верувањето.

## Прекинување на постот во ден од месецот Рамазан без оправдана причина

Возвишениот Аллах го пропишал постот во месецот Рамазан за верниците, и вели:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ كُتِبَ عَلَيۡكُمُ ٱلصِّيَامُ كَمَا كُتِبَ عَلَى ٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِكُمۡ لَعَلَّكُمۡ تَتَّقُونَ 183﴾

„О, верници! Ви се пропишува пост, како што им е пропишан и на тие пред вас, за да бидете богобојазливи.“ (Ел Бекаре, 183)

Постот во месецот рамазан е еден од столбовите на исламот. Од Абдулах бин Омер, радијаллаху анхума, се пренесува дека

[1] Го бележи Ебу Давуд, бр. (495).

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«بُنِيَ الإِسْلَامُ عَلَى خَمْسٍ: شَهَادَةِ أَنْ لَا إِلَهَ إِلَّا اللَّهُ وَأَنَّ مُحَمَّدًا رَسُولُ اللَّهِ، وَإِقَامِ الصَّلَاةِ، وَإِيتَاءِ الزَّكَاةِ، وَالحَجِّ، وَصَوْمِ رَمَضَانَ».

„Исламот се темели врз пет (столба): Сведоштвото дека нема друго божество достојно за обожување освен Аллах и дека Мухамед е Божјиот пратеник, клањањето намаз, давањето зекат, аџилакот и постот во месецот рамазан.“[1]

Оној кој намерно ќе го прекине постот во месецот рамазан, или во еден ден од него, без оправдана причина, тој Му се спротивставил на Севишниот Аллах, прекршил еден од столбовите на верата и направил еден од големите гревови.

Хафизот Зехеби, Аллах нека му се смилува, рекол: „Кај верниците е познато и утврдено дека оној кој го остава постот во месецот Рамазан без болест или оправдана причина е полош од блудникот, неправедниот прибирач на данок и пијаницата; дури се сомневаат во неговиот ислам и го сметаат за склон кон ерес и девијација.“[2]

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (8), и Муслим, бр. (16).
[2] Види: Фејд ел-Кадир, 4/311.

## Докази:

Доказите за забраната за прекинување на рамазанскиот пост без оправдана причина, како и за одвратноста и големината на тој грев, се многубројни, меѓу нив се и следниве:

Ебу Умаме, радијаллаху анху, пренесува дека го слушнал Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«بَيْنَا أَنَا نَائِمٌ إِذْ أَتَانِي رَجُلَانِ فَانْطَلَقَا بِي، فَإِذَا قَوْمٌ مُعَلَّقُونَ بِعَرَاقِيبِهِمْ (أَيْ مُؤَخَّرِ القَدَمِ)، مُشَقَّقَةٌ أَشْدَاقُهُمْ (أَيْ جَانِبُ الفَمِ) تَسِيلُ أَشْدَاقُهُمْ دَمًا، قُلْتُ: مَنْ هَؤُلَاءِ؟ قَالَ: هَؤُلَاءِ الَّذِينَ يُفْطِرُونَ قَبْلَ تَحِلَّةِ صَوْمِهِمْ».

„Додека спиев, ми пријдоа двајца мажи и ме поведоа со себе. Таму видов група луѓе, обесени за петиците. Аглите на устите им беа расцепени и од нив течеше крв.

Прашав: ‚Кои се овие луѓе?‘

Тој одговори: ‚Тоа се оние што го прекинуваат својот пост пред пропишаното време.‘“[1]

Пренесени се и неколку преданија дека асхабите, радијаллаху анхум, ги казнувале оние кои без оправдана причина го прекинувале постот во Рамазан. Меѓу нив е и преданието од Омер бин ел-Хатаб, радијаллаху анху, дека му донеле еден старец кој пиел алкохол во Рамазан, па тој рекол: „За ноздрите! За

[1] Го бележи Несаи во делото Ел-Кубра под бр. (3273) скратено.

ноздрите! – а тоа е звук кој излегува од ноздрите на магарето – и нашите деца постат – што значи, нашите најмали постат, а ти не постиш –, потоа го казни со осумдесет удари, и го протера во Шам.“

Од Али бин ебу Талиб, радијаллаху анху, се пренесува, дека му донеле човек кој пиел алкохол во Рамазан, па го удрил со осумдесет удари, а потоа следниот ден со дваесет, и рекол: „Те удривме дваесет пати поради твојата дрскост кон Аллах и твоето прекршување на постот во Рамазан.“

Али бин ебу Талиб, радијаллаху анху, исто така, раскажува: „Кој намерно ќе го прекине постот во еден ден од месецот Рамазан, нема да го надомести тој ден дури и да пости до крајот на неговиот живот.“

- Ибн Месуд, радијаллаху анху, пренесува: „Кој ќе го прекине постот во еден ден од месецот Рамазан без оправдана причина, постот на целиот живот нема да му биде доволен како надомест, дури и да го пости целиот.“[1]

---

1 Ел-Мухала на Ибн Хазм, (4/311).

## Штетни последици:

Непостењето во месецот Рамазан без оправдана причина содржи бројни штети, меѓу кои се:

- Оставање на еден столб од столбовите на исламот.
- Потценување на Аллаховите наредби.
- Дрскоста во спротивставувањето на наредбата на Возвишениот Аллах и омрсувањето пред луѓето, а тоа е причина таквиот да не ја заслужи прошката од Возвишениот Аллах. Не може да се знае дека се омрсил оној кој е дрзок кон Аллах, освен ако тој самиот не го обелодени тоа со зборови или со дела. Се пренесува од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели:

«كُلُّ أُمَّتِي مُعَافى إِلَّا المُجَاهِرِيْنَ».

„Ќе им биде простено на сите мои следбеници, освен оние кои јавно ќе го разгласат (гревот).“[1]

- Поттикнување на другите да го шират овој грев, а Аллах за тоа се заканил со казна. Возвишениот вели:

﴿إِنَّ ٱلَّذِينَ يُحِبُّونَ أَن تَشِيعَ ٱلۡفَٰحِشَةُ فِي ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَهُمۡ عَذَابٌ أَلِيمٞ فِي ٱلدُّنۡيَا وَٱلۡأٓخِرَةِۚ وَٱللَّهُ يَعۡلَمُ وَأَنتُمۡ لَا تَعۡلَمُونَ 19﴾

---

[1] Го бележат Бухари, бр. (6069), и Муслим, бр. (2990).

„Тие што сакаат за верниците да се шират бесрамни гласини, ги чека тешка казна и на овој и на оној свет, Аллах знае сѐ, а вие не знаете.“ (Ен Нур, 19)

**Заштита:**

Начини на заштита од прекинување на постот во месецот Рамазан без оправдана причина:

- Навикнување на пост од мали нозе. Рубејји‘ бинт Муавиз, радијаллаху анха, раскажува:

أَرْسَلَ النَّبِيُّ ﷺ غَدَاةَ عَاشُورَاءَ إِلَى قُرَى الأَنْصَارِ «مَنْ أَصْبَحَ مُفْطِرًا، فَلْيُتِمَّ بَقِيَّةَ يَوْمِهِ وَمَنْ أَصْبَحَ صَائِمًا، فَلْيَصُمْ» قَالَتْ: فَكُنَّا نَصُومُهُ بَعْدُ، وَنُصَوِّمُ صِبْيَانَنَا، وَنَجْعَلُ لَهُمُ اللُّعْبَةَ مِنَ العِهْنِ -أَيْ الصُّوفِ-، فَإِذَا بَكَى أَحَدُهُمْ عَلَى الطَّعَامِ أَعْطَيْنَاهُ ذَاكَ حَتَّى يَكُونَ عِنْدَ الإِفْطَارِ.

„Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, наутро на денот Ашура, испрати гласник во селата на енсариите да објави: ‚Кој го започнал денот не постејќи, нека го пости остатокот од денот, а кој го започнал денот постејќи, нека продолжи да пости.“

Таа продолжува: „Потоа, ние го постевме тој ден и ги навикнувавме нашите деца да постат. Им правевме играчки од волна, па кога некое од нив ќе заплачеше за храна, му ја дававме за да се занимава сѐ до времето на ифтарот.“[1]

[1] Го бележат Бухари, бр. (1960), и Муслим, бр. (1136).

- Воспитување на душата на трпение. Од Ебу Сеид ел Худри, радијаллаху анху, се пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«وَمَنْ يَتَصَبَّرْ يُصَبِّرْهُ اللَّهُ».

„А кој се труди да биде трпелив, Аллах ќе го направи трпелив.“[1]

– Поттикнување на душата со надеж во големата награда што ја има кај Аллах за постот. Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«قَالَ اللَّهُ: كُلُّ عَمَلِ ابْنِ آدَمَ لَهُ، إِلَّا الصِّيَامَ، فَإِنَّهُ لِي وَأَنَا أَجْزِي بِهِ».

„Возвишениот Аллах вели: ‚Секое дело што го прави синот Адемов, му припаѓа нему, освен постот! Навистина, постот е Мој и Јас го наградувам за него.‘“[2]

Сехл бин Сад, радијаллаху анху, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«إِنَّ فِي الجَنَّةِ بَابًا يُقَالُ لَهُ الرَّيَّانُ، يَدْخُلُ مِنْهُ الصَّائِمُونَ يَوْمَ القِيَامَةِ، لَا يَدْخُلُ مِنْهُ أَحَدٌ غَيْرُهُمْ، يُقَالُ: أَيْنَ الصَّائِمُونَ؟ فَيَقُومُونَ لَا يَدْخُلُ مِنْهُ أَحَدٌ غَيْرُهُمْ، فَإِذَا دَخَلُوا أُغْلِقَ فَلَمْ يَدْخُلْ مِنْهُ أَحَدٌ».

„Во Џенетот има една врата која се вика Ер-Рејан. На Судниот ден низ неа ќе влегуваат само постачите – никој друг нема да влезе преку таа

[1] Го бележат Бухари, бр. (1960), и Муслим, бр. (1136).
[2] Го бележат Бухари, бр. (1904), и Муслим, бр. (1151).

врата. Ќе се повика: ‚Каде се постачите?‘ – и тие ќе станат и ќе влезат. Кога ќе влезат, вратата ќе се затвори и никој друг нема да може да влезе преку неа.“[1]

## Исмејување и подбивање

Потсмевањето на муслиманот со својот брат муслиман и неговото исмејување спаѓа во големите гревови. Тоа е една од особините на неверниците и лицемерите, а на оној што го прави тоа му се заканува строга казна. Гревот за ова дело е уште поголем доколку е сторено кон добрите и побожни Аллахови робови.

Потсмевањето на муслиманот со својот брат има многу форми, меѓу кои се неговото омаловажување и потценување, и укажувањето на неговите мани и недостатоци за да му се смеат другите. Тоа може да биде преку имитирање со дело, збор или гест, или со смеење на неговиот говор кога ќе се збуни или ќе згреши, на неговиот занает, или на неговиот грд изглед, и сè друго што содржи омаловажување.

## Докази:

Докази дека е забрането исмејувањето и потсмевањето на муслиманите:

Возвишениот Аллах вели:

[1] Го бележат Бухари, бр. (1896), и Муслим, бр. (1152).

﴿زُيِّنَ لِلَّذِينَ كَفَرُواْ ٱلۡحَيَوٰةُ ٱلدُّنۡيَا وَيَسۡخَرُونَ مِنَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْۘ وَٱلَّذِينَ ٱتَّقَوۡاْ فَوۡقَهُمۡ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِۗ وَٱللَّهُ يَرۡزُقُ مَن يَشَآءُ بِغَيۡرِ حِسَابٖ 212﴾

„Животот на овој свет им е разубавен на неверниците и тие им се потсмеваат на верниците. А на Судниот ден, тие што се плашеле од Аллах, ќе бидат над нив! А Аллах снабдува кого сака, без сметка.“ (Ел Бекаре, 212)

Ес-Саʻди, Аллах нека му се смилува, рекол: „Возвишениот известува дека на оние кои не веруваат во Аллах, во Неговите знаменија и во Неговите пратеници, и кои не се покоруваат на Неговиот шеријат, животот на овој свет им е разубавен — тој им изгледа убав во нивните очи и срца. Затоа се задоволни со него, се чувствуваат спокојно на него, па сите нивни страсти, желби и дела стануваат насочени кон него. Целосно му се посветуваат, се трудат за неговото стекнување и го величаат, како и оние што постапуваат како нив, додека верниците ги презираат и им се потсмеваат, велејќи: „Зар овие Аллах ги почести со милост, покрај нас?“[1]

Ова произлегува од слабоста на нивниот разум и нивното кусогледо сфаќање, бидејќи овој свет е место на искушенија и испит. На него ги снаоѓаат тешкотии и верниците и неверниците. Но верникот, дури и кога ќе го снајде неволја, е трпелив и очекува награда, па

1 Тефсир Ес-Саʻди, стр. 95.

Аллах преку неговото верување и трпение му ја олеснува тагата на начин каков што никому друг не му е даден.

Суштината, вистинската предност и вистинската вредност се на оној, вечниот свет; затоа Возвишениот Аллах вели:

﴿وَٱلَّذِينَ ٱتَّقَوۡاْ فَوۡقَهُمۡ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِۗ﴾

„Тие што се плашеле од Аллах, ќе бидат над нив на Судниот ден.“ Така, богобојазливите ќе бидат на највисоките степени, уживајќи во секакви благодати, радост и веселба, а неверниците ќе бидат под нив, на најниските степени, казнувани со разни видови мачење, понижување и вечно страдање кое нема крај. Затоа, во овој ајет има утеха за верниците и осуда за неверниците.

Исто така, Возвишениот вели:

﴿ٱلَّذِينَ يَلۡمِزُونَ ٱلۡمُطَّوِّعِينَ مِنَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ فِي ٱلصَّدَقَٰتِ وَٱلَّذِينَ لَا يَجِدُونَ إِلَّا جُهۡدَهُمۡ فَيَسۡخَرُونَ مِنۡهُمۡ سَخِرَ ٱللَّهُ مِنۡهُمۡ وَلَهُمۡ عَذَابٌ أَلِيمٌ 79﴾

„Тие што верниците ги озборуваат затоа што зекат и садака даваат, а им се потсмеваат и на тие што со мака ги даваат, Аллах ќе ги казни за исмејувањето нивно, и нив ги чека неподносливо страдање.“ (Ет Теуба, 79)

Ибн Кесир, Аллах нека му се смилува, рекол: „Ова е една од одликите на лицемерите: никој не е поштеден од нивните критики и клевети во сите околности, дури ни оние што даваат

милостина. Ако некој од нив донесе голем имот, тие велат: ,Овој го прави тоа само за да се прикаже.' А кога би донел нешто малку, според својот труд и можности, велат: ,Возвишениот Аллах нема потреба од садаката на овој.' Неговите зборови: „...тие им се потсмеваат, а и Аллах ним им се потсмева...“ се еден вид возвраќање за нивните лоши дела и за нивното исмејување на верниците; бидејќи казната е од ист вид како и делото. Па, Тој постапува со нив на начин како некој што им се потсмева, во одбрана на верниците на овој свет, а за лицемерите на Ахирет подготвил болна казна.[1]

Возвишениот вели:

﴿إِنَّهُۥ كَانَ فَرِيقٞ مِّنۡ عِبَادِي يَقُولُونَ رَبَّنَآ ءَامَنَّا فَٱغۡفِرۡ لَنَا وَٱرۡحَمۡنَا وَأَنتَ خَيۡرُ
ٱلرَّٰحِمِينَ 109 فَٱتَّخَذۡتُمُوهُمۡ سِخۡرِيًّا حَتَّىٰٓ أَنسَوۡكُمۡ ذِكۡرِي وَكُنتُم مِّنۡهُمۡ تَضۡحَكُونَ
110 إِنِّي جَزَيۡتُهُمُ ٱلۡيَوۡمَ بِمَا صَبَرُوٓاْ أَنَّهُمۡ هُمُ ٱلۡفَآئِزُونَ 111﴾

„Кога некои робови Мои велеа: ,Господару мој, ние веруваме, затоа прости ни и смилувај ни се, бидејќи Ти си Најмилостивиот!'

Вие толку ги исмејувате, што поради тоа на Мене заборавивте и секогаш им се потсмевате.

Нив денес Јас ги наградив за тоа што трпеа, тие навистина успеаја.“ (Ел Муминун, 109-111)

Возвишениот исто така вели:

---

[1] Тефсир на Ибн Кесир, 4/184, преработено и скратено.

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا يَسۡخَرۡ قَوۡمٞ مِّن قَوۡمٍ عَسَىٰٓ أَن يَكُونُواْ خَيۡرٗا مِّنۡهُمۡ وَلَا نِسَآءٞ مِّن نِّسَآءٍ عَسَىٰٓ أَن يَكُنَّ خَيۡرٗا مِّنۡهُنَّۖ وَلَا تَلۡمِزُوٓاْ أَنفُسَكُمۡ وَلَا تَنَابَزُواْ بِٱلۡأَلۡقَٰبِۖ بِئۡسَ ٱلِٱسۡمُ ٱلۡفُسُوقُ بَعۡدَ ٱلۡإِيمَٰنِۚ وَمَن لَّمۡ يَتُبۡ فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ 11﴾

„О, верници, мажите едни на други нека не им се потсмеваат, можеби едните се подобри од нив, а ниту жените на други жени, можеби тие се подобри од нив. И не прекорувајте се едни со други и не нарекувајте се едни со други со грди прекари! О, колку е грдо грешничкото име по верувањето! А тие што нема да се покајат – самите на себеси неправда си чинат.“ (Ел Хуџурат, 11)

Ајет:

﴿إِنَّ ٱلَّذِينَ أَجۡرَمُواْ كَانُواْ مِنَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ يَضۡحَكُونَ 29 وَإِذَا مَرُّواْ بِهِمۡ يَتَغَامَزُونَ 30 وَإِذَا ٱنقَلَبُوٓاْ إِلَىٰٓ أَهۡلِهِمُ ٱنقَلَبُواْ فَكِهِينَ 31 وَإِذَا رَأَوۡهُمۡ قَالُوٓاْ إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ لَضَآلُّونَ 32 وَمَا أُرْسِلُوا عَلَيْهِمْ حَافِظِينَ 33 فَالْيَوْمَ الَّذِينَ آمَنُوا مِنَ الْكُفَّارِ يَضْحَكُونَ 34 عَلَى ٱلۡأَرَآئِكِ يَنظُرُونَ 35 هَلۡ ثُوِّبَ ٱلۡكُفَّارُ مَا كَانُواْ يَفۡعَلُونَ 36﴾

„„Грешниците им се смеат на тие што веруваат.

Кога крај нив поминуваат, едни на други си намигнуваат,

а кога кај семејствата свои се враќаат, правејќи шеги се враќаат;

кога ќе ги видат, тогаш велат: ,Овие навистина заталкале!'

а тие не се пратени да ги чуваат

Денес, тие што веруваа, на неверниците ќе им се потсмеваат,

од диваните ќе гледаат
Зарем неверниците ќе бидат казнети поинаку, освен според тоа како што постапувале?!“ (Ел Мутафифин, 29-36)

Ес-Са‘ди, Аллах нека му се смилува, рекол: „Возвишениот известува дека грешниците на овој свет им се потсмевале на верниците, ги исмејувале, им се смееле и си намигнувале едни на други кога поминувале покрај нив, презирајќи ги и омаловажувајќи ги. И покрај тоа, тие биле спокојни, а стравот не им доаѓал на ум. ‚А кога ќе се вратеа кај семејствата свои' – наутро или навечер – ‚се враќаа весели', односно радосни и задоволни. Ова е еден од најголемите облици на самозалажување: тие го спојуваат врвот на злоделото со чувството на сигурност на овој свет, како да им дошла Книга од Аллах и завет дека тие се најголемите среќници. И самите за себе пресудиле дека тие се на Вистинскиот пат, а дека верниците застраниле од правиот пат, што претставува клевета против Аллах и дрскост да се зборува за Него без знаење. Возвишениот вели: „Тие не се испратени да бдеат над нив.“ Односно, тие не се испратени како надзорници над верниците, задолжени да ги бележат нивните дела, па да настојуваат да ги обвинуваат за заблуда. Тоа од нивна страна не е ништо друго освен тврдоглавост, инает и поигрување, за кое

немаат ниту основа ниту доказ. Затоа и нивната награда на Ахирет ќе биде соодветна на нивните дела. Возвишениот вели: „На тој ден“, т.е. на Судниот ден, „верниците ќе им се смеат на неверниците“, кога ќе ги видат како се превртуваат во маките на казната, а она што го измислуваа ќе го снема. А верниците ќе бидат во најголема удобност и спокојство „на украсени дивани“, а тоа се украсени престоли, „ќе гледаат“ во она што Аллах им го подготвил од уживања, и ќе гледаат во лицето на својот Благороден Господар.“[1]

„Дали на неверниците им е возвратено за она што го правеа?“ т.е. дали им е возвратено соодветно на нивните дела? Па, како што тие на овој свет им се смееја на верниците и ги обвинуваа за заблуда, така верниците ќе им се смеат на идниот свет и ќе ги видат во страдање и казна, што е казна за нивната непослушност и заблуда. Да, наградени се (т.е. им е возвратено) за она што го правеа, со праведност и мудрост од Аллах, а Аллах е Сезнаен и Мудар.

Ебу Зерр, радијаллаху анху, рекол:

كَانَ بَيْنِي وَبَيْنَ رَجُلٍ مِنْ إِخْوَانِي كَلَامٌ، وَكَانَتْ أُمُّهُ أَعْجَمِيَّةً، فَعَيَّرْتُهُ بِأُمِّهِ، فَشَكَانِي إِلَى النَّبِيِّ ﷺ، فَلَقِيتُ النَّبِيَّ ﷺ فَقَالَ: «يَا أَبَا ذَرٍّ، إِنَّكَ امْرُؤٌ فِيكَ جَاهِلِيَّةٌ»، قُلْتُ: يَا رَسُولَ اللَّهِ، مَنْ سَبَّ الرِّجَالَ سَبُّوا أَبَاهُ وَأُمَّهُ، قَالَ: «يَا أَبَا ذَرٍّ، إِنَّكَ امْرُؤٌ فِيكَ جَاهِلِيَّةٌ...».

[1] Тефсир Ес-Са‘ди, стр: (916).

„Имаше расправија меѓу мене и еден од моите браќа. Неговата мајка беше неарапка, па го навредив поради неговата мајка. Тој се пожали на мене кај Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем. Го сретнав Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и тој рече: ,О, Ебу Зерр, ти си човек во кој има џахилиет!' Јас реков: ,О, Божји пратенику, кој ги навредува луѓето, тие му ги навредуваат таткото и мајката.' Тој рече: ,О, Ебу Зерр, ти си човек во кој има џахилиет...'"[1]

И од Ебу Хурејре, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«المُسْلِمُ أَخُو المُسْلِمِ، لَا يَظْلِمُهُ وَلَا يَخْذُلُهُ، وَلَا يَحْقِرُهُ، التَّقْوَى هَاهُنَا -وَيُشِيرُ إِلَى صَدْرِهِ ثَلَاثَ مَرَّاتٍ- بِحَسْبِ امْرِئٍ مِنَ الشَّرِّ أَنْ يَحْقِرَ أَخَاهُ المُسْلِمَ، كُلُّ المُسْلِمِ عَلَى المُسْلِمِ حَرَامٌ، دَمُهُ، وَمَالُهُ، وَعِرْضُهُ».

„Муслиманот е брат на муслиманот – не му прави зулум, не го напушта (во неволја) и не го понижува. Богобојазливоста е овде! – и покажа кон градите трипати – Доволно зло за човекот е да го понижува својот брат муслиман. Забранети му се на секој муслиман спрема другиот муслиман: крвта, имотот и честа."[2]

## Штетни последици:

Штетни последици од исмејувањето на муслиманот и подбивање со него:

[1] Го бележат Бухари, бр. (30), и Муслим, бр. (1661).
[2] Муслим, бр. (2564).

- Тоа е непослушност кон Аллах и спаѓа во големите гревови.

- Сторителот на тоа дело станува грешник, што повлекува отфрлање на неговото сведоштво, како што вели Куртуби откако ги спомнал зборовите на Возвишениот:

﴿يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا يَسۡخَرۡ قَوۡمٞ مِّن قَوۡمٍ عَسَىٰٓ أَن يَكُونُواْ خَيۡرٗا مِّنۡهُمۡ...﴾

„О, верници, мажите едни на други нека не им се потсмеваат, можеби едните се подобри од нив...“ Па се до Неговите зборови:

﴿...بِئۡسَ ٱلِٱسۡمُ ٱلۡفُسُوقُ بَعۡدَ ٱلۡإِيمَٰنِ...﴾

„,О, колку е грдо грешничкото име по верувањето!“ (Ел Хуџурат, 11) Рекол: „Речено е: Значењето е дека оној кој ќе му даде прекар на својот брат или ќе му се потсмева, таквиот е грешник.“[1]

- Тоа е одлика на неверниците и лицемерите, зашто нивен обичај е потсмевањето со верниците во секое време.

- Тоа го наведува оној што се потсмева да се занимава со оној кому му се потсмева, сè додека не заборави на она што Аллах му го наложил како обврска: Неговото обожување и спомнување, како што вели Возвишениот:

﴿فَٱتَّخَذۡتُمُوهُمۡ سِخۡرِيًّا حَتَّىٰٓ أَنسَوۡكُمۡ ذِكۡرِي...﴾

[1] Тефсир на Ел Куртуби, 16/328.

„Вие толку ги исмејувате, што поради тоа на Мене заборавивте...“ (Ел Муминун, 110).

- Честопати е поврзано со забранетото озборување; тоа е пат кој неминовно води кон него, бидејќи оној што се потсмева, најчесто се потсмева и се подбива со другиот во негово отсуство.

- Дека честопати потсмевањето и исмејувањето се резултат на омаловажувањето на луѓето, што е дел од презрената вообразеност, а на оној што ја поседува му е ветена болна казна. Во вродостоен хадис, од Абдулах бин Месуд, радијаллаху анху, се пренесува, дека Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол:

«لَا يَدْخُلُ الجَنَّةَ مَنْ كَانَ فِي قَلْبِهِ مِثْقَالُ ذَرَّةٍ مِنْ كِبْرٍ»، قَالَ رَجُلٌ: إِنَّ الرَّجُلَ يُحِبُّ أَنْ يَكُونَ ثَوْبُهُ حَسَنًا وَنَعْلُهُ حَسَنَةً، قَالَ: «إِنَّ اللَّهَ جَمِيلٌ يُحِبُّ الجَمَالَ، الكِبْرُ بَطَرُ الحَقِّ وَغَمْطُ النَّاسِ».

„Нема да влезе во Џенетот оној што во своето срце има вообразеност макар и колку зрно од синап.“ Еден човек праша: „Човекот сака да носи убава облека и убави обувки?“, на што Божјиот Пратеник одговори: „Аллах е Убав и ја сака убавината. Вообразеноста е отфрлање на вистината и понижување на луѓето.“[1] Отфрлање на вистината: нејзино одбивање и негирање од

[1] Го бележи Муслим со број (91).

вообразеност и ароганција. Омаловажување на луѓето: нивно потценување.

- Тоа е една од најголемите причини за ширење на непријателство и омраза помеѓу членовите на заедницата, а може да биде и причина за меѓусебни судири и убиства.

- Тоа може да биде потсмевање со созданието на Аллах; особено кога човек се потсмева на друг поради нешто во неговото создание, како што е неговиот изглед, глас или боја.

- Исмејувањето и подбивањето ја намалуваат сериозноста на потсмевачот и му го рушат угледот.

## Заштита:

Начини на заштита од исмејување и подбивање:

- Стравопочит кон Аллах и страв од Неговата жестока казна, која произлегува од непослушноста кон Него.

- Човекот да се занимава со она што му носи корист за неговата вера и дуњалук, за да не си остави простор да се занимава со недостатоците на неговите браќа.

- Напуштање на вообразеноста и омаловажувањето на луѓето; бидејќи многу од оние кои им се потсмеваат на другите, на тоа ги наведува само нивната вообразеност и омаловажување на своите браќа.

- Избегнување на лошото друштво, кое можеби е причина за тоа; бидејќи нивните собири не поминуваат без потсмев со луѓето, кој тие го сметаат за начин на забава.

- Да знае дека благодатите што ги има се од Аллах, и дека Аллах може да му ги одземе и да го доведе во полоша состојба од оној на кој му се потсмева.

- Човекот да го опомене другиот кога ќе го види како ги исмејува своите браќа и да не се согласува со неговата постапка; за да не продолжи со таквото однесување.

# Содржина


Речник на големите гревови ........ 2

Речник на големи гревови ........ 2

Вовед ........ 2

Вовед ........ 4

Дефиниција на голем и мал грев: ........ 5

Разликата помеѓу големите и малите гревови: ........ 6

Верските и овоземните опасности и штети од големите гревови: ........ 8

Ставот на следбениците на Сунетот во поглед на сторителот на голем грев и хадисите за предупредување и закана: ........ 16

Како да се справиме со големите гревови и како да ги лекуваме: ........ 18

Ширкот (да изедначиш некого/нешто со Аллах) ........ 24

Многубројни се доказите за забраната на ширкот и појаснувањето на неговата грдост и тежината на тој грев, меѓу нив се: ........ 25

Ширкот има многубројни опасни последици, од кои: ........ 26

Начини на заштита од ширкот (многубоштвото): ........ 29

Лажењето (клеветењето) за Аллах и за Неговиот пратеник ........ 31

Доказите за забраната на лагата за Аллах и Неговиот Пратеник, и за тежината и одвратноста на тој грев, се многубројни, меѓу нив се: ........ 32

Штетите од лажењето за Аллах и Неговиот Пратеник се многубројни, а меѓу нив се: ........ 35

Начини на заштита од изнесување лаги кои им се припишуваат на Аллах и Неговиот пратеник: ........ 36

Бидат - новотарија ........ 38

Знај дека секоја новотарија во верата е забранета и дека претставува заблуда, а заблудата и нејзините следбеници се во Огнот. Доказите за нејзината забрана се многубројни, а ние ќе наведеме некои од нив: ..................... 40
Новотаријата во верата опфаќа неколку опасности и штети, а меѓу нив се: ..................... 42
Заштита: ..................... 44
Преправањето (рија) ..................... 46
Докази: ..................... 47
Штетни последици: ..................... 48
Заштита: ..................... 53
Оставање на намазот ..................... 56
Докази: ..................... 57
Штетни последици: ..................... 59
Заштита: ..................... 62
Недавање на зекатот ..................... 65
Докази: ..................... 66
Штетни последици: ..................... 70
Заштита: ..................... 71
Блуд (прељуба, вонбрачен полов однос) ..................... 72
Докази: ..................... 73
Штетни последици: ..................... 77
Заштита: ..................... 78
Кражбата ..................... 81
Докази: ..................... 81
Штетни последици: ..................... 84
Заштита: ..................... 86
Консумирањето алкохол ..................... 87
Докази: ..................... 88
Штетни последици: ..................... 91

Заштита: ........................................................................ 93
Каматата ........................................................................ 94
Докази: ........................................................................ 96
Штетни последици: ........................................................................ 98
Заштита: ........................................................................ 101
Непослушноста кон родителите ........................................................................ 103
Докази: ........................................................................ 105
Штетни последици: ........................................................................ 106
Заштита: ........................................................................ 108
Прекинувањето на роднинските врски ........................................................................ 112
Докази: ........................................................................ 113
Штетни последици: ........................................................................ 115
Заштита: ........................................................................ 117
Гатањето, прорекувањето на иднината, астрологијата и одењето кај оние кои се занимаваат со овие зла ........................................................................ 119
Докази: ........................................................................ 121
Штетни последици: ........................................................................ 125
Заштита: ........................................................................ 128
Изработка на скулптури ........................................................................ 130
Докази: ........................................................................ 131
Штетни последици: ........................................................................ 134
Заштита: ........................................................................ 136
Хомосексуализам ........................................................................ 137
Докази: ........................................................................ 138
Штетни последици: ........................................................................ 139
„Хомосексуалноста предизвикува грижа, тага и отуѓување кај сторителот и кај оној врз кого се врши.“ ........................................................................ 140
Заштита: ........................................................................ 141

Прекинување на постот во ден од месецот Рамазан без оправдана причина ........ 143
Докази: ........ 145
Штетни последици: ........ 147
Заштита: ........ 148
Исмејување и подбивање ........ 150
Докази: ........ 150
Штетни последици: ........ 157
Заштита: ........ 160

mk372v3.0 - 04/09/2026